СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Pestalozzi Children's Foundation

# ВОДИЧ

## ЗА УЧЕНИЧКО УЧЕСТВО, УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА



# ВОДИЧ

## ЗА УЧЕНИЧКО УЧЕСТВО, УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Овој документ е подготвен во рамките на проектот „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“, поддржан од страна на Детската фондација Песталоци, а имплементиран од страна на Коалицијата на младински организации СЕГА во соработка со Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука. Мислењата изразени во овој документ им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на Детската фондација Песталоци.

**Наслов**
Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основните училишта

**Издавач**
Коалиција на младински организации СЕГА

**Автори**
Митко Чешларов, Биро за развој на образованието
Ајше Ајрулаи, Биро за развој на образованието
Оливер Станојоски, Биро за развој на образованието
Зоран Илиески, Коалиција на младински организации СЕГА
Томислав Гајтаноски, Коалиција на младински организации СЕГА
Моника Илиоска Кантарџиоска, Коалиција на младински организации СЕГА

**Соработници**
Теодора Столевска
Марија Нашоковска

**Лектура**
Катица Трајкова

**Дизајн**
Бригада Дизајн

**Печатница**
Ацетони

**Тираж:**
500 копии

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

373.3:342.7-053.2(497.7)(036)
373.3.062(497.7)(036)

ВОДИЧ за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основните училишта / [автори Митко Чешларов ... и др.]. - Прилеп : Коалиција на младински организации СЕГА, 2020. - 71 стр. : табели ; 30 см

Фусноти кон текстот. - Други автори: Ајше Ајрулаи, Оливер Станојоски, Зоран Илиески, Томислав Гајтаноски, Моника Илиоска Кантарџиоска. - Содржи и: Прилози 1-16

ISBN 978-608-4631-12-5

1.Чешларов, Митко [автор] 2. Ајрулаи, Ајше [автор] 3. Станојоски, Оливер [автор] 4. Илиески, Зоран [автор] 5. Гајтаноски, Томислав [автор] 6. Илиоска Кантарџиоска, Моника [автор]
а) Права на децата - Заштита - Основни училишта - Македонија - Водичи б) Ученици - Парицијпација - Основни училишта - Македонија - Водичи
COBISS.MK-ID 111977738

СИТЕ ПОИМИ КОИ ВО ДОКУМЕНТОТ СЕ УПОТРЕБЕНИ ВО МАШКИ ГРАМАТИЧКИ РОД ОПФАЌААТ МАШКИ И ЖЕНСКИ ПОЛ НА ЛИЦАТА НА КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ.

# СОДРЖИНА


1. ВОДИЧ ЗА УЧЕНИЧКО УЧЕСТВО, УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ..... 4
   1.1. ВОВЕД И ЦЕЛ НА ВОДИЧОТ ..... 4
      1.1.1.Конвенција за правата на детето ..... 5
      1.1.2Како настанала Конвенцијата за правата на детето? ..... 5
      1.1.3Како децата и младите да дознаат повеќе за своите права? ..... 6
   1.2.УЧЕСТВО НА УЧЕНИЦИТЕ ..... 7
      1.2.1Принцип на активно учество на учениците во животот на училиштето ..... 7
      1.2.2Видови на учество на децата и младите ..... 8
2. МОДЕЛИ НА УЧЕНИЧКО УЧЕСТВО И ЗАШТИТА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА ВО РАМКИ НА УЧИЛИШТЕТО ..... 12
   2.1.ЗАЕДНИЦА НА ПАРАЛЕЛКА ..... 12
      2.1.1 Избор на претседател на заедницата на паралелката ..... 12
      2.1.2 Процедура за избор на претседател на заедницата на паралелката ..... 13
      2.1.3 Разрешување на претседателот на заедницата на паралелката ..... 14
      2.1.4 Функционирање на заедницата на паралелката ..... 15
   2.2. УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ ..... 15
      2.2.1. Избор на претседател на ученичкиот парламент ..... 16
      2.2.2 Предвремен престанок на мандатот на претседателот на ученичкиот парламент ..... 16
      2.2.3 Предлог-тела на училишниот парламент ..... 16
      2.2.4 Надлежности на ученичкиот парламент ..... 16
   2.3. ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ ..... 17
      2.3.1 Постапка за избор на ученички правобранител ..... 18
      2.3.2 Мандат на ученичкиот правобранител ..... 19
      2.3.3 Процедура за поднесување претставки и комуникација со училишниот персонал ..... 19
   2.4. НАСОКИ И ОСНОВНИ ДОКУМЕНТИ ПОТРЕБНИ ЗА УСПЕШНО ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИ РАЊЕ НА УЧЕНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ ..... 20
      2.4.1 Годишен план за работа (Акциски план на активности) ..... 20
      2.4.2 Состаноци на телата на ученичката заедница (ученички парламент, заедница на паралелка, ученички правобранител, други постојани и привремени тела со активно учество на учениците) ..... 20
      2.4.3 Улогата на учениците на состаноците на телото ..... 21
   2.5. КОНКРЕТНИ НАСОКИ ЗА ОБВРСКИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ И СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ ..... 21
3. РЕСУРСИ ЗА ПОДДРШКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ АКТИВНОСТИ ВО УЧИЛИШТЕТО ..... 23
   3.1. КОМУНИКАЦИЈА, ЛИДЕРСТВО И ТИМСКА РАБОТА ..... 23
      3.1.1. Комуникација – вовед ..... 23
      3.1.2. Лидерство – вовед ..... 27
      3.1.3. Тимска работа ..... 28
   3.2. НАСОКИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ЕФЕКТИВНИ СОСТАНОЦИ ..... 30
   3.3. ИСТРАЖУВАЊЕ – КАКО ДА РАЗВИЕТЕ ПРАШАЛНИК ..... 32
   3.4. ДЕБАТА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ..... 35
4. МОДУЛИ ЗА РАБОТИЛНИЦИ И ОБУКИ СО УЧЕНИЦИ ..... 40
   4.1. Работилница: Имам право да ги знам моите права ..... 40
   4.2. Модул за работилница: Моја одлука, твоја одлука ..... 40
   4.3. Модул за работилница: Преземање акција во училиште ..... 41
   4.4. Модул за работилница: Запознавање со Конвенцијата за правата на детето ..... 44
   4.5. Модул за работилница: Принципи на Конвенцијата за правата на детето ..... 46
   4.6. Модул за работилница: Други права од Конвенцијата за правата на детето и улогата на ученичките правобранители ..... 51
   4.7. Модул за работилница за интеркултурно образование ..... 58
5. ПРИЛОЗИ – ФОРМИ НА ДОКУМЕНТИ ..... 59

# 1. ВОДИЧ ЗА УЧЕНИЧКО УЧЕСТВО, УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

## 1.1 ВОВЕД И ЦЕЛ НА ВОДИЧОТ

Оваа публикација претставува водич за примена на членот 68 од Законот за основно образование, усвоен во јули 2019 година, кој се однесува на „Ученичко организирање и учество“. „Водичот за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основните училишта“ (во понатамошниот текст – Водичот) е наменет за сите училишта, заедници на паралелки, ученички заедници и парламенти, одделенски раководители во основните училишта, како и за стручните служби, кои треба да бидат главните носители, поддржувачи и промотори на демократската партиципација на учениците во училиштето. Водичот содржи ресурси за градење капацитети и ефективна примена на детските права во образовниот систем. Ученичкото учество и организирање треба да се интегрираат во статутот на секое училиште во согласност со одредбите во Законот за основно образование, како и со овој документ.

Водичот е подготвен во рамките на проектот „Имплементација на Конвенцијата за правата на детето во Македонија“, спроведен од Коалицијата на младински организации СЕГА во периодот 2011 – 2019, поддржан од Детската фондација Песталоци, а во тесна соработка со Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука. Целта на проектот беше да се зајакнат знаењата и вештините на учениците во основното и средното образование за практикување на детските права, а во корелација со препораките на Комитетот за правата на детето при Организацијата на обединетите нации кон јакнење на учеството на децата во процесите на донесување одлуки. Во изминатиот период СЕГА пилотираше модели за учество на учениците и заштита на детските права во пилот-училишта, основни и средни, врз основа на што овој документ е подготвен.

Во воведниот дел на Водичот се дава кус вовед за тоа зошто е значајно учениците да учат за своите права и што значи активното учество на учениците во животот на училиштето. Потоа се дадени примери на основните форми на организација во училиштето – заедниците на паралелки, ученичката заедница и ученичкиот парламент, како тие би функционирале демократски, како и предлог-процедури за воведување на ученички правобранител во училиштата, којшто како пилот-модел применет со проектот на СЕГА е препознаен и воведен во Законот, што претставува уште еден чекор кон вистинско практикување на демократијата во училиштата и заштитата на детските права.

Анексите на Водичот вклучуваат предлог-модули за работилници и обуки за работа со наставници и ученици за осознавање на вистинското ученичко учество во демократскиот живот на училиштето (со нивно приспособување) со форми и методи како тоа да се поттикнува и да заживее во училиштата.

Исто така, дадени се примери од некои основни документи за планирање на работата на ученичките парламенти, преземање иницијативи, планирање акции, водење записници, подготвување извештаи, форми за обраќање до училишните органи за давање предлози/барања, примери на формулари за спроведување на демократски избори на претставниците во ученичките организации или другите тела во училиштето итн.

Заради ефективна примена на законските одредби за ученичко учество, а согласно со позитивните практики на проектот, се препорачува **секое училиште да формира тим за поддршка на ученичко учество и организирање** (во понатамошниот текст тим за поддршка). Водичот содржи предлог-обврски на наставниците за поддршка на активностите што треба да ги има ученичкиот парламент во училиштето во текот на една учебна година. Исто така, дадени се и предлог-обврски на наставниците и стручните соработници од тимот за поддршка во однос на ученичкиот правобранител и активностите на ученичките правобранители во текот на една учебна година.

### 1.1.1. Конвенција за правата на детето

Конвенцијата за правата на детето е меѓународен договор донесен од страна на Обединетите нации во кој се содржани правата за кои се договориле државите дека им припаѓаат на сите деца насекаде низ светот. Конвенцијата ги утврдува темелните стандарди за добросостојбата на децата во различните фази на нивниот развој. Земјите што ќе ја прифатат (ратификуваат) оваа Конвенција, преземаат обврска да создадат услови за практично остварување на детските права. Тие редовно поднесуваат извештаи до стручниот Комитет за правата на детето при ООН, за мерките што се преземаат за да се сообразат со одредбите на Конвенцијата. Во моментов ова е Конвенција што ја прифатиле најголем број држави во светот.

Оваа Конвенција е првиот универзален правно обврзувачки акт за правата на детето во историјата. Во него се опфатени сите суштински права на детето, коишто дотогаш беа разделени во поголем број меѓународни договори.

Конвенцијата поставува детална рамка за минималните стандарди што се потребни за постигнување на напредокот на децата. Карактеристика на Конвенцијата е дека таа повеќе од кој било друг инструмент за човековите права во себе инкорпорира цел еден спектрум на човекови права: граѓански, политички, економски, социјални и културни и обезбедува целосен развој на потенцијалите на секое дете во атмосфера на слобода, достоинство и праведност. Конвенцијата го дефинира односот меѓу носителите на права (децата) и носителите на обврски (возрасните). Воспоставувањето на статусот „носител на права“ и „носител на должности“ и примената на овој принцип е во суштината на остварувањето на значајни и одржливи промени во животите и перспективите на децата и како таков мора да биде наведен при кое било барање направено од, со или во име на децата. Секогаш треба да се има предвид дека бараните промени не се чин на сожалување, милостина или благонаклонетост, туку остварување на преземената обврска и должностите кон децата. Клучен момент при започнувањето на активности поврзани со застапување на правата на децата е да се постигне оваа транзиција кон согледување на децата како носители на права.

Текстот на Конвенцијата е поделен во четири дела:

**Преамбула** – го поставува контекстот за Конвенцијата;

**Прв дел** (член 1–41) – ги дефинира правата за сите деца;

**Втор дел** (член 42–45) – го разгледува мониторирањето и имплементацијата на Конвенцијата;

**Трет дел** (член 46–54) – ги покрива условите за стапување во сила.

Основното групирање на членовите што се однесуваат на правата на детето е направено според содржината: опстанок, заштита, развој и партиципација.

**Правата што се однесуваат на опстанокот** ги покриваат детските права за живот и потребите, чие задоволување е најнеопходно за постоењето. Во нив спаѓаат правата на соодветниот животен стандард, дом, исхрана и на пристап до здравствени услуги.

**Правата што се однесуваат на развојот** ги вклучуваат оние нешта што им се потребни на децата за да го издигнат својот потенцијал. Тука спаѓаат правото на образование, игра и одмор, културни активности, пристап до информации, слобода на мислење, совест и на вероисповед.

**Правата на заштита** ја наметнуваат законската обврска за заштита на децата од секаков вид злоупотреба, запоставување или искористување. Овие права опфаќаат прашања какви што се: посебна грижа за децата бегалци, мачење, злоупотреба во системот на кривичното право, користење на деца во вооружени судири, детски труд, злоупотреба на психотропни супстанции и сексуално искористување.

**Правата на учество** им овозможуваат на децата да преземат активна улога во општеството. Тука спаѓаат слободата на изразување на своето мислење, правото на глас за прашања што се однесуваат на нивниот живот, правото на здружување и правото на мирно собирање. Јакнењето на способностите на децата треба да води кон сè поголеми можности за нивно учество во активностите на општеството, со што тие ќе се подготвуваат да станат одговорни возрасни граѓани.

**Конвенцијата е интегрален дел на поширокиот систем на човекови права и се однесува на сите аспекти на животот на детето и е правно обврзувачка.**

### 1.1.2. Како настанала Конвенцијата за правата на детето?

Во 1948 година Генералното собрание на Обединетите нации ја усвои Универзалната декларација за човековите права. Разбирливо, во овој пионерски документ беа опфатени и детските права, но набргу по него беше постигнат меѓународен консензус дека посебните потреби на децата треба да се опфатат во одделен документ.

Во 1959 година, Обединетите нации ја усвоија Декларацијата за правата на детето. Таа се состои од 10 права и не била правно обврзувачка за земјите потписнички.

Во 1978 година Владата на Полска поднесе Нацрт-конвенција за детските права до Комисијата за човекови права при Обединетите нации. Во текот на меѓународната Година на детето во 1979 год., Комисијата основа работна група со задача да ги координира разновидните идеи за Нацрт-конвенцијата, што ги доставија владите од сите делови на светот.
На државите им требаше 10 години договарање и преговарање за да можат да постигнат компромис околу правата што треба да ги има секое дете во целиот свет.

На 20 ноември 1989 година, Конвенцијата за правата на детето е довршена и Генералното собрание веднаш ја усвои. Иако во основа го задржа духот на Декларацијата за правата на детето од 1959 год., Конвенцијата е и одраз на современите проблеми и причини за загриженост, какви што се нарушувањата на животната средина, злоупотребата на дрогата и сексуалното искористување. Конвенцијата стапи во сила во 1990 година, по ратификацијата од страна на 20 земји. Нашата држава ја ратификуваше Конвенцијата во 1993 година. До 2019 година, 196 земји ја ратификуваа Конвенцијата за правата на детето.

**Ратификување на Конвенцијата – што значи тоа?**

Кога одредена држава ја ратификува Конвенцијата, таа станува дел од националната легислатива, а државата се обврзува:

- да ги овозможи неопходните услови за остварување на правата дефинирани во Конвенцијата;
- да ги прифати сите неопходни мерки за постигнување на стандардите дефинирани во Конвенцијата (промена на закони, создавање нови тела и механизми, менување на административните и социјалните навики);
- да ја одреди максималната сума на расположливи средства за да се обезбеди имплементирање на Конвенцијата.

Во многу случаи за достигнување на стандардите на Конвенцијата, како неопходен може да се наметне целосниот ремонт на постојните политики и буџетирање со цел пречките за остварување на правата на децата да бидат успешно и одржливо надминати.

Државата презела обврска:

- да го усогласи националното законодавство;
- да ја усогласи практиката;
- да го обезбеди практикувањето;
- да ја гарантира заштитата;
- да ги дисеминира сознанијата.

## 1.1.3. Како децата и младите да дознаат повеќе за своите права?

Децата не можат да дознаат повеќе за своите права само со читање на Конвенцијата и на нејзините членови. Првиот битен чекор е да се знае дека постои таков документ што се однесува на нив, а единствен вистински начин децата и младите да ги знаат своите права е можноста тие права да ги практикуваат во секојдневниот живот, правата да бидат присутни во секоја активност поврзана со нив и да им се даде слобода на младите и на децата да ги истражуваат границите на сопствените права и да ги откриваат правата на другите. Во идеален случај, треба да се случи процес од три фази, кој вклучува:

- **проучување** на темата детски права – собирање, анализирање и синтетизирање на информациите поврзани со оваа тема, објаснување на апстрактните права низ конкретни ситуации на секојдневното живеење, препознавање на правата и нивното прекршување, откривање на границите на правата;
- **реагирање** на собраните информации – запознавање со различните перспективи, развивање чувствителност за човечката димензија на прашањата за правата, перципирање на одговорноста за почитување на правата на другите, негување на чувствата на емпатија и изградување интерес за ангажман;
- **преземање акција** на конкретен и практичен начин, обично во сопствената средина; подготвеност да се застане во одбрана на сопствените и правата на другите; преку акциите на локалните манифестации за прашањата за глобалните права, децата можат да се поврзат со напорите што се прават во целиот свет со цел да се потпомогне правдата и да се предизвикаат конструктивни промени.

**Детските права и родителите**

**Конвенцијата за правата на детето потврдува голем број основни права и таа ја става благосостојбата на детето на преден план, земајќи ги предвид правата и обврските на родителите. Конвенцијата специфично наведува дека владите ќе прават сè што можат за да не се наруши семејството и ќе обезбедуваат поддршка и помош за родителите во исполнувањето на нивните првенствени должности во однос на подигнувањето и развојот на нивните деца. Унапредувањето на детските права не значи доведување на децата во судир со возрасните авторитети во нивниот живот, туку поттикнување на сите граѓани заеднички да работат за безбедна, здрава и продуктивна иднина на своите деца.**

Суштински дел на процесот на учење е атмосферата во која се одвива истражувањето на темите поврзани со детските права. Децата можат да дознаат какви права имаат преку методи во кои информациите им ги дава возрасно лице. Но, учењето за суштината на правата подразбира создавање атмосфера на група во која секој поединец е ценет и почитуван, во која детето не чувствува никаква закана, во која нема место за предубедувања и предрасуди, каде што се поттикнува демократското учество и каде што одговорното изразување на сопственото мислење е норма. Накусо, учењето ќе биде најделотворно кога младите не само што ќе ги сфатат поимите туку и ќе ги практикуваат потребните вештини и самостојно

ќе ги развијат ставовите што се од суштинска важност за остварување и унапредување на правата. Еднакво важен елемент на учењето на правата е личниот пример на возрасниот. Која било разлика помеѓу она што се зборува и она што се прави може да има исклучително негативно влијание врз процесот на разбирање и практикување на правата.

При работата со младите, возрасните треба да се свесни дека многу аспекти на правата се исклучително чувствителни и лични. Во секоја група може да има млади што доживеале или доживуваат сиромаштија, злоупотреба, запоставување, одделување од едниот или од двата родители или дискриминација. Нивната потреба за приватност мора да се почитува; тие во никој случај не смеат да бидат принудувани против својата волја да зборуваат за овие теми. Од друга страна, возрасните би требало однапред да знаат кои се соодветните лица или служби во училиштето или во заедницата што би можеле да посредуваат при сериозни кршења на правата. Тогаш, ако се јави потреба, тие ќе бидат подготвени и ќе знаат каде да ги упатат децата на кои може да им биде потребна стручна помош.

## 1.2. УЧЕСТВО НА УЧЕНИЦИТЕ

Учеството (партиципацијата) на децата:

- е човеково право – доколку на децата им се одрече нивното право на учество, значи дека им се прекршени нивните права;
- е базична потреба за здрав човеков развој;
- претставува предуслов за демократско граѓанство;
- овозможува подобрување на квалитетот на одредбите што се однесуваат на децата;
- гарантира поголема одговорност на децата за преземените активности.

Ученичкото учество има посебно лично и општествено значење ако се земе предвид дека е најдобро средство преку кое учениците можат да учат како да застанат во одбрана на своите и правата на другите, како да влијаат врз процесите на одлучување и како се учествува демократски во животот на училиштето и на заедницата. **Според членот 12 од Конвенцијата за правата на детето, децата имаат право слободно да го изразуваат своето мислење на кое треба да се обрне внимание согласно со нивната зрелост. Според членот 15, децата имаат право на здружување и на слобода на мирно собирање. Токму тоа не само што им дава за право туку и ги обврзува училиштата да ги учат учениците на демократско раководење и владеење на тој начин што ќе обезбедат организирани форми на активно вклучување на учениците во демократските процеси.** При тоа е многу важно таквите форми да не се сведат на симулација на правата и одговорностите што допрва треба да се стекнат, туку на учениците да им даде вистинска можност да влијаат врз донесувањето на одлуки за прашања што се од интерес за нивниот живот во училиштето и надвор од него.

### 1.2.1. Принцип на активно учество на учениците во животот на училиштето

Училиштето ќе му овозможи активно учество на ученикот во одвивањето на сите активности во училиштето кои се однесуваат на него. Ова подразбира:

а) ***обезбедување атмосфера и услови*** што ќе ги стимулираат учениците да формираат свое сопствено мислење и слободно да го изразуваат тоа мислење без никакви последици, и

б) ***градење механизми и процедури*** што ќе им овозможат на учениците да вршат влијание врз одлуките и случувањата во училиштето со јасно видливи резултати од тоа влијание.

Овој принцип го содржи и правото на секое дете да бара, прима и да дава информации, да учествува во процесите на одлучување и да се здружува со другите деца поради посоодветно формулирање и манифестирање на своите потреби и интереси[1].

Барањето за активно вклучување на учениците во училишниот живот за сите работи што ги засегаат произлегува и од генералниот пристап кон Конвенцијата за правата на детето, во која се нагласува дека детството не е само подготовка за периодот кога ќе бидеме возрасни, туку дека тоа е засебен период од живеењето на секој човек во кој децата треба да бидат третирани како индивидуи со свои права, како рамноправни со возрасните и како активни учесници во случувањата во училиштето и заедницата кои треба да се развиваат во способни и одговорни граѓани што ги почитуваат правата на другите.

Само отворено училиште кое овозможува демократско учество на учениците е гаранција за стабилност на училиштето, воспоставување на односи на почитување помеѓу возрасните и децата и соодветна средина во која и децата и возрасните се чувствуваат удобно, а наставниците им овозможуваат на учениците да ги стекнат соодветните знаења, ставови и вештини со кои учениците ќе се оспособат за соочување и конструктивно справување со предизвиците во училиштето и во поширокота заедница.

Училиште што гради ученици подготвени за демократска акција, меѓу другото:

- поттикнува постојана ***соработка помеѓу сите*** чинители во него, и возрасни и деца;
- ја промовира ***еднаквоста***, и кога се работи за правата, и кога се работи за одговорностите;
- развива ***чувство на одговорност*** за меѓусебно почитување, градење на осмислени училишни норми, почитување на училишните норми и вредности, како и за надминување на проблемите во училиштето што се дел од секојдневното живеење (на пример: присуството на различни форми на насилство, безбедносни прашања, дисциплина за време на часот и за време на одморите, справување со пушење, консумирање алкохол и други психоактивни супстанции, итн.);
- 

1 Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование, авг. 2007 год., стр. 69.

- поттикнува ***заедничко учество*** на учениците во разни процеси што повлекува развивање на нивните компетенции за тимска работа, меѓусебна соработка, застапување на заеднички интереси и донесување заеднички одлуки;
- развива ***социјални вештини*** и го засилува ***критичкото размислување*** кај учениците;
- развива ***осетливост за потребите***, и сопствените и туѓите, и
- гради ***почитување и прифаќање на различностите***.

Учениците вклучени во животот на училиштето се чувствуваат како централен и суштински дел од него, чувствуваат дека тоа се грижи за нив и тие му возвраќаат со своето активно учество, што понатаму води кон постојано развивање на училиштето. Во крајна линија, атмосферата што се создава во вакви услови придонесува кон подобрување на интерперсоналните односи помеѓу децата и возрасните.

Учениците треба да бидат вклучени на различни начини и на различни нивоа на одлучување за сите нешта што ги засегаат во училиштето, а реално многу малку се работите што не се токму такви. Учениците можат да партиципираат во скоро сите домени од училишното живеење, поврзани со:

- ***наставата*** (на пример: како да се подобри успехот и оценувањето, како да се подобри квалитетот на наставата или некои услови за работа, каков да биде распоредот на часовите);
- ***воннаставните активности*** (на пример: каде да се оди на екскурзија, како да се одбележи некоја манифестација, како да се организира заедничка забава, кои секции да се организираат во училиштето, како да се распределат средствата за воннаставните активности);
- ***односите меѓу учениците*** (на пример: како да се подобрат односите во одделението, како да се разреши некој конфликт);
- ***односите со возрасните*** (на пример: како да се решат проблемите во релациите на некои наставници и ученици), и
- ***физичките услови во училиштето*** (на пример: како да се уреди училиштето, како да се подобри хигиената во тоалетите, како да се обезбеди грижа за училишниот разглас, како да се обезбедат нови книги во библиотеката).

**Која е улогата на возрасните?**

Возрасните:
- треба да бидат свесни за компетентноста на децата да ги изразат, пренесат и да ги застапуваат сопствените погледи;
- имаат должност да им посветат соодветно внимание на мислењата на децата;
- треба да создадат услови во коишто децата ќе можат слободно да го искажат своето мислење;
- треба да преземат мерки преку коишто ќе се охрабри и потпомогне партиципацијата на децата, во согласност со нивната возраст и зрелост;
- треба да бидат иницијатори и олеснувачи на процесот на партиципација на децата;
- имаат обврска да го побараат мислењето на децата за одлуки што се однесуваат на нив или ги засегаат;
- треба да бидат компетентни да го слушнат мислењето на децата.

**Што треба да се исполни за да се постигне автентична партиципација на децата?**

Децата имаат право:
- да бидат информирани за своите права;
- да имаат безбедно опкружување што нуди можност за размена на информации и мислења;
- да ги учат вештините на партиципација, преку нивното реализирање и практикување.

***Што треба да се избегнува во работата со децата:***
1. Не смее да се биде многу настојчив.
2. Не треба да се наметнуваат своите мислења и решенија.
3. Не смее да се ветуваат нереални и неостварливи нешта.
4. Не смее да се манипулира со децата.

### 1.2.2. Видови на учество на децата и младите

Децата може да бидат вклучени или присутни во процесите на одлучување на многу начини. Не секое вклучување на децата во процесите на одлучување претставува и остварување на правата гарантирани со Конвенцијата за правата на детето. Начинот на учество и почитувањето на одредени базични стандарди се од исклучително значење за остварувањето на вистинското влијание на децата и придржувањето кон клучните принципи на недискриминација, најдобар интерес на детето и преживување и развој. *Скалата на учество*, чиј автор е Роџер Харт, посочува осум скалила на вклученост на децата и младите. Таа се користи како критериум за оценување, имено колку младите се вклучени во решавање на заедничките прашања во заедницата. Во скалилото, највисокиот степен на учество за едно прашање е кога младите го иницираат прашањето, а го решаваат заедно со возрасните, додека најнизок степен на учество на младите е кога се поканети да учествуваат во проект, но немаат вистински информации ни влијание врз одлуките и нивните резултати.

Според скалата, учеството на децата може да биде форма на:
- **манипулација** – децата го кажуваат или го прават тоа што им го сугерираат возрасните, без вистински да го разберат проблемот. За манипулација станува збор и тогаш кога возрасните ги прашуваат децата што мислат и ги слушаат некои нивни идеи, меѓутоа не ги известуваат за начинот на кој овие мислења влијаеле врз конечниот резултат;
- **декорација** – за декорација станува збор кога де-

цата учествуваат во одреден настан без никакво знаење за проблемот поради којшто се повикани и без вистинска можност вистински да влијаат врз одлуките што се донесуваат;

- **токенизам –** практика децата да бидат прашани да кажат што мислат за проблемот, без можност да го изберат начинот на кој ќе ги искажат своите мислења или да го определат обемот на идеите што можат да ги искажат;

- **назначени, но информирани** – возрасните преземаат иницијатива да ги повикаат децата, меѓутоа децата сами одлучуваат дали ќе учествуваат во активностите, откако ќе бидат информирани за елементите на проектот за којшто се повикани;

- **консултирани и информирани** – децата учествуваат како консултанти во проект што е осмислен и воден од страна на возрасни лица, со претходно објаснување на процесот во којшто се вклучуваат и со сериозен пристап кон нивните мислења;

- **заеднички одлуки со децата, поттикнати од возрасните** – возрасните се појавуваат како иницијатори што ги инволвираат децата во проектот, а донесувањето важни одлуки задолжително се изведува со консензус помеѓу возрасните и децата;

- **иницирана и раководена од децата** – децата започнуваат, организираат и самите раководат со проект, без вклучување на возрасните;

- **заеднички одлуки со возрасните, поттикнати од децата** – донесувањето на заеднички одлуки на децата и возрасните е крајната цел на автентичната партиципација.

Стандардите за остварување на соодветно учество на децата во одлучувањето се:

**1. Етички пристап: транспарентност и чесност**

Поединците и организациите имаат обврска да постапуваат етички во случаите кога во одлучувањето учествуваат деца и треба да ги поставаат интересите на децата во преден план.

*Зошто?*

Постои неизбежна нерамнотежа во моќта и статусот на децата и на возрасните. Етичкиот пристап е неопходен за да биде учеството на децата вистинско и значајно.

*Како да се исполни овој стандард?*

- Децата треба да добијат можност слободно да ги изразуваат своите погледи и размислувања и тие треба да бидат разгледани со почит.
- Учеството на децата треба да биде дефинирано како посебна цел.
- Улогите и одговорностите на сите инволвирани (деца, возрасни и други заинтересирани) се јасно дефинирани, разбрани и усогласени.
- На децата им се обезбедени сите потребни информации и имаат пристап до нив.
- Децата се вклучени во процесите на одлучување од самиот почеток и имаат можност да влијаат врз формата и врз содржината на процесите во коишто учествуваат.
- Децата имаат време да го анализираат своето учество и имаат можност да дадат сопствена согласност.
- Возрасните „однадвор“, вклучени во кој било процес со детско учество, мора да бидат чувствителни при работата со деца, да имаат волја да слушаат и да научат и да им биде јасна нивната улога.
- Организациите и нивните вработени се одговорни за децата за преземените обврски.
- Таму каде што процесот на учество бара да биде претставена поголема група деца, изборот на нивни претставници ќе биде базиран врз принципите на демократијата и недискриминацијата.
- Бариерите со коишто можат да се соочат децата во другите области од нивниот живот се разгледуваат и се дискутираат заедно со децата.

**2. Детското учество е релевантно и доброволно**

Децата учествуваат во работата на теми од нивен директен интерес, при што имаат право да изберат дали ќе учествуваат или не.

*Зошто?*

Детското учество треба да ги надгради нивните лични познавања – информациите и увидот што тие го имаат во нивниот живот и во врска со прашањата од нивен интерес. Со оглед на нивните други обврски, учеството на децата треба да е под нивни сопствени услови и со времетраење определено од нив самите.

Како да се исполни овој стандард?

- Прашањата се од интерес на децата што се вклучени.
- Децата се вклучени во одредувањето на критериумите за претставување и селекција на учеството.
- На децата им се достапни потребните информации и поддршката за донесување информирана одлука за нивното (не)учество.
- Учеството на децата е доброволно и тие можат во кој било момент да се повлечат.
- Децата треба да бидат инволвирани на начин, ниво и брзина што се соодветни на нивните капацитети и интереси.
- Треба да се почитуваат другите обврски на децата и да се приспособуваме кон нив (на пример: домашни, работни, училишни).
- Начините на работа и методите на учество треба да ги инкорпорираат и надградуваат локалните структури, традиции, знаења и практика.

**3. Опкружување што им дава можности и е пријателско за децата**

Децата се наоѓаат во безбеден, гостопримлив и охрабрувачки амбиент за нивно учество.

*Зошто?*

Квалитетот на детското учество и нивната способност да извлечат корист од него се под силно влијание на направените напори за креирање позитивен амбиент за нивно учество.

*Како да се имплементира овој стандард?*

- Изборот на соодветни начини и услови за работа ја гради самопочитта и самодовербата на децата и тие се чувствуваат способни да дадат придонес со своите видувања и искуства.
- Децата учествуваат во изградбата на методите за учество и имаат можност да го изберат начинот на изразување со кој се чувствуваат најкомотно.
- На располагање се ставени доволно ресурси и време за квалитетно учество.
- Возрасните се сензибилизирани, со цел подобро да ја разберат вредноста на детското учество и да одиграат позитивна улога во неговата поддршка (на пример: со подигнување на свесноста, со градење капацитети и размислување).
- Како места за состаноци се користат места на коишто децата се чувствуваат релаксирано, удобно и имаат пристап до потребните капацитети, а треба да бидат достапни и за децата со посебни потреби.
- Организациските и официјалните процедури се дизајнирани/приспособени во насока на олеснување (наместо заплашување) за децата и на гостопримство за помалку искусните деца.
- Таму каде што е неопходно, обезбедена е поддршка за споделување информации и/или градење капацитети и вештини што се потребни за ефикасно учество на децата.
- Децата се прашуваат кои информации им се потребни и достапните информации навремено се споделуваат со нив, во формат и јазик разбирлив за децата.
- Во ситуациите во коишто децата се среќаваат со различни јазици од нивниот мајчин јазик, потребно е да се обезбеди превод, со што ќе се овозможи комплетно учество на децата во дискусиите и нивен пристап до пишаните информации.
- Во сите дискусии во коишто учествуваат деца се употребува нетехнички јазик и/или сите жаргонски или технички термини комплетно се објаснуваат.

### 4. Рамноправност на можностите

Работата со учество на деца треба да ги намали, а не да ги зацврстува постојните шеми на дискриминација и исклучување.

*Зошто?*

Децата, исто како и возрасните, не се хомогена група и со учеството треба да се обезбеди рамноправност во можностите за сите, без оглед на возраста, статусот, етничкото, класно или кастно потекло, полот, способностите или други фактори.

*Како да се имплементира овој стандард?*

- Сите деца треба да имаат подеднакви шанси за учество и да не бидат дискриминирани поради нивната возраст, пол, способности, јазик, социјално, класно, етничко или географско потекло и сл.
- Учеството на децата треба да биде насочено кон вклучување на сите, наместо кон вклучување на малкумина (инволвирање на децата во нивните локални средини, наместо повикување нивни претставници во една централизирана точка).
- Постапките за обезбедување учество на децата треба да бидат доволно флексибилни за да ги задоволат потребите, очекувањата и состојбите на различни групи деца.
- Старосните граници, полот и способностите на децата се земаат предвид при одредувањето на начините за организација на учеството.
- Однапред не се прават никакви претпоставки за тоа што, како и колку различни групи деца можат или не можат да направат.
- Секаде каде што е тоа можно, децата треба самите да изберат кои од нивните предводници ќе ги претставуваат во иницијативите во коишто тие учествуваат.
- Влијателни возрасни лица се ангажирани во насока на обезбедување поддршка од заедницата за учество на дискриминираните групи.

### 5. Возрасните се ефикасни и сигурни

Возрасните што се вклучени во процеси и активности во коишто учествуваат деца се обучени за извршување на својата работа според високи стандарди.

*Зошто?*

Возрасните можат ефикасно и сигурно да го охрабрат вистинското детско учество, само ако располагаат со неопходното разбирање и вештини.

Како ова да се имплементира?

- Возрасните се сензибилизирани за учеството на децата и ја разбираат обврската за овозможување на ова учество.
- За возрасните е обезбедена соодветна обука и други можности за напредок во постапките во коишто се вклучени деца.
- Се градат специфични технички вештини и експертиза (на пример: комуникација, олеснување, разрешување конфликти или мултикултурно работење).
- Се обезбедува поддршка за возрасните за коишто учеството на децата претставува значајна лична или културна промена, без ова притоа да се смета за проблем.
- Возрасните се во можност да ги изразуваат своите ставови или грижи во контекст на инволвираноста на децата, во надеж дека тоа ќе биде изнесено на конструктивен начин.

### 6. Со учеството се промовираат безбедноста и заштитата на децата

Политиките и процедурите за заштита на децата формираат суштински дел од работата со учество на деца.

*Зошто?*
Поединците и организациите имаат должност да се грижат за децата со коишто работат и треба да се направи сè за минимизирање на ризикот од злоупотреба и експлоатација на децата и од други негативни последици од нивното учество.

*Како ова да се имплементира?*

- Грижата за заштитата на децата има највисок приоритет при планирањето и организацијата на нивното учество.
- Децата инволвирани во овие постапки се свесни за нивното право да бидат безбедни од злоупотреби и знаат каде треба да се обратат за помош, во случај на потреба.
- Заштитата се воведува со цел да се минимизираат ризиците и да се спречат злоупотребите.
- Возрасните што работат со децата ги препознаваат своите законски и етички обврски и одговорности (на пример: во поглед на сопственото однесување и во поглед на тоа што треба да се преземе во случај на несоодветно однесување на други).
- Во процедурите за заштита на децата се внесени специфичните ризици со коишто се соочуваат некои групи на деца и дополнителните бариери со коишто се соочуваат при добивањето помош.
- Се прави внимателна проценка на ризиците поврзани со учеството на децата во отворено јавно говорење, кампањи и застапување. Во согласност со идентификуваните ризици, можна е потребата од преземање чекори за заштита на идентитетот на децата.
- Треба да се обезбеди согласност за употреба на сите информации добиени од децата, а информациите идентификувани како доверливи треба во секое време да бидат заштитени.
- Ниту една фотографија, видеоматеријал или дигитална слика на дете не треба да биде направена или објавена без согласност од детето.

### 7. Континуирана проверка и евалвација

Составен дел од учеството на децата претставува обезбедувањето повратна информација и континуирана проверка на квалитетот и влијанието што го оствариле децата со своето учество.

*Зошто?*
Важно е децата да разберат што е резултатот од нивното учество и како нивното учество било искористено во постигнувањето на саканата цел. Пожелно е на децата да им се даде можност, каде што е тоа изводливо, за учество во продолжителните процеси и активности. Како клучни играчи, децата треба да бидат интегрален дел од процесите на мониторинг и евалвација.

*Како ова да се имплементира?*

- На децата им се даваат брзи и јасни повратни информации за резултатите од нивното учество, за последицата од која било одлука или нареден чекор и за вредноста на нивната инволвираност.
- Повратните информации се доставуваат до секое вклучено дете.
- Децата се прашуваат за нивното задоволство од процесот во којшто учествуваат и за нивните мислења како тој може да се подобри.
- Резултатите од мониторингот и евалвацијата се праќаат назад кон инволвираните деца и им се презентираат на достапен и соодветен начин, а нивните реакции се земаат предвид при идните активности.
- Се признаваат грешките што се идентификувани низ процесот на евалвација и се преземаат обврски научените лекции да се искористат за подобрување на постапките со учество на децата во иднина.

**Промоцијата, практикувањето и заштитата на правата на децата можат да бидат обезбедени на различни и многу неформални и алтернативни начини. Принципот дека е дозволено сè што не е забрането со закон, остава многу широк простор за изнаоѓање креативни и неортодоксни решенија, што во најголема мера ќе овозможат остварување на најдобриот интерес на децата, развој, недискриминација и нивно активно учество.**

# 2. МОДЕЛИ НА УЧЕНИЧКО УЧЕСТВО И ЗАШТИТА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА ВО РАМКИ НА УЧИЛИШТЕТО

*Сите ученици во училиштето ја сочинуваат **училишната заедница**. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во **заедница на паралелка** и **ученички парламент**. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките.*

Закон за основно образование
(јули 2019, член 68, став 1 и 4)

Училиштето треба да овозможи и активно да ги поттикнува учениците да се здружуваат, освен во заедница на паралелка и училишна заедница, и во посебни, ученички тела и други ученички работни тела. Преку нив на учениците им се даваат структурирани можности активно да ги истражуваат и да дискутираат за различните аспекти на училишниот живот што се релевантни за нив, да учат да зборуваат за проблемите што ги засегаат преку свое избрано тело и негови претставници, да соработуваат во различни контексти (во различен етнички и родов состав или пак со ученици со различни погледи) и да откриваат различни аспекти на работите што се релевантни за нив, да ги анализираат за да можат потоа да работат на нивно подобрување.

На тој начин училиштето се трансформира во место за искуствено учење и практикување на демократија и демократско функционирање во општеството, наместо да служи само како место за стекнување знаења по одредени предмети. Низ овој процес не учат само тие што се избрани во овие тела, туку и сите други ученици што се сведоци на нивната активност или неа активно ја помагаат, како и оние што само ги чувствуваат ефектите од нивното дејствување.

## 2.1. ЗАЕДНИЦА НА ПАРАЛЕЛКА

### 2.1.1. Избор на претседател на заедницата на паралелката

Според членот 68 од Законот за основно образование, „сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште (став 1). За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент (став 3)“. Заедницата на паралелката (во понатамошниот текст заедницата) ја сочинуваат сите ученици во паралелката (одделението). Задачите на заедницата се да одлучува за прашања поврзани со учењето, престој во училиштето, меѓусебни односи, како и односи со возрасните во училиштето.

Изборот на тела во заедницата на паралелката се спроведува секоја година, заклучно со последната недела од првиот месец од учебната година. Секоја заедница избира **претседател, заменик-претседател, постојани тела и повремени тела. Пожелно е секое дете да биде член барем на едно постојано тело (во согласност со сопствените афинитети). Постојаните тела не мора да имаат однапред определен број, ниту пак тематска насоченост. Самите ученици треба да решат колку постојани тела ќе имаат.** Секој ученик (освен претседателот и заменик-претседателот на заедницата) доброволно се определува во кое тело сака да биде член. Претседателот и заменик-претседателот на заедницата на паралелката ги запишуваат членовите во секое тело и списокот го чуваат во документацијата на заедницата. Претседателот на заедницата се избира со мандат од една учебна година. Еден ист претседател на заедницата на паралелката може да има само два мандати: еден во одделенска настава (1 – 5 одделение) и еден во предметна настава (6 – 9 одделение).

**Претседател и заменик-претседател на заедницата на паралелката** (двете функции треба да ги извршуваат ученици од различен пол, едно машко и едно женско, со што секоја наредна учебна година ќе се поттикнува промена на овој редослед).

Критериуми за избор
Критериумите за избор на претседателот и заменик-претседателот треба да ги изградат самите ученици, при што наставникот треба внимателно да ги насочува кон одредени вредности како:

- комуникативност;
- почит кон другите (не прави разлика помеѓу учениците, еднакво постапува со сите, се залага за учениците);
- почит од другите ученици;
- поведение;
- одговорност;
- подготвеност да ги застапува интересите на другите пред наставникот и пред другите наставници;
- заинтересираност.

**Постојани тела во заедницата на паралелката** (секогаш треба да се води сметка за приближна застапеност на машки и женски членови и посебно за желбите на самите деца). Пожелно е децата сами да се договорат за постојаните тела (со внимателно водење од наставникот).
Нивната улога е да учествуваат во планирањето и организирањето на следните активности:

- прослави и манифестации;
- екскурзии;
- собирање прилози и други хуманитарни активности;
- еколошки активности;
- спорт;
- други настани/активности.

**Повремени тела во заедницата на паралелката** (секогаш треба да се води сметка за приближна застапеност на машки и женски членови и посебно за желбите на самите деца). Се формираат по потреба за различни прашања (на пример: носење униформи, изработка на табло, помагање на ученик во учење, разрешување на актуелен проблем, итн.).

## 2.1.2. Процедура за избор на претседател на заедницата на паралелката

Во заедницата на паралелката се избира претседател и заменик-претседател. Изборите за претседател на заедницата на паралелката се одржуваат во просторијата во којашто учениците го одржуваат одделенскиот час, на ден определен со годишниот план и програма за работа на училиштето.

**На првиот одделенски час** од учебната година одделенскиот раководител има обврска да ги информира учениците за процедурите за избор на претседател, заменик-претседател и на другите постојани и повремени тела на заедницата и заедно со учениците да ја формира листата на критериуми.

**На вториот одделенски час** од учебната година се пријавуваат кандидатите кај одделенскиот раководител.

Кандидатите мора да ги имаат пополнето следниве документи:

1. Формулар за пријавување за избор на претседател на заедницата на паралелката (Прилог 1);
2. Листа со потписи за поддршка (Прилог 2);
3. Мотивационо писмо (Прилог 3).

**На третиот одделенски час или пак на дополнителен час** (час којшто би се организирал по редовната настава) се спроведува процедурата за избор на претседател на заедницата на паралелката (непосредни избори). Изборот се спроведува доколку има присуство од 2/3 од вкупниот број на ученици. Изборите се тајни.

За избран претседател се смета кандидатот што има освоено најголем број гласови од вкупниот број на ученици од иста заедница на паралелка. Доколку повеќе кандидати освојат ист, најголем број гласови, се организира следен круг со кандидатите што имаат освоен ист најголем број гласови. За избран претседател во следниот круг се смета кандидатот што има повеќе гласови. За заменик-претседател се избира следниот кандидат со најголем број гласови, **од различен пол** од претседателот. Доколку не постои таков кандидат, се избира наредниот кандидат со најголем број гласови.

Другите функции во заедницата се утврдуваат во согласност со потребите и нивниот избор се утврдува со посебен правилник на училиштето.

Потребен материјал:

1. маркер (креда) и табла;
2. кутија со отвор на капакот;
3. гласачки ливчиња (хартија со формат А4 исечена на осум делови на кои се испишани имињата на кандидатите; се подготвуваат онолку ливчиња колку што има ученици во одделението);
4. хартија со формат А4;
5. испишани критериуми за кои претходно се договориле учениците;
6. графички приказ на функции и тела во заедницата на паралелката претставени на хартија со формат А3;
7. селотејп.

Постапка за избор на претседател и заменик-претседател на заедницата на паралелката:
Критериумите, за кои претходно се договориле учениците, се поставени на таблата. На ѕид во училницата се лепи графички приказ со функциите и телата на заедницата на паралелката.

Право да поднесе пријава за претседател на заедницата на паралелката има секој редовен ученик, во согласност со достапните мандати, кој има писмена поддршка од најмалку 1/5 од вкупниот број на ученици од истата паралелка (Прилог 2). Претходно, раководителот на паралелката ги информира потенцијалните кандидати дека при прибирање на потписите треба да ги презентираат сопствените квалитети врз основа на критериумите за избор за да може соучениците да одлучат својот потпис да го дадат за кандидатот што ги поседува критериумите за претседател. Пријавата за претседател се поднесува до одделенскиот раководител. На почетокот од наставниот час, пред да се започне со постапката за избор на претседател на заедницата на паралелката, раководителот на паралелката ги повикува пријавените кандидати за претседатели. Одделенскиот раководител на учениците им ги доставува на увид апликациите, листата со потписи и мотивационите писма. Секој кандидат за претседател има три минути да го прочита мотивационото писмо и/или да додаде свои аргументи поради кои мисли дека треба да биде избран за претседател. Секој кандидат може да биде интервјуиран од учениците (да му поставуваат прашања поврзани со задачите што ги има претседателот). Додека еден од кандидатите е на интервју, другите пријавени кандидати чекаат надвор од училницата (не повеќе од 10 минути).

Прашања коишто би можеле да им бидат поставени на кандидатите:

1. Зошто се пријави за да бидеш претседател на одделението?
2. Кои се твоите способности?
3. Што би направил за одделението?
4. Како би ги застапувал интересите на учениците?
5. Опиши 3 иницијативи што сакаш да ги спроведеш?
6. Ако не бидеш избран за претседател, дали си заинтересиран за друга функција во заедницата? итн.

Откако ќе се презентираат кандидатите и ќе се спроведе интервјуто, се продолжува со процедурата за избор на претседател:

- Повторно се презентираат критериумите за избор на претседател/заменик-претседател на одделението и нивните задачи. Се истакнува дека тие мора да бидат од различен пол (по пребројувањето на гласовите кандидатот со најголем број гласови ќе биде претседател, а следниот по број на освоени гласови, но од различен пол од претседателот, ќе биде заменик-претседател), (не повеќе од 2 минути).
- Изборите ги организира и ги спроведува комисија составена од тројца ученици што не се кандидати за претседател и заменик-претседател и одделенскиот раководител. Членовите на комисијата се избираат со јавно гласање на ученичката заедница со мнозинство гласови од вкупниот број на присутни ученици. Гласањето се одвива за секој пријавен ученик одделно. Доколку се пријавени само тројца ученици за членови на комисијата, избори за членови на комисија не се спроведуваат (полово мешана, а кои не се кандидати), (не повеќе од 2 минути).
- Комисијата за избор седнува во еден дел од училницата и одделенскиот раководител им обезбедува празна кутија и празни гласачки ливчиња со што има одговорност за спроведување на фер, демократски и тајни избори.
- Комисијата за избор му дава по едно ливче на секој ученик. Гласањето се изведува со заокружување на бројот покрај кандидатот на однапред подготвени ливчиња. За да се спречи нерегуларност, на секое гласачко ливче (на опачината) се потпишуваат сите членови на комисијата (не повеќе од 3 минути).
- Еден по еден ученик доаѓаат до комисијата за избор, секој добива по едно гласачко ливче, тајно го заокружува оној за кого што гласа, го превиткува ливчето и го става во кутијата. Откако ќе гласаат сите ученици, гласаат и членовите на комисијата (еден по еден земаат гласачко ливче, го заокружуваат оној за кого што сакаат да гласаат и го ставаат во кутијата), (не повеќе од 10 минути).
- Откако сите ученици гласале, комисијата за избор јавно ги пребројува гласовите само на валидните ливчиња, односно доколку е заокружен само еден кандидат. Доколку никој не е заокружен, повеќе од еден е заокружен, има допишани кандидати, ливчето е пречкртано, се смета за невалидно. Доколку 51 % или повеќе од гласачките ливчиња се неважечки – изборот не е валиден, (5 минути).

Оној што има најмногу гласови, комисијата за избор го прогласува за претседател, а следниот по број на гласови, но од спротивен пол од претседателот, го прогласува за заменик-претседател на заедницата на паралелката. Доколку следниот по број на гласови не сака да биде заменик-претседател, се номинира следниот кандидат со најголем број гласови. Одделенскиот раководител ги запишува нивните имиња на список што го доставува до: наставничкиот совет, стручните служби и директорот на училиштето.

Потоа, на истиот или наредниот одделенски час, во согласност со преостанатото време, се пристапува кон конституирање на постојаните тела на заедницата, по пат на доброволна основа и меѓусебен договор (најмалку едно машко и едно женско во секое тело доколку е возможно). Не смее да остане ниту еден ученик што не е вклучен барем во едно постојано тело.

### 2.1.3. Разрешување на претседателот на заедницата на паралелката

На претседателот на заедницата на паралелката мандатот пред истекот на рокот му престанува во следниве случаи:

- не ги извршува обврските како претседател;
- неуспешно ја извршува функцијата;

- не присуствува на состаноците или не свикува состаноци на заедницата на паралелката;
- отпишување од училиштето;
- подолго отсуство од наставата;
- на сопствено барање;
- по барање на група ученици (најмалку 2/3 од вкупниот број ученици во одделението) со доставени аргументи за неизвршување на задачите на претседателот на одделението;
- ако отсуствува на три последователни седници на ученичкиот парламент, односно во случај на негова спреченост, доколку отсуствува и неговиот заменик.

При вакви ситуации претседателот или заменик-претседателот ќе добијат предупредување од страна на одделенскиот раководител. Предупредувањето ќе биде усно и писмено, копијата ќе биде доставена до директорот, родителот и ученикот (претседател или заменик-претседател).

Доколку настапи предвремен престанок на мандатот на претседателот на заедницата на паралелката, се врши избор на нов претседател во рок од 20 дена од денот на престанокот на мандатот, по истата процедура. Со престанокот на мандатот на претседателот на заедницата, престанува мандатот и на неговиот заменик. Доколку настапи предвремен престанок само на мандатот на заменик-претседателот на заедницата на паралелката, претседателот на заедницата предлага нов заменик, а него, со тајно гласање, го потврдува заедницата на паралелката со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

### 2.1.4. Функционирање на заедницата на паралелката

Работата на заедницата на паралелката ја води претседателот на одделението. Претседателот:

- ги претставува учениците од заедницата на паралелката во ученичкиот парламент и пред другите органи на училиштето;
- ги информира учениците од заедницата на паралелката за работите за кои се одлучува во ученичкиот парламент;
- организира расправи во одделението за конкретни прашања и проблеми (по сопствена иницијатива или по иницијатива на другите ученици/чки), како што се на пример одредени проблеми во наставата, проблеми во меѓусебната комуникација, но и на комуникацијата на учениците со наставниците, квалитетот на оценување на учениците, квалитетот на наставата, проблеми со конкретен наставник, итн.;
- присуствува на родителските средби со можност да ги објасни перспективите на учениците за работите за кои се разговара;
- се грижи за мирно решавање на споровите во паралелката;
- соработува со претседателите на другите заедници на паралелки;
- соработува со постојаните и повремените комисии;
- учествува во работата на ученичкиот парламент;
- организира формирање на повремени тела по сопствена или по иницијатива на барем 5 ученици во одделението.

Заради успешно функционирање на заедницата, претседателот ги извршува следните задачи:

- Првата недела по изборот на постојаните тела претседателот **свикува состанок**.
- На првиот состанок тие **изготвуваат план за работа,** кој се однесува на периодот од една учебна година. Планот за работа содржи предлог-активности во кои ќе бидат вклучени сите членови на заедницата. Планот го сочинуваат активностите што би ги воделе постојаните тела, а со тоа ќе се обезбеди поголема активност на овие тела.
- Претседателот е должен да свикува **минимум еден состанок во месецот** на кој ќе се разгледуваат тековните потреби и проблеми на учениците од одделението, ќе се разговара за текот на спроведувањето на активностите од *планот за работа* и ќе се договараат идни активности во согласност со потребите на учениците.
- На овие состаноци во согласност со потребите може да се донесе и **одлука за формирање на повремени тела** за кои одделенската заедница смета дека е неопходно нивно формирање.

## 2.2. УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ

Според членот 68 (став 3 и 4) од Законот за основно образование, „за организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките“. Според тоа, ученичкиот парламент е облик на организирање на учениците на ниво на училиште, а составен е од претседателите на заедниците на паралелките во едно училиште.
Ученичкиот парламент треба да има сопствена интернет-графа на интернет-страницата на училиштето, која ќе биде администрирана од ученик овластен од самиот парламент.
На оваа интернет-страница ќе бидат давани известувања, годишен план, извештаи, состав на парламентот, записници од одржани средби и друго.

Конститутивната седница на ученичкиот парламент се одржува во последната работна недела во месец септември (односно веднаш по изборот на претседатели на заедници на паралелки). Датумот на одржување на конститутивната седница се определува со годишниот план и програма за работа на училиштето. Согласно со Законот (член 68, став 5), со

конститутивната седница на ученичкиот парламент претседава директорот на училиштето.

### 2.2.1. Избор на претседател на ученичкиот парламент

Изборот за претседател на ученичкиот парламент е прва точка на конститутивната седница на ученичкиот парламент. На конститутивната седница се избира комисија од тројца членови (на самоиницијативен предлог од страна на претседателите на паралелките кои нема да се кандидираат за претседател), која го спроведува изборот на претседател на ученичкиот парламент. Секој претседател на заедницата на паралелката пред почетокот на расправата за првата точка може да се кандидира за претседател на ученичкиот парламент со поднесување на пријава до претседавачот на конститутивната седница, т.е. директорот на училиштето. Кандидатите треба самите да се презентираат пред членовите на парламентот и да ја изразат својата мотивација за претседател на ученичкиот парламент, како и да ги презентираат своите идеи за застапување на интересите на сите ученици во училиштето. Постапката за избор на претседател на ученичкиот парламент се препорачува да биде иста како и постапката за избор на претседател на заедницата на паралелката. Мандатот на претседателот на ученичкиот парламент изнесува една учебна година.

Претседателот на ученичкиот парламент се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање (член 68, став 7).

Гласањето може да се одржи само доколку на седницата се присутни најмалку 2/3 од вкупниот број на претседатели на одделенски заедници.

За претседател на ученичкиот парламент се смета кандидатот што освоил најголем број гласови од вкупниот број на членови со право на глас. Доколку повеќе кандидати освојат ист, најголем број гласови, се организира следен круг со кандидатите што имаат ист најголем број гласови. За избран претседател во следниот круг се смета кандидатот што има освоено најмногу гласови од вкупниот број на членови со право на глас.

Доколку ниту еден од кандидатите не освои мнозинство гласови од вкупниот број на членови, постапката за избор на претседател на ученичкиот парламент се повторува.

По изборот на претседател на ученичкиот парламент, претседателот го презема раководењето на седницата на ученичкиот парламент. Претседателот на ученичкиот парламент е член на тимот за училишна интеграција (член 46), којшто го формира директорот во насока на унапредување на мултикултурализмот, интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција во училиштето.

На претседателот на ученичкиот парламент во неговата работа му помагаат заменик-претседател и секретар на ученичкиот парламент, кои се избираат од редот на координаторите на учебните години.

### 2.2.2 Предвремен престанок на мандатот на претседателот на ученичкиот парламент

На претседателот на ученичкиот парламент, мандатот му престанува пред истекот на мандатот доколку:

1) тоа самиот го побара;
2) недоверба изгласаат 2/3 од претседателите на заедниците на паралелките;
3) му престане статусот на редовен ученик и
4) во други случаи утврдени со овој Водич.

Доколку настапи предвремен престанок на мандатот на претседателот на ученичкиот парламент, се спроведуваат нови избори во рок од 20 дена од денот на престанок на мандатот.

### 2.2.3 Предлог-тела на училишниот парламент

**Координатори на одделение**[2]
За координатор на одделение може да се пријави секој претседател на паралелка од исто одделение. Изборот на координатор на одделение го вршат претседателите на заедниците на паралелките од исто одделение со тајно гласање.

За координатор е избран кандидатот што освоил најголем број на гласови од вкупниот број на гласови на претседателите на заедниците на паралелките од исто одделение. Доколку повеќе кандидати освојат ист, најголем број на гласови, се организира следен круг со кандидатите што имаат ист, најголем број на гласови. За избран координатор во следниот круг се смета кандидатот што има освоено најмногу гласови. Гласањето го организира и го спроведува комисијата за избор на претседател на ученичкиот парламент.

**Координативно тело на ученичкиот парламент**
Координативното тело на ученичкиот парламент е составено од координаторите на одделенија, двајца претставници – наставници именувани од директорот на училиштето од редот на тимот за поддршка на ученичко учество (без право на глас) и секретарот на ученичкиот парламент.

Координативното тело на ученичкиот парламент врши изработка на предлог-програма за работа на ученичкиот парламент и ги подготвува материјалите за седниците на ученичкиот парламент.

### 2.2.4 Надлежности на ученичкиот парламент

Ученичкиот парламент работи на седници, кои се одржуваат најмалку еднаш во текот на месецот, освен во месеците кога учениците се на годишен распуст.

2 Според членот 53 во Законот, „Одделението е воспитно-образовна целина во која се реализираат наставните програми според наставниот план за една учебна година. Учениците од исто одделение се распоредени по паралелки“.

Во месеците кога учениците се на годишен распуст, седниците се одржуваат на барање на најмалку половина од вкупниот број на претседатели на заедници на паралелки.

Седниците ги свикува претседателот на ученичкиот парламент по писмен пат. Претседателот на ученичкиот парламент е должен веднаш, а најдоцна во рок од два дена, да свика седница на ученичкиот парламент доколку тоа го побараат најмалку половината од вкупниот број на претседатели на заедници на паралелки или директорот на училиштето. Ученичкиот парламент може да заседава и да одлучува доколку се присутни најмалку половина плус еден од вкупниот број на претседатели на заедници на паралелки.

На седниците на ученичкиот парламент без право на глас може да учествува секој ученик и претставници на училишниот кадар (директорот на училиштето, училишниот педагог, дефектолог, психолог, други стручни соработници), како и претставници на родителите од советот на родители со претходно дадена согласност од претседателот на ученичкиот парламент.

Седниците на ученичкиот парламент се одржуваат во соодветна просторија определена од директорот на училиштето или во просторијата каде што се одржуваат седниците на стручните органи и тела на училиштето. Ученичкиот парламент може да донесе одлука за одржување на седница и на друго место.

Во однос на улогата и надлежностите според членот 68, став 6 од Законот, ученичкиот парламент:

1) активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците,
2) го промовира ученичкиот активизам,
3) учествува во активностите за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и воннаставните активности,
4) учествува во подготовката на годишната програма за работа,
5) дава предлог-активности за годишните програми за екскурзии,
6) дава предлози за воннаставни активности на училиштето,
7) дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард,
8) учествува во евалуацијата на работата на училиштето,
9) преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет и
10) организира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа.

Понатаму, ученичкиот парламент исто така:

1) ги донесува правилникот за работа на заедницата на паралелките и ученичкиот парламент, годишната програма за работа и други акти изработени од координативното тело на ученичкиот парламент;
2) активно учествува во процесот на планирање на развојот на училиштето;
3) го промовира ученичкиот активизам преку едукативни содржини, тркалезни маси, дискусии, дебати, истражувања, хуманитарни и еколошки акции, културни и спортски манифестации;
4) поднесува иницијативи и барања до училишните органи за подобрување на пристапот и квалитетот на образование во училишната установа;
5) соработува со институциите и другите организации што работат со младите;
6) промовира отчетност и транспарентност пред сите ученици преку јавно информирање за своите активности.

Според членот 106 став 3 од Законот, „на седниците на училишниот одбор се покануваат и во неговата работа учествуваат без право на глас и двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент“. Според тоа, по воспоставувањето, ученичкиот парламент номинира, т.е. избира 2 лица (едно машко и едно женско) од својот состав за учество во училишниот одбор, водејќи сметка за етничката застапеност. Претставниците на ученичкиот парламент во училишниот одбор, како и во сите други училишни тела, имаат право да земат збор и да го изразат своето мислење и став, да дискутираат за проблеми и да предлагаат решенија во насока на подобрување на севкупниот училиштен живот.

## 2.3 ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Според членот 68, став 8, Законот за основно образование препознава ученички правобранител, чија улога е да „се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето“. Ученички правобранител е ученичка функција и должност која претставува нов модел на ученичко учество, доста значаен за заштита на детските права во училиштето. За да се обезбеди поголемо вклучување во различни одделенија, се препорачува освен ученички правобранител да се изберат и (најмалку) двајца негови заменици.

Функцијата и улогата на ученичкиот правобранител и неговите заменици ќе биде составена од две примарни компоненти:

**1. Промовирање на детските права.**
Задачата на ученичкиот правобранител за промовирање на детските права примарно ќе биде реализирана преку промотивни активности (**едукативни**

**работилници, дебати, инфоденови итн.**). Информациите за содржината на работилниците треба да бидат обезбедени од стручната служба во училиштето (или тимот за поддршка), која треба да претставува партнер на ученичкиот правобранител. Исто така, учениците правобранители и замениците ќе можат да организираат информативни настани преку кои ќе се промовираат детските права. Ученичкиот правобранител подготвува извештаи (полугодишен и годишен) во кои ги сумира поднесените поплаки и состојбите со прекршувањето на правата на учениците во училиштето).

**2. Поддршка за заштита на детските права.**
Втората задача на ученичкиот правобранител и неговите заменици е поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето. Ученичкиот правобранител препознава прекршување на детските права и прибира поплаки од учениците, кои понатаму ги доставува до стручната служба на натамошно решавање. Ученичкиот правобранител подготвува и доставува приговори од страна на ученици поврзани со прекршување на нивните права од страна на наставниот и ненаставниот кадар во училиштето до директорот и до училишниот одбор. Во рамки на оваа задача е прибирање на податоци од сите органи и тела на училишниот парламент и стручната служба во училиштето, добивајќи улога на постојан набљудувач. Ученичките правобранители имаат редовни состаноци со стручната служба на училиштето. Ученичкиот правобранител може да учествува во работата на ученичкиот парламент и другите тела на училиштата на кои се разговара за проблеми поврзани со можни повреди на правата на учениците.

## 2.3.1 Постапка за избор на ученички правобранител

Според Законот, ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение, по пат на тајно гласање. Следува опис на последователните чекори за селекција на ученичкиот правобранител и неговите заменици, кои секое училиште се препорачува да ги направи со можност за дополнителни активности врз основа на специфични потреби на локално ниво.

**Чекор 1**
Директорот ги информира сите наставници во училиштето, при првата заедничка средба (најдобро на седница на наставничкиот совет), за целиот процес на селекција и собирање за нивно активно вклучување и целосна поддршка.

**Чекор 2**
**Стручната (педагошко-психолошката) служба** во основното училиште подготвува отворен повик за избор на ученички правобранител и негови заменици (Прилог 4, 5, 6). Повикот се објавува на **огласните табли** и на **веб-страницата на училиштето, при што се почитуваат следните насоки:**

- Повикот се однесува на учениците што учат во училиштето каде што се објавува повикот.
- Повикот за ученички правобранител и негови заменици се објавува на почетокот на октомври секоја втора учебна година.
- Кандидат за ученички правобранител и заменици на ученичките правобранители може да бидат само ученици од 7-мо, 8-мо и 9-то одделение. Во повикот јасно се опишува позицијата и обврските на функцијата ученички правобранител и на неговите заменици со потенцирање на гореневедените услови за пријавување (возраста).
- Со повикот се приложува и формулар за пријавување, којшто е соодветен на возраста на учениците. Документацијата треба да ја обезбеди стручната служба во училиштето.
- Во повикот се означува крајниот датум за поднесување пријави.
- Во повикот се назначува до кого и каде се доставуваат пријавите од учениците.
- Во повикот се објаснува процесот на селекција: кој ќе биде вклучен во процесот на селекција, кога и каде ќе се направи финалната селекција и кога ќе бидат објавени резултатите.
- Во повикот се објаснува и процесот на воведна обука на избраните учесници, што ќе ја изведат стручните служби на училиштето, врз основа на модулите за обука достапни во анексот на овој документ.

**Чекор 3**
Најдоцна една недела пред истекот на крајниот рок за пријавување, одделенските, односно раководителите на паралелките имаат задача да го промовираат и да им го објаснат повикот на своите ученици и да одговорат на сите нивни прашања. Ова подразбира потреба од претходна подготовка на сите одделенски, односно раководители на паралелка (од соодветните одделенија), која ќе ја изведе стручната служба.

**Чекор 4**
Во текот на отворениот повик (пред истекот на крајниот назначен рок) за пријавување се формира комисија за избор на ученички правобранител, која се состои од: **педагог, психолог и 3 лица назначени од ученичкиот парламент** (бројот на членови на комисијата е непарен). Задачата на оваа комисија е да ги разгледа пријавите за ученик правобранител и да организира избори за ученички правобранител. Пријавите треба да содржат основни податоци, мотивација за пријава како ученички правобранител (или заменик) и идеи за унапредување и заштита на детските права во училиштето. Мандатот на комисијата е две години (сè до следниот избор на ученик правобранител).

**Чекор 5**
Комисијата за избор на ученички правобранител дефинира датум за избори и го објавува јавно на огласната табла на училиштето. На огласната табла

заедно со информацијата за избори се наведуваат и пријавите на кандидатите за ученички правобранители и замениците на ученичките правобранители за да се запознаат учениците со нивните идеи и видувања. За потребите на изборите, комисијата ќе испечати ливчиња со имињата на кандидатите за ученички правобранител и заменици. Симулирајќи вистински процес на избори, секој гласач ќе добие ливче, ќе го заокружи тајно и ќе го стави во кутијата за избори.

**Чекор 6**
По завршување на гласањето, комисијата јавно ги пребројува гласовите. За избран ученички правобранител се смета оној што добил најмногу гласови од учениците што гласале од 7-мо, 8-мо и 9-то одделение. Избраните правобранители потпишуваат изјава за одговорност при спроведувањето на сите активности во состав на нивниот мандат (Прилог 7 и 8).

### 2.3.2 Мандат на ученичкиот правобранител

Поради конзистентност и одржливост на моделот, се препорачува мандатот на ученичкиот правобранител и неговите заменици да биде **2 години** (освен кога за ученички правобранител е избран ученик од деветто одделение, тогаш мандатот е една година). По завршувањето на мандатот се објавува нов повик. На повикот можат да се пријават и замениците на правобранителите вклучени во претходниот мандат. По завршувањето на мандатот, училиштето му доделува **сертификат на ученичкиот правобранител** за определениот временски период.

Доколку за време на мандатот ученичкиот правобранител не е во можност да продолжи со активностите врз основа на разни причини, комисијата за избор на ученички правобранител (или директорот) номинира некој од замениците сè до завршувањето на регуларниот мандат. Доколку и учениците заменици не се во можност да продолжат со нивните одговорности, комисијата одлучува за распишување на нов (предвремен) избор на ученички правобранител.

### 2.3.3 Процедура за поднесување претставки и комуникација со училишниот персонал

**Жалба/поплака/претставка** (Прилог 9) може да поднесе секој ученик на училиштето, доколку смета дека е повредено некое негово право. Формата за претставка треба да биде достапна на веб-страницата на училиштето и кај ученичкиот правобранител. Пополнетата претставка се доставува до ученичкиот правобранител или до некој од неговите заменици. Доставувањето може да биде по електронски пат или лично. Ученикот правобранител поседува посебна електронска адреса (e-mail), којашто ќе му ја обезбеди училиштето. Адресата е наведена на веб-страницата на училиштето и е поставена на видно место на огласната табла на училиштето. Доколку оној што пријавува повреда на некое право сака да контактира лично со ученичкиот правобранител, може да оствари директна средба со него. По состанокот се заклучува дали треба да се пополни претставката и да се достави официјално.

Претставката може да биде **потпишана** и да содржи лични податоци на подносителот **(индивидуална**), да ги содржи околностите, фактите и доказите врз кои се темели претставката или претставката може да биде **анонимна.** Исто така, претставката може да биде **групна** (од повеќе ученици или цела паралелка или одделение).

Анонимната претставка може да се доставува само по електронски пат, но мора да ги содржи сите факти врз кои се темели сознанието за прекршување на детските права.

Откако ученикот адекватно ја доставил претставката, ученичкиот правобранител одредува дали претставката е соодветна. Ученичкиот правобранител во консултација со замениците одредува дали претставката е прекршување на некое детско право или претставката не е соодветна за понатамошно разгледување. Ученичкиот правобранител во секој момент може да побара помош и да се консултира со наставник, претставник на стручните служби или некој од надвор (претставник на невладина организација, адвокат, Народен правобранител итн.).

По доставената претставка по регуларен пат, доколку таа е потпишана, односно не е анонимна, ученичкиот правобранител или неговите заменици се обидуваат да договорат состанок со оној што ја поднесува поплаката во соодветно време и место. Од тој состанок ученичкиот правобранител или замениците прават краток записник со најбитните елементи и ја продолжуваат комуникацијата со стручните служби. Доколку претставката е од посериозен карактер и не може да се реши во рамките на надлежноста на стручната служба и директорот на училиштето, ученичкиот правобранител заедно со стручните служби воспоставува контакт со Заменикот народен правобранител задолжен за детските права за да го запознае со случајот и заради утврдување на понатамошните насоки. По утврдувањето на насоките, претставката заедно со записникот се доставува до стручната служба на училиштето. Понатаму, ученичкиот правобранител дискутира за претставката и записникот од состанокот (доколку го има) со стручната служба. Доколку стручната служба не најде решение за доставената претставка, таа се процесира до Народниот правобранител, кој доколку утврди сериозно прекршување на детските права, ќе дејствува во согласност со своите надлежности. Ученичкиот правобранител заедно со тимот за поддршка (стручната служба) води листа за евиденција на прекршени детски права – Прилог 10.

## 2.4 НАСОКИ И ОСНОВНИ ДОКУМЕНТИ ПОТРЕБНИ ЗА УСПЕШНО ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА УЧЕНИЧКИТЕ АКТИВНОСТИ

### 2.4.1 Годишен план за работа (Акциски план на активности)

Секоја заедница на паралелката, ученичкиот парламент, како и секоја друга форма на ученичко организирање во училиштето, поради подобра организација во работата и поради евидентирање на активностите треба да изготви годишен план за работа со акциски план на активности. Овој план овозможува полесна и поефикасна реализација и организирање на сите активности. Акцискиот план најдобро е да се состави на почетокот на секоја учебна година и да се однесува на активностите во текот на учебната година. Многу е важно сите членови на одреден тим да учествуваат во составувањето на годишниот план, бидејќи тоа овозможува да се земат предвид идеите на сите и тие да се обединат во единствен план. Така, сите членови ќе се чувствуваат добро поради своето учество и повеќе ќе се ангажираат за спроведување на активностите од планот. Изработката на годишниот план за работа не смее да биде премногу формализирана и не е потребно самиот план да има правна форма. Важно е што е можно поголем број ученици да учествуваат во неговата изработка, да содржи конкретни и реално остварливи активности во кои ќе бидат вклучени сите ученици и да има јасна структура преку која ќе може да се следи неговото остварување. Може овој план да биде закачен и на видно место во училницата/училиштето и да се изработуваат графикони во боја од кои ќе може да се види напредокот во остварувањето на зацртаните активности.

За да се состави успешен годишен план потребно е:

- да се утврдат сите активности што може да се реализираат во една година и да придонесат за постигнување на целите на работата,
- да се утврди рок за извршување на секоја активност,
- да се идентификуваат носителите на секоја активност или оние што ќе се грижат за извршување на активностите според планот,
- да се утврди бројот на учесници во секоја активност (опфатот на учениците),
- да се дадат начини со кои ќе се обезбеди вклучување на сите ученици без дискриминација врз основа на пол или попреченост,
- да се одредат потребите за материјални или човечки ресурси за секоја активност,
- да се предвидат соработници (внатрешни и надворешни) кои може да помогнат во остварување на планот,
- годишниот план на активности се претставува графички преку табела за да се добие целосна претстава за активностите во текот на годината,
- акцискиот план е интегрален дел од годишната програма на училиштето.

### 2.4.2 Состаноци на телата на ученичката заедница (ученички парламент, заедница на паралелка, ученички правобранител, други постојани и привремени тела со активно учество на учениците)

Телата треба да одржуваат состаноци на определен (однапред зацртан) временски период и секогаш кога за тоа ќе има потреба. Периодичните состаноци на телото му овозможуваат тоа континуирано да функционира. Преку овие состаноци, телото ги разгледува сите прашања што се од значење за учениците, а во исто време практикува и демократија во училиштето. Затоа е многу важно состаноците на телото да се добро подготвени и организирани, бидејќи преку овие состаноци се учат и вештини што се неопходни за демократијата, а тоа се:

- преземање одговорност,
- изразување мислење за прашања што ги загрижуваат членовите и што директно влијаат врз нив,
- практично однесување во групата, кое се темели на демократски принципи и вредности,
- почитување на правата на другите,
- комуницирање на демократски начин,
- прифаќање на одлуките на демократски начин,
- развивање демократска култура во училиштето.

Исто така, преку работата на овие состаноци се совладуваат и општествените вештини, како што се:

- да се слушаат другите,
- да се развива грижа за другите,
- да се биде чувствителен кон другите,
- да се изразат своите чувства и потреби,
- да се изразат своите ставови,
- да се знаат и да се почитуваат правилата и договорите,
- да се надминат противречностите и тешкотиите,
- да се пофалат другите,
- да се изрази конструктивна критика,
- да се разрешат конфликтите без насилство,
- да се разговара за проблемите и да се најдат решенија.

За да може да ја остварат својата цел овие средби, треба да има однапред позната процедура на одржување на средбите и однапред воспоставени правила на однесување (за кои се договориле учениците), кои ќе бидат истакнати на видно место.
Во состав на овој документ се дадени неколку примери на документи коишто се сметаат за неопходни за успешна работа на ученичкиот парламент (Прилог 11, 12, 13, 14).

### 2.4.3 Улогата на учениците на состаноците на телото

Генерално, улогите дадени подолу учениците треба да ги исполнат во телото:

- претседател/координатор – го води состанокот и се грижи за одржување на агендата (дневниот ред) на состанокот;
- записничар – води евиденција за резултатите и местата на состанокот со запишување во записникот; го архивира записот во датотеката за снимање;
- организатор – собира предлози за дискусија, ја подготвува салата за состаноци, подготвува материјали за работа, подготвува технички ресурси, доколку е потребно итн.

Треба да бидат доделени што е можно повеќе улоги (задолженија), кои се сметаат за важни за секој одделен состанок што ќе овозможи ангажирање и давање на значење на секој ученик. На пример: собирање потребни документи и податоци за одредена точка на дневен ред, комуникација со наставници, стручна служба, комуникација со ученички правобранител итн.

Должностите секогаш треба да ги извршуваат различни ученици. Учениците треба да бидат добро информирани за задачите, што се очекува од нив и што им стои на располагање за да можат добро да се подготват и успешно да ги извршуваат своите задачи. Секој ученик може да побара помош од другите ученици во извршувањето на дадената задача. Треба да се стимулира барањето помош и искористувањето на веќе стекнатото знаење на другите.

Пред состанокот, тимот треба да одржи подготвителен состанок на кој е задолжително да присуствуваат сите членови што имаат некаква улога на следниот состанок.

## 2.5 КОНКРЕТНИ НАСОКИ ЗА ОБВРСКИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ И СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ

Водичот нуди ресурси за обуки и активности на наставниците, стручните соработници и на учениците од училиштата. Ресурсите се насочени кон основно запознавање со суштината на детските права, но, исто така, со нивната примена учениците, осознавајќи ги своите демократски права, треба да бидат подготвени и иницијативни за постојано дејствување во граѓанското општество.

Улогата на наставниците е многу значајна во процесот на осознавање и зајакнување на демократските капацитети на учениците. Тие треба да им бидат постојана поддршка на учениците и ненаметливо да ги водат низ целиот процес на демократско созревање.

Основната идеја е дека ученичкиот парламент и неговите тела треба да се организирани и поддржувани од самите ученици. Целта на **тимот за поддршка** е да овозможи да се адресираат и да се отворат важните прашања и проблеми на многу структуриран и демократски начин. Така, освен практикување демократија, учениците ќе учат и да дејствуваат. Во секој случај, потребна е помош од наставниците за правилно да се води работата на телата на ученичкиот парламент, пред сѐ од оние наставници што имаат искуство и што покажуваат подготвеност да помогнат.

Според тоа, наставникот којшто **директно учествува** во работата на ученичкиот парламент:

- треба да ги почитува истите правила како и учениците – членови на телата (на пример, барање за збор, почитување на времето на говорот итн.);
- не смее да го узурпира времето, ниту пак да се наметнува со свои мислења и ставови;
- треба што е можно помалку да дава сопствени мислења;
- не треба отворено да поддржува или да се спротиставува на одредена идеја;
- треба да реагира при нарушување на правилата (повикувајќи се на тие правила).

Доколку наставникот е **набљудувач и советник**:

- работи како ментор и обезбедува поддршка;
- заедно со учениците развива правила на комуникација на состаноците;
- заедно со учениците подготвува форма на записник, форма на предлог за дискусија итн.;
- заедно со учениците ги утврдува и ги опишува задачите и функциите на членовите;
- подготвува материјали за средби, се справува со проблеми;
- дејствува како пример и доколку е потребно покажува како треба да се направат работите (на пример, како да се отвори состанок, како да се организира донесувањето на одлуки за конкретни прашања итн.);
- реагира кога тоа од него ќе го побараат учениците или кога е нарушен процесот.

Во процесот на формирање на **ученичкиот парламент** наставниците, односно **тимот за поддршка, со ученичкиот парламент** треба да реализираат работилници за запознавање на учениците со нивните права, како и со вистинското, автентично учество на учениците во секојдневниот демократски живот на училиштето. Во пакетот се дадени примери од работилници за учење на детските права, преземање на ученички акции, одржување настани. (Модулите за

работилниците се наоѓаат во анексот на овој Водич: Ресурси за обуки и работилници со учениците – *дел од модулите се преземени од прирачниците за образование за животни вештини)*. Во почетокот на учебната година се препорачува членовите на т**имот за поддршка** да подготват акциски план за ученичко учество и организирање за да се воведат учениците во процесот.

Со оглед на тоа што за организирање и учество во демократските процеси во училиштето е потребно учениците да се стекнат и со комуникациски вештини, како и да се запознаат со процедурите на демократското одлучување во училиштето, во Водичот се вклучени и содржини и дополнителни обуки кои наставниците можат да ги реализираат во текот на годината, а тоа се: „Комуникациски вештини, лидерство и тимска работа“, „Дебата во образованието“, „Истражување – како да развиете прашалник“, „Организирање состаноци“ и „Работилница за интеркултурно образование“.

Воедно, наставниците од тимот за поддршка присуствуваат на состаноците и обезбедуваат логистичка поддршка за функционирање на формите на ученичко организирање (заедници на паралелка, ученички парламент, други постојани и привремени тела на ученичко организирање). Тие треба да им помагаат на учениците при водењето архива од активности (портфолио, агенди, листи на учесници, извештаи од настани, слики, видеа итн.). Наставниците што се дел од тимот за поддршка водат портфолио, односно документација за активностите на ученичкиот парламент и ученичките правобранители.

Понатаму, наставниците и стручните соработници имаат обврска да одржуваат редовни состаноци со ученичкиот правобранител за координација и споделување информации и планирање заеднички активности. **Стручните служби водат евиденција на прекршоци и записници од состаноци од активностите на ученичкиот правобранител.**

Наставниците треба да им помогнат на ученичките правобранители во работата со тоа што ќе обезбедат поддршка при организирање на работилници со учениците посветени на детските права, организирање на промотивни настани (инфоденови), процесирање на претставките за прекршени права итн.

# 3. РЕСУРСИ ЗА ПОДДРШКА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ АКТИВНОСТИ ВО УЧИЛИШТЕТО

## 3.1. КОМУНИКАЦИЈА, ЛИДЕРСТВО И ТИМСКА РАБОТА

### 3.1.1. Комуникација – вовед

Комуникацијата одиграла една од главните улоги во развојот на способностите коишто ги развил човекот, како еден од основните предуслови за неговиот развој. Јазикот и комуникациските вештини се основата за секоја работа, особено кога станува збор за луѓе коишто преку своите активности реализираат проекти и програми коишто треба да бидат во функција на развој на општеството.

Но, како ние комуницираме? Какви видови на комуникација постојат? И најважно од сè, како можеме да ја развиеме и да ја подобриме нашата комуникација при нашите секојдневни активности, а при тоа да ги отстрануваме и да бидеме свесни за разни блокади коишто ја попречуваат нашата комуникација со другиот дел од заедницата?

**Вербална комуникација**

Кога имаме интеракција со групата со којашто работиме, треба да го имаме предвид двонасочниот процес на испраќање и примање на пораките, односно информациите. Во двата случаи, испраќачот на информацијата и примателот, ги толкуваат на свој начин. Тука важна улога одигруваат различните фактори, како што се: претходните искуства, културата, семејните обичаи, припаѓањето на одредена етничка заедница, различниот пол, руралната/урбаната средина и уште многу други. За да се надминат (намалат) овие разлики, потребно е познавање на соговорникот и многу детално објаснување на она што сакаме да го кажеме.

Вербалната комуникација овозможува внесување на одреден начин на говор кој обилува со пригодни фрази и љубезно обраќање (молам, повели, доколку би сакал, интересно, тешко ми е да се согласам, ...). Посебен аспект на вербалната комуникација е чистење на говорот на омраза, на стереотипизирање и на навредување.

Голем дел од конфликтите меѓу луѓето произлегуваат од несоодветно разбрани содржини при вербалната комуникација и употреба на грубости што создаваат атмосфера на закана, страв, омаловажување и непријатност.

**Вежба 1.** Вербална комуникација

Во овој дел од нашата работа ја предвидовме вежбата „Три минути приказна“.

„Се прави избор на една сторија од некој весник којашто трае околу три минути и се состои од најмногу десетина реченици. Треба да внимаваме оваа сторија да изобилува со различни поими, имиња и сл. така што можеме да направиме мали измени на сторијата или целосно да ја измислиме.

Откако ќе ја одбереме содржината на оваа сторија, можеме да ја употребиме во нашата вежба.

Ја изнесуваме групата надвор од работната просторија, а во самата просторија оставаме еден член од групата. Тој може да биде определен од групата, да биде доброволец или ние можеме да замолиме некој да остане. Му ја читаме приказната на учесникот што останал во просторијата, а потоа повикуваме еден член од групата којашто е надвор од работната просторија. Првиот учесник што ја слушнал приказната има задача да му ја каже на учесникот што влегол во просторијата. Потоа следува истата процедура за сите учесници, односно вториот му прераскажува на третиот учесник што се случувало во приказната, па третиот на четвртиот и сè така до последниот. Кога ќе дојде редот на последниот учесник, го замолуваме да ја каже приказната. Ја споредуваме почетната верзија со последната, ја согледуваме разликата и моќта на говорот што за триесетина минути може целосно да ја смени содржината на приказната.“

**Активно слушање**

*„Сите учесници се инволвирани во процесот на комуникација. Добрата комуникација е двонасочен процес: едната личност ја испраќа, а другата ја прима информацијата. Ефективната комуникација е решавачка во работата со група, подеднакво за тренерот, предавачот и сл. и за учесниците, односно групата. Кога луѓето имаат чувство дека нивните идеи и размислувања се вреднувани во групата, тогаш имаме ситуација на поголем придонес во самата работа и развој на чувството на заедништво и групна интеракција. Активното слушање е клучот на ефективната комуникација.“*[3]

Активното слушање е нешто многу повеќе од едноставно слушање на соговорникот. Тоа претставува апсорбирање на сето она што го кажал соговорникот, како и давање до знаење на соговорникот дека бил ислушан.

Активното слушање се провлекува низ двете категории на комуникација: вербалната и невербалната, така што сега ќе ги поминеме на вештините и кратките објаснувања за нив.

**Табела 1.** *Вербални вештини на слушање*

| Вештина | Објаснување |
|---|---|
| Резимирање | Насочување на неколку нешта што се искажани од говорникот кон изготвување на една изјава. Во овој случај треба да ја имаме предвид точноста, односно правилноста на заклучокот.<br>*Пример:*<br>*„Значи, за трите нешта за коишто зборувавте се ...првото, ... второто, ... третото?“* |
| Разјаснување | Проверка дека сето она што е искажано е добро разбрано, како што се одредени факти, размислувања, одлуки, редослед на настани.<br>*Пример:*<br>*„Значи, она што вие го зборувате е дека нема да бидете слободни в петок поради неодложни обврски“.* |
| Осврнување | Нагласување на експлицитните и имплицитните чувства искажани од говорникот и демонстрирање на разбирање и прифаќање.<br>*Пример:*<br>*„Тоа звучи како да било навистина возбудливо...“* |
| Парафразирање | Давање на повратна информација на говорникот, во одредена мера, што било кажано, користејќи сопствени зборови. Оваа вештина ни овозможува да дадеме до знаење дека говорникот е ислушан, а во исто време даваме поттик за продолжување на говорот.<br>*Пример:*<br>*„Ако добро ве разбрав, тоа што се случувало на работа било навистина вознемирувачки...“* |
| Објаснување | Да се даде толкување на дадена изјава. Оваа вештина е од голема помош доколку некој не зборува доволно јасно или нејасно се изјаснува, а ние сакаме активно да учествуваме и да го разбереме.<br>*Пример:*<br>*„Тоа можеби се однесува на...“* |
| Отворени –затворени прашања | Поставување на прашања што ќе ја охрабрат понатамошната дискусија.<br>*Пример:*<br>*„Што се случи потоа?“ или: „Како сето тоа се одрази врз тебе?“*<br>Забележете ја разликата помеѓу овие отворени – затворени прашања и оние коишто се одговараат со ДА и со НЕ, како што се: *„Дали се исплаши?“ или: „И, си замина тогаш?“* |
| Охрабрување | Оваа вештина ги поттикнува размислувањата за придонесот на говорниците, и при сето тоа се потенцира заслугата.<br>*Пример:*<br>*„Тоа навистина беше добар придонес, ви благодарам“.*<br>или употреба на подговор за да се нагласи дека го разбираме она што е кажано. Ова треба да биде во служба на продолжување на разговорот, односно дава до знаење дека слушателот е подготвен да слуша и понатаму.<br>*Пример:*<br>*„Аха, ... а, да... да, да... “* |
| Оставање простор (тишина) | Допуштање на малку време помеѓу она што личноста сака да го каже и продолжување на дискусијата од страна на говорникот.<br>Тишината може да овозможи доискажување на говорникот или може да помогне во апсорбирање на тоа што било кажано. |
| Поврзување | Изјавите/прашањата/коментарите може да бидат поврзани од страна на говорникот, употребувајќи реченици коишто ќе иницираат интерес, поддршка и охрабрување за продолжување.<br>*Пример:*<br>*„Откако беше таму, што се случи?“ или: „И потоа беше...“* |

3 Developing facilitation skills, Патриција Прендивил.

**Табела 2.** *Невербални вештини на слушање*

| Вештина | Објаснување |
| --- | --- |
| Израз на лицето | Нашето лице ги изразува нашите емоции. Допуштете тоа да се случува за време на сесијата. Личноста мора да биде способна да реагира бргу при одлуката за тоа каков одраз на лицето ќе употреби, при тоа секогаш имајќи ја предвид групата, нејзините потреби и сигурноста. |
| Контакт со очите | Го одразува интересот, го охрабрува говорникот да продолжи и нуди поддршка. |
| Говор на телото | Начинот на којшто личноста стои, седи, како го држи телото, испраќа порака за интерес или здодевност. Кога се ислушува некој учесник, слушателот треба да биде насочен кон личноста, со чувство на заинтересираност. |
| Гестикулации | Едни од најзначајните гестикулации се оние искажани преку рацете. Гестикулации за помош, вклучува раширени или подадени раце за зголемување на учеството, потоа гестикулациите со рацете ги користиме за поддршка на говорникот.<br>Климањето со главата нуди потврда и охрабрување за продолжување на говорот. |
| Рационализирање на просторот | Оставање на комотно растојание помеѓу говорникот и слушателот. Недостигот од простор, односно влетувањето во нечиј личен простор може да предизвика непријатност. Ситуацијата на повлекување поради одржување на сопствениот простор или негово градење, предизвикува нарушување на атмосферата за работа на целата група. |
| Временски определен | Да не се прекинува говорникот ако тоа е неопходно. Ова може да се нарече комбинација на вербални и невербални вештини на слушање и е од суштинско значење како тренерот ќе реагира и ќе ја процени ситуацијата за временски определена дискусија. |

Многу битно, за крај, е да потсетиме на различните културни варијации, поаѓајќи од половата различност (да ги земеме предвид некои од невербалните индикатори), етничката припадност, возрасните групи и други, дека во дадени ситуации исти индикатори можат да имаат различно значење.

**Невербална комуникација**

Луѓето при комуникацијата не употребуваат само звуци и зборови. Многу пораки, односно информации се праќаат или се примаат без употреба на зборови. Тренерот, предавачот и сл. не може да знае во секој момент дали и колку би имало интеракција во некој дел од содржините, но секако може да забележи како реагираат одредени членови на групата, па и самата група во определен момент. Токму во овие делови од работата со група, мора да бидеме свесни за невербалните индикатори коишто се испраќаат кон нас или се случуваат внатре во групата.

Кога спомнавме на почетокот дека самоанализата и самопроценката се многу битни делови од развојот на самиот тренер, во голема мера се однесуваат и на невербалната комуникација и односите во групата. Преку невербалните индикатори добиваме навремен фидбек којшто можеби намерно или несвесно ни е испратен од групата.

Невербалните индикатори внатре во групата може да ни ги посочат односите помеѓу членовите во групата, па така нив можеме да ги искористиме за нејзин развој. Тука пред сè се мисли на активноста на членовите и нивниот интерес за темите. Да не заборавиме и на нивото на содржините, односно дали можеби тие се недоволно разбрани, групата сè уште не е во состојба да допре до информациите или пак содржината за нив е нешто што го поминале, па очекуваат повеќе.

Практично, веќе дадовме вовед општо на самото значење на невербалната комуникација, сега би можеле да се осврнеме на делот при работата со група.

Кога работиме со група, мораме да бидеме свесни за текот на настаните внатре во групата, а во исто време и на реализација на содржините коишто се предвидени со програмата. Не е доволно само да ја поминеме и со тоа да кажеме дека сме ја исполниле агендата на програмата. Токму во овие моменти треба да ги искористиме невербалните индикатори.
Многу е нормално при работата со група да се појават подгрупи, без разлика на нивниот карактер, етничка основа, место на живеење, на пол и друго. Истите овие подгрупи влијаат и врз развојот на групата, односно интеракцијата внатре во групата.
Многу важен елемент на невербална комуникација е поставеноста на тренерот, т.е. наставникот. Кој било облик на физичка доминација во просторот може да ја промени динамиката на работата на групата.

Во овој дел од тренингот предвидовме вежба каде што ќе имаме можност да ги согледаме, а во исто време и да ги истражиме невербалните индикатори коишто се појавуваат при работа со група.

**Вежба 2.** Невербална комуникација
„Карти" – вежбата ни отвора можност да ја проследиме невербалната комуникација од неколку аспекти.

„Пред почетокот на тренингот, зависно од големината на групата, се определуваме на кол ку групи ќе ги поделиме учесниците. Ова е важно, бидејќи во зависност од бројот на групите, ќе треба да направиме исто толкав број различни правила. Некаде би можеле кецовите да бидат најјаки, па двојките и сè така до кралевите. Некаде би можеле кралевите да бидат најјаки, па дамите и сè така до кецовите. Во други групи би можеле да ги поделиме по јачина знаците на картите, па бројките. На пр. срцињата се најјаки, а најслаби се пиковите, значи сè зависи од нашата фантазија. Битно е да се запомни дека колку групи ќе имаме, толку правила треба да имаме определено.

Откако ќе ги поделиме во групи, по примерот еден, два, три, четири итн., единиците ги седнуваме на

една маса, двојките на друга, тројките, четворките... најпрецизно даваме до знаење дека што и да прават учесниците, не смеат да зборуваат, односно да испуштаат некакви звуци. Им ги даваме инструкциите напишани на хартија коишто ги читаат и откако ќе ги прочитаат им ги земаме печатените правила, а вежбата продолжува со играње карти. Во секоја група имаме член со најмногу карти, односно победник, како и член со најмалку карти, односно губитник. Победниците ги менуваат групите, од прва во втора, од втора во трета, од трета во четврта, од четврта во прва, додека губитниците од четврта одат во трета група, од трета во втора, од втора во прва и од прва во четврта група.

Вака измешаните групи, коишто играат по свои правила, доведуваат до една измешана ситуација, бидејќи сето време напоменуваме дека учесниците не смеат да зборуваат.

Колку пати ќе ги измешаме групите по овој принцип, зависи од нас, препорачливо е три до четири круга, а потоа да се премине кон дискусија.

За дискусијата треба да имаме подготвено полуструктуирани прашања од типот на самиот почеток за тоа како се чувствуваат учесниците, па потоа за текот на вежбата, како е остварен почетниот контакт, каква била реакцијата за текот на вежбата, па сè до тоа како била употребена невербалната комуникација за време на вежбата.

**Примери на интеракција на невербална комуникација.**
Кога зборуваме за невербална комуникација, можеме да проследиме некои од примерите коишто се генерални и присутни насекаде:

- ***претпоставки базирани на полот:*** луѓето се однесуваат различно кога се во прашање мажите или жените. Сите членови на општеството имаат определени мислења, како треба да се однесува една жена или маж. Токму затоа, некои членови може да се чувствуваат покомотно, кога се во присуство на некој од двата пола, зависно од темата и возраста на учесниците.
- ***социјален/економски статус:*** начинот на однесување во групата може да има претходни импликации во однос на социјалната класа. Некои членови може да чувствуваат дека доаѓаат од посебен, подобар дел од градот, државата и сл., така што реагираат несоодветно кон дел од членовите на групата, а што може да биде забележано преку различни невербални индикатори; затвореност кон некого, гримаси на лицето и сл.
- ***раса и етничка припадност:*** би можело да биде од комплетно неприфаќање до комплетно сожалување, така што и во двата случаи имаме неприфатлива комбинација. Околу одбивањето на некој член од групата, преку затвореност, израз на лицето и сл. веќе имаме напоменато, додека во делот на сожалување, имаме случај на преголема заштита, преголема отвореност којашто доколку е пренагласена од помош прераснува во сожалување и навреда.
- ***возраст:*** поделбата по години, односно по возраст може негативно да се одрази на интеракцијата на групата.
- ***попреченост во развојот:*** знаци коишто можат да бидат присутни, од страв, преку повторно сожалување, па и одбивање, односно ужасување од самото присуство на овие луѓе.

Но, нас во основа нè интересира групата и невербалните индикатори во самата група.

**Вежба 3.** Реакции и движења
Од таа причина ја подготвивме вежбата „Крст“, која директно ќе ни послужи за согледување на нашите движења и реакции.

„Во оваа вежба учествуваат четворица учесници, седнати во крст-позиција, односно еден спроти друг. Секој член од групата дискутира на одредена тема, со тоа што имаме еден деструктивец во групата, еден кој преку звуци и нагли движења го попречува разговорот, вториот е многу внесен во дискутантите, молчи но упорно ги гледа, односно е фокусиран на дискутантите и нормално двајца дискутанти. По одредено време ги менуваме улогите со поместување на кругот.

Следува дискусија за вежбата со сите учесници.“

***Заклучок 1: Комуникација***

При употреба на вербалната комуникација, треба да внимаваме:

- ***на тонот на гласот –*** моќен индикатор во односите со групата. Мала нејаснотија или спротивно примање на пораката од страна на учесниците може да биде последица токму од тонот на гласот. Понекогаш пораката за „поголема вклученост во активностите“ може различно да се протолкува, зависно од „строгиот длабок“ глас, „тивкиот и неодреден“ глас, па сè до „емотивно приврзаниот“ глас на тренерот, предавачот и сл.
- ***на толкувањето*** или објаснувањето на одредени делови од сесијата, кога веќе имаме поголем број на информации, па нивното сведување и подредување би можело да помогне за понатамошниот дел на планираните активности во нивна реализација.
- ***на јазикот*** и неговата употреба. Употребата на почистиот говор и остварената комуникација со групата се заемно поврзани. Само да се навратиме на самиот почеток од нашиот прирачник каде што укажавме на тоа како ќе бидеме прифатени од групата и која доза на сериозност или употреба на хумор може да ни помогне. Тука можеме да ја лоцираме „чистотата“ на јазикот и употребата на жаргони.
- ***на љубезните фрази и изрази –*** започнување на реченицата или на изнесување мислење и став со употреба на љубезна фраза овозможува намалување на негативниот ефект на несогласување и отворање на оној со поинакво мислење кон разговор за разликите. Љубезните фрази овоз-

можуваат избегнување на конфликти и создавање заканувачка атмосфера.

- ***да избегнуваме навреди, исмевање, стереотипи, омаловажувачки изрази –*** овој облик на говор секогаш предизвикува отпор на оној кон кого се упатени фразите, оневозможува работа во група и доведува до конфликти или повлекување и пасивизирање на некои членови на тимот.

Невербални индикатори:

- ***говорот на телото*** или положбата на нашето тело во однос на групата. Отвореноста, односно држењето на рацете во прекрстена положба, потоа положбата на рамењата, може да доведе до збунетост или страв. Заробување на гардот или затворање ни покажува превенција и ја стопира интеракцијата. Мора да обрнеме внимание како стоиме, бидејќи може да биде отсликана нашата сигурност.
- ***начинот на облекување –*** во оваа насока беа напоменати половата различност, потоа стилот на облекување и привлекување на вниманието. Комфорноста на нашата облека треба да биде во склад со самата група. Преголемата разлика во облеката може да ја назначи и преголемата разлика помеѓу тренерот, предавачот и сл. и групата.
- ***движењата*** на нашите раце можат во голема мера да ни помогнат во нашето објаснување. Треба да се обрне внимание да не се спречува, односно нашите знаци да не бидат заканувачки кон групата, така што во овој случај би имале контраефект, односно намалување или укинување на интеракцијата со групата.
- ***поставувањето во просторот –*** доколку сите седат, а некој стане, тој некој доминира со просторот. Заземањето на еднаков простор на различни групи е од исклучително значење (посебно на девојчињата и машките).
- Спојувањето на вербалната и невербалната комуникација најдобро можеме да го проследиме со користењето на техниките на активното слушање без кои овие два вида на комуникација би немале место во овој модул за работа со група.

## 3.1.2. Лидерство – вовед

„Одредено водство, преземање на иницијатива и одговорност, но во исто време оставајќи им простор на сите да се искажат или да учествуваат" – вака некако често се наоѓаат некои дефиниции или размислувања од разни учесници на разни семинари.

Можеби во секојдневниот живот зборот „лидер" има некое премногу силно значење. Некогаш се доведува дури и до апсолутистичко однесување и право на некој поединец. Но, дали така треба да се гледа или мери лидерството?

**Карактеристики и вредности на лидерството**
Веќе напоменавме дека за лидерство ни е потребно преземање на иницијативи, преземање одговорност за нештата. Самото лидерство е спој на разни карактеристики и вредности коишто ги одредуваме.

Преземање водство во некои работи при реализација на разни активности многу често е неопходно. Бидејќи работиме со различни групи, односно различни членови и личности, за различни моменти ни се потребни различни акции.

Значи, воопшто не е лесно се да поминеме низ некоја дефиниција или да дадеме краен заклучок.

Во делот на лидерство, многу често е добро самата група да оцени и да определи што е потребно за добро лидерство.
Значаен елемент за кој треба да се води сметка е дека за различни активности може и треба да постојат различни лидери. На пример, во некоја физичка активност може како лидери да се појават едни деца, во некоја активност поврзана со вештини, како лидери може да се појават други деца. Не смее лидерството во една активност да се наметне како апсолутно лидерство за сите активности или пак да се дозволи да се наметнат активности каде што како лидери се појавува само одредена група деца.

Во нашиов случај ќе имаме објаснување на вежбите коишто се соодветни при одредување на карактеристиките и вредностите на лидерството.

**Вежба 1.** Квалитети на лидерството
„Целта на оваа вежба е да се поттикне размислувањето на учесниците за карактеристиките на еден добар лидер.

Процесот вклучува определување на лидери на групи и искуството коешто е добиено со вежбата.
Времетраење: 60–100 минути.
Процедура:

- Со лист хартија и пенкало в рака секој од учесниците размислува за некој лидер којшто тие го знаат или како го замислуваат. Сите учесници запишуваат како го замислуваат лидерот, неговите достигнувања, вештини и способности.
- Формираме неколку групи од по 4–5 учесници, зависно од бројот на учесниците. Бараме секоја група да назначи лидер.
- Откако секоја група ќе има назначено лидер, бараме од назначениот лидер да ја фацилитира работата во својата група, при што учесниците ќе имаат можност да ги споделат нивните гледишта околу тоа кој бил нивниот избор на лидер којшто го запишале на листот, кои се неговите достигнувања, вештини и способности.
- Откако учесниците ги споделуваат нивните модели за лидер, избраниот лидер на групата отвора дискусија за квалитетите на добар лидер, базирајќи се на тоа што било кажано.
- Секоја група доаѓа до консензус за 6 најбитни карактеристики за коишто смета дека се најбитни за добар лидер.
- Сега составуваме една група од лидерите на гру-

пите. Го користиме моделот на **аквариум** во центарот на просторијата. На лидерите на групите им оставаме 10–15 мин. да се договорат кои се најбитните 6 карактеристики на добар лидер. По истекот на даденото време, лидерите ги враќаме во матичните групи. Понатаму на нив останува како ќе се договорат. Аквариумот можеме да го повториме неколку пати и потоа означуваме крај на вежбата.

Насочување на дискусијата:
(за лидерите)
Поединечно и во аквариумот.

- Како се чувствувате сега по завршувањето на вежбата?
- Што мислите, колку добро ја изведовте вашата улога на лидер во малите групи?
- Колку сте задоволни со процесот и начинот на којшто бевте избран?
- Колку сте задоволен со процесот во аквариумот и дали ги оправдавте очекувањата?

(за членовите на групите)

- Како се чувствувате сега по завршувањето на вежбата?
- Дали сте задоволни од начинот на којшто избравте лидер?
- Доколку ја повториме вежбата, што би направиле различно од ова или што би промениле? Кои се вашите сугестии за вашиот лидер?
- Што би направиле различно, доколку вие бевте лидер?"

**Лидерот во мене**
Кога имаме тренинг-сесии за лидерство, секогаш мора да целиме кон распознавање на лидерските способности на луѓето. Во различни ситуации имаме различни потреби, па оттаму треба да бидеме охрабрени да преземаме иницијативи. Многу голема помош би имале доколку сме свесни за нашите лидерски способности.

Во оваа насока се движи и нашата вежба „Лидерот во мене".

**Вежба 5.** Лидерот во мене
Времетраење: 45 мин.

„Целта на вежбата е да ги охрабриме членовите да ги распознаат своите лидерски способности.

- Без употребување на зборот „лидерство" ги повикуваме сите членови на групата да се присетат на некој случај кога тие интервенирале на сопствена рака во некоја ситуација, преземале иницијатива или одговорност. Тука може да бидат случки од работа, во семејството, во заедницата... не треба да биде којзнае колкава случка.
- Поставуваме прашања:
    - o Што се случило?
    - o Кој бил инволвиран?
    - o Како сте се чуствувале додека сте ја преземале акцијата?
    - o Каква реакција се случи?
- Формираме групи од тројца. Додека едниот зборува и ја раскажува случката, другите го слушаат и евидентираат кои способности, квалитети и вештини биле употребени од говорникот. Ги запишуваат. Постапката се повторува со сите тројца.
- Се враќаме во големата група. Ги листаме вредностите и квалитетите коишто биле употребени од учесниците.

***Заклучок 2: Лидерство***

- Раководењето со човечките ресурси е една од најпредизвикувачките и најсложените работи на лидерот. Секоја личност е посебна и доколку теоријата на мотивација може да го предвиди однесувањето на луѓето во поголемиот дел од времето, не може да се предвиди што ќе направи индивидуалецот во одреден момент или ситуација.

## 3.1.3. Тимска работа

Основни елементи на успешен тим:

- членовите на тимот имаат заедничка цел или цели;
- членовите на тимот прифаќаат воедначени методи за достигнување на саканата цел;
- членовите на тимот споделуваат слични вредности;
- членовите на тимот имаат индивидуални задачи и улоги што помагаат во постигнувањето на целта;
- членовите партиципираат подеднакво во дискусијата и одлучувањето и распределбата на работата. Ова гради чувство на сопственост и почит помеѓу членовите на тимот;
- членовите на тимот соработуваат и се почитуваат, ги толерираат индивидуалните разлики;
- искреноста и отворената комуникација се на прво место;
- членовите на тимот создаваат атмосфера во која може да се пласира конструктивна критика;
- членовите на тимот се волни да го разрешат конфликтот најбрзо што може;
- тимот е единствен во своите напори, индивидуалните потреби се совпаѓаат со заедничката потреба и цел.

Тим претставува делење на правата и одговорностите на секој член на тимот во зависност од неговите интереси, можности и знаење. Одлуките се донесуваат со договарање, компромиси, отворено и кога е можно со консензус.

Тимската работа има поразлични методи и начини на однесување од индивидуалната. Членовите на тимот треба да работат заедно и да се поддржуваат еден со друг. Тимот развива свест за квалитетите на секој од членовите и препознавање на специфичниот придонес кој секој од нив може да го даде. Споделувањето на правата и на обврските вообичаено дава поголеми резултати од обичниот збир на индивидуални активности. Тимската работа не значи механичка поделба на работите, туку осмислена и заеднички договорена поделба која секого го поттикнува да даде што е можно повеќе. Лидерите на тимот имаат улога во организирање, координација и фасилитирање во насока на наоѓање и практикување тимски (колективен) стил.

Како да се подобри тимската работа?

- Задачите се делат согласно со интересите, знаењата и вештините на членовите на тимот.
- Не се очекува апсолутно идентичен внос на секој член на тимот, туку се цени индивидуалниот придонес.
- Се поттикнува меѓусебно помагање, споделување на тежината на обврската и споделување на одговорноста.
- Практично решавајте ги проблемите на редовна основа; користете бура на идеи (браинсторминг) секогаш кога е можно. Ова ја стимулира тимската работа и заедничкото разбирање.
- Конфликтот во секоја група е природен. Овие конфликти треба да бидат разрешени на начин што нема да создаде победени и победници за да може тимот да продолжи да работи ефективно.
- Тимската работа не значи дека цело време мора да се работи на купче (може да се поделат работи кои индивидуално ќе се остваруваат).
- Користете ги состаноците како можност за разговор (кој може да излезе и надвор од конкретната активност), меѓусебно запознавање, дознавање на посебните интереси и вештини на секој од членовите на тимот, поддршка и соодветна распределба на ангажманот согласно со можностите на индивидуите.
- Ако нов член се придружи на тимот, назначете некој што ќе биде задолжен за негово воведување во работата, запознавање со методологијата на работа и со досега направеното.

Направете долгорочен план на активности на тимот, со што ќе се развива чувство на припадност на секој член на тимот.
Прославете го секој успех заедно и соберете се да го анализирате секој неуспех со цел да се минимизираат штетните последици и да се изнајдат нови поповолни решенија.

**Вежба 6.** Тимска работа

„Вежба со јајцето“
Потребно ни е по едно „живо“ јајце на 4–5 учесници. Потоа коноп, со којшто ќе го прицврстиме јајцето да виси, многу хартија, ножици, стари весници, картон, лепак, како и простор доволен за секоја група.

Големината на групата да биде до 30 учесници, а веќе напоменавме дека 4–5 учесници во секоја група е најоптималното решение.

Времетраење на активноста е околу еден час и 15-тина минути, од кои првите 10 минути ги користиме за задавање на задачата. Околу 30 минути имаме за решавање на задачата и околу 30 минути за осврт на задачата и дискусија.

Значи, чекор по чекор:

- Ја подготвуваме просторијата во којашто ќе се работи. За секоја група подготвуваме коноп со којшто ќе го врземе јајцето и ќе го обесиме да виси. Треба да внимаваме на висината да не надминува метар и половина до два метри. Јајцето не треба да се мота многу со конопот, бидејќи доколку падне на подот треба да се скрши. На сите мали групи им оставаме многу хартија, стари новини, ножици и лепак.
- Вршиме поделба на групите. Им даваме инстукции: 30 минути да направат конструкција којашто ќе спречи кршење на јајцето. Додека работат треба да знаат дека учесниците и материјалот којшто го потготвуваат не смее да го допре јајцето, како и конопот на којшто виси. Учесниците смеат да го користат само материјалот којшто им е доделен.
- Внимаваме околу почитување на правилата.
- По точно 30 минути се прекинува работата. Поминуваме од група на група и го сечеме конопот. Согледуваме дали вежбата успешно се одвивала.
- Дискусија околу вежбата можеме да развиеме во два дела. Првата е посебно во малите групи (доколку сакаме), а потоа во големата група.

Околу вежбата: во оваа вежба треба да учествуваат сите, како тим. Постојат неколку начини на водење на вежбата, зависно како е замислена, односно како одговара на потребите.

Можеме да им доделиме и различни улоги на учесниците, па потоа дискусијата да ја насочиме во таа насока, односно можеме да ги поставиме прашањата:

- Дали имале доволно простор за изразување?
- Што забележале при заедничката работа? Дали и како успеале да најдат компромис?
- Дали имало временски притисок?
- Дали имало одредено водство? Како тоа било прифатено?

Во секој случај изборот на прашањата е насочен кон тоа како се работело внатре во тимот. Треба да се истакне начинот на комуникација помеѓу учесниците, односно како различните стилови и начини на работа влијаат на крајниот епилог.
Треба да се внимава дискусијата да не премине во меѓусебни обвинувања.

***Заклучок 3: Тимска работа***

Не секој и не секогаш сме подготвени за тимска работа. Но, во секој случај треба да ги имаме предвид предностите коишто тимската работа ни ги носи:

- Ни дава можност за заедничко планирање, евалуација и добивање повратна информација од другите.
- Доведува до споделување на разни искуства коишто влијаат врз квалитетот на спроведување на планираните акции.
- Ни овозможува да ги видиме знаењата и вештините на поголем број луѓе.
- Ни дава можност да се надградиме во оние делови за коишто немаме доволно искуство.

## 1.1. НАСОКИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ЕФЕКТИВНИ СОСТАНОЦИ

**Пред состанокот – известете,информирајте и вклучете**
Напорот што е вложен за известување на членовите на ученичкиот парламент за состанокот ќе резултира со зајакната група чии одлуки се повеќе валидни во очите на заедницата. Дадете ѝ на училишната заедница што е можно поголем број информации, известувања, потсетувања и иницијативи за вклучување.

- Информирајте на огласната табла во училиштето, преку разглас (доколку го имате), преку учениците задолжени за тоа!
- Информирајте во училишните и локалните весници!
- Заокружете ги годишните состаноци на датуми на почетокот на школската година и тоа поставете го на видливо место во училиштето!
- Погрижете се да ги поттикнете учениците да го пренесат вашето известување и дома!
- Јавувајте им се на луѓето – сметајте го телефонот како систем за распространување на информациите!
- Праќајте електронски пораки!
- Користете ги социјалните мрежи и сервиси!
- Огласувајте ги сите значајни настани на привлечен и разнобоен начин!

**Планирање на агенда**
Внимателно планирана и организирана агенда е темелот на успешен состанок. Добра агенда накратко ги подвлекува точките за дискусија и по кој редослед ќе се одвива дискусијата. Точките на дневниот ред треба да ги рефлектираат потребите и интересите на ученичкиот парламент и актуелните случувања во училиштето. Претседателот ја презентира агендата и прашува дали членовите се согласуваат со неа, дали некој има да додаде некоја точка на почетокот на состанокот или можеби треба да се промени редоследот на точките. Претседателот:

- собира податоци од членовите на училишниот парламент за составување на агендата (испраќа циркуларна електронска порака до сите членови седум дена пред одржување на состанокот со прашање дали има некоја активност или проблем за кој мислат дека треба да биде ставен на дневен ред);
- врз основа на добиените податоци и врз основа на годишниот план ја дизајнира агендата во согласност со времето, водејќи сметка за секоја точка да се одвои доволно време за дискусија;
- ги разгледува претходните записници и вклучува точки во агендата што треба повторно да се разгледаат;
- одвојува време за дискусија за прибирање на финансиски средства за реализација на активности и иницијативи што произлегуваат од записникот;
- ги ограничува состаноците на максимум 90 минути;
- ја доставува агендата до членовите три дена пред состанокот;
- се грижи сите членови на ученичкиот парламент да бидат информирани за датумот на состанокот и точките на дневен ред.

### ВОДЕЊЕ НА СОСТАНОКОТ
**Карактеристики на добар претседател (претседавач/модератор)**

- Ги препознава сличностите и разликите на групата (не фаворизира одредени луѓе и не дава различен простор за изразување согласно со сопствените симпатии или несимпатии).
- Ги потенцира интересите и потребите (секогаш го враќа разговорот на конкретната тема).
- Искажува благодарност и ги вреднува различните улоги на луѓето во групните ситуации (употребува јазик со љубезни фрази, не вика, потсетува на правилата на однесување).
- Работи на градење доверба, почит, задоволство и ефективна комуникација помеѓу членовите (не дозволува навредување, омаловажување, потценување или исмевање на кој било и чие било мислење).
- Ја негува соработката со училишните органи (се повикува на податоци и информации добиени од различни извори).

- Овозможува евалуација на крајот од состанокот (ги прашува сите дали имаат забелешки и секоја забелешка се става во записник).

**Основни правила за водење на состанок**

- Претседавачот ги потсетува членовите на правилата за кои заедно се договориле и ги замолува за почитување на тие правила.
- Состаноците на ученичкиот парламент треба да имаат минимална формалност која ќе овозможува одвивање на состанокот.
- Претседавачот му дава збор на секој член.
- За секоја точка е обезбедено време за целосна и слободна дебата помеѓу членовите – еден по еден (разумно ограничување е три минути за искажување на мислење или став).
- На секој што сака да зборува треба да му се овозможи да зборува еднаш пред некој да зборува по втор пат.
- Претседавачот е одговорен за текот на состанокот и треба да се погрижи никој да не ја „присвои“ говорницата (правило на три минути кое однапред ќе биде кажано и стриктно и еднакво применето).
- Само еден предмет се дискутира во исто време.
- Ако времето не дозволува целосна дискусија по одредена точка, може да се искористи правило таа точка да се стави на дневен ред повторно на некој нареден состанок.
- Секој член има еднакви права.

**Правила за работа**
Правилата за работа им помагаат на луѓето да работат ефективно. Тие се алатка, не оружје, и можат да бидат избрани од секоја училишна организација поединечно во зависност од нивните потреби. Важно е организацијата да ги следи поставените правила, а исклучиво е важно претседавачот да ја знае процедурата за:

- подготовка на предлогот;
- известување за предлогот;
- поднесување на предлогот;
- гласање;
- измена и дополнување на предлогот;
- одбивање на предлогот.

Правилата треба да бидат однапред изградени, да бидат во писмена форма и да бидат достапни за сите членови на ученичкиот парламент. Доколку некој од членовите ги побара, тие треба веднаш да му бидат презентирани/доставени.

## РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ
**Бура на идеи**
Неколку основни правила кои ќе помогнат бурата на идеи да стане ефективна алатка за решавање на проблеми.

- Осигурајте се дека на секого му е јасно прашањето и методот на работа (процедурата)!
- Не дозволувајте навредување, омаловажување, потсмевање!
- Запишете ја секоја идеја!
- Поттикнувајте квантитет, не квалитет; колку повеќе идеи дотолку е подобро!
- Менувајте и комбинирајте идеи!
- Употребувајте визуелни средства (понекогаш и училишната табла е доволна)!
- Дозволете им на учесниците да ги одберат приоритетите!

## ВОДЕЊЕ НА ЗАПИСНИЦИ
Записниците вообичаено ги води секретарот. За водење на записниците треба да има однапред подготвен урнек во кој записничарот ќе пополнува. Записниците треба задолжително да се водат на еден од следниве начини:

1. формални записници – кога состанокот го води претседавачот или претседателот на организацијата;
2. полуформални записници – кога мала група неформално дискутира за битни прашања;
3. неформални записници – кога треба да се забележат само најбитните работи од состанокот.

Точните и навремени записници им овозможуваат на членовите на координативното тело на ученичкиот парламент:

- јасно и објективно резиме за текот на состанокот;
- архива на состаноците што можат да ја користат и идните генерации;
- објективни коментари, а не само мислења;
- најбитни работи (Highlights), а не наративен дел во кој никој не може да се снајде;
- предлози и решенија по одредени прашања.

Записниците се испраќаат до секој член на ученичкиот парламент и се достапни на интернет-страницата на ученичкиот парламент.

**Стандарди за успешни состаноци на ученичкиот парламент**

1. Состаноците на телото се одржуваат секој месец. Може да се одржи и вонреден состанок.
2. Сите членови на телото имаат целосни и еднакви права. Наставник или родител може да биде редовен член, но исто така може да учествува во улога на набљудувач или советник со дозвола на претседателот на парламентот.
3. Членовите на телото дејствуваат и комуницираат еден со друг на рамноправна основа со заемно почитување.
4. Заради развивање на демократска култура, учениците во телото постигнуваат договор за правилата, процедурите и последиците/санкциите за нивно непочитување.

5. Состаноците на телото се одржуваат во приспособена просторија, овозможувајќи им на членовите да се видат еден со друг, да се чувствуваат удобно, има доволно простор за сите и потребни алатки за работа (табла, флипчарт, маркери).
6. Сите одлуки донесени на состанокот се обврзувачки и мора да бидат документирани во посебни досиеја (портфолија). Извршувањето на одлуката ја следи раководството на телото.
7. Секој состанок на телото е структуриран на ист начин (започнува со читање и усвојување на записникот од претходниот состанок, усвојување и надополнување на дневниот ред, чија прва точка секогаш мора да биде известување за активностите поврзани со одлуките од претходниот состанок, расправа и донесување одлуки за секоја точка посебно, точка разно, сумирање на задачите за наредниот период, заклучување на состанокот).
8. Најмалку има три функции на учениците од телото за време на состанокот:

а) еден или двајца ученици што го водат состанокот (претседател или заменик- претседател);

б) еден ученик што води евиденција (секретар, записничар);

в) еден ученик што се грижи за организирање на состанокот (секретар, координативно тело);

г) пожелно е да има и други одговорни за состанокот: оние што ги дистрибуираат информациите за состанокот, оние што собираат податоци, одговорни за електронска комуникација, одговорни за социјалните мрежи, одговорни за поставување на записникот и другите информации на интернет, ...).

9. На состанокот, исто така, можат да бидат повикани други лица за да дискутираат за прашањата што ги засегаат или за кои имаат знаења.

## 3.3. ИСТРАЖУВАЊЕ – КАКО ДА РАЗВИЕТЕ ПРАШАЛНИК

Истражувањето може да се дефинира како систематско пребарување и анализа на релевантни информации за одредена тема заради откривање нови информации, факти и податоци и изведување заклучоци Првиот чекор во дизајнирањето на истражувањето е утврдување на потребата нешто да се истражува и што точно ќе се истражува. Истражувањата се прават за да се подобри одредена ситуација, за да се разреши некој проблем, за да се задоволат одредени потреби и интереси на најдобар можен начин, за да се дознае мислењето на одредена група луѓе за веќе спроведени активности или активности кои понатаму ќе се спроведуваат, за нешто да се промени или да не се промени.

**Дефинирање на општи и специфични цели**
Поставувањето на *целта на истражувањето* бара јасно идентификување на тоа за што се дизајнира истражувањето или што ние сакаме да знаеме на крајот од истражувањето. Целта на истражувањето е општ резултат што треба да се постигне како резултат на истражувањето. Истражувањето треба да адресира *само една општа цел*.

*Специфичните цели* се конкретни чекори што треба да бидат преземени во насока на постигнување на општата цел на истражувањето.

Кога целите на истражувањето можат да бидат изразени со неколку јасни и концизни реченици, тогаш дизајнот на прашалникот е значително полесен. Целите мора да бидат рангирани според важност. Специфичните цели со низок приоритет или оние што можат да се достигнат со постојните податоци или од други извори треба да се изостават.

**Утврдување на темата и предметот на истражувањето**
*Темата* е всушност општата „намера“ на истражувањето (на пример насилство во училиштата).

*Предметот* на истражување е важен аспект или карактеристика на темата (на пример, колку насилство има во основните училишта, клучни типови на насилство, кога и каде се случува насилството, кој е носител на насилството, дали има родова димензија во насилството, дали има етничка димензија во насилството, дали има интранасилство или интергенерациско насилство, колку насилство има од страна на возрасните во училиштето, разлики во третирање насилство регистрирано во основните училишта и сл.).

**Дефинирање на хипотезата на истражувањето**
Хипотезата на истражувањето е веројатниот одговор на проблемот што се истражува или „предвидената претпоставка“ во форма на јасна изразена релација помеѓу причините и ефектите. Хипотезите се градат врз основа на генералниот истражувачки проблем.

Хипотезите треба да бидат:

- јасно изразени, со користење на соодветна терминологија;
- проверливи;
- изјава на врската помеѓу варијаблите.

Примери:

- Момчињата и девојчињата подеднакво се појавуваат во улога на насилници при насилство во училиштата;
- Толерирањето на вербалното насилство во училиштата придонесува за негова трансформација во физичко насилство;
- Казнувањето на насилниците придружено со давање на психолошка поддршка на насилниците придонесува за намалено повторување на насилството од страна на насилниците.

**Селектирање на вашиот примерок**
*Утврдувањето на примерокот* го опишува процесот на селектирање на репрезентативен примерок од целната популација со цел да се спроведе анкета-

та/интервјуто/фокус-групите. Вообичаено, целната популација е премногу голема и е невозможно да се примени прашалникот на целата популација. Поради тоа ние селектираме репрезентативен примерок, односно помала група на претставници од целната популација, кои ги одразуваат карактеристиките на целната популација за да може да се изведат заклучоци од тој примерок за целата популација.

Избирањето на испитаниците е друго прашање што е исто така важно како и утврдувањето на примерокот, бидејќи и тоа влијае врз импактот на репрезентативноста на истражувањето. Избирањето на испитаници треба да биде направено по случаен избор, соодветно на пропишаната процедура.

**Подготовка на прашалник**
Прашалникот е инструмент на истражување кој содржи низа прашања со цел да се приберат информации од испитаниците. Тој претставува низа на пишани прашања на кои испитаникот дава одговор. Прашалникот најчесто е квантитативен инструмент што нуди можност за прибирање на објективни и веродостојни податоци од голем број испитаници.

Резултатите што се обезбедени со истражувањето можат да се искористат за изведување на заклучоци за целата популација, доколку студијата е направена врз основа на утврдена методологија и доколку примерокот точно е пресметан.

**Структура на прашалникот**
Добро дизајниран прашалник треба да ги вклучува следниве елементи:
*Вовед* – во овој дел треба да биде содржан насловот на прашалникот, краток опис на целта на истражувањето, начинот на кој ќе бидат користени информациите, потврда за анонимност и јасни инструкции како треба да се пополни прашалникот.

*Блокови на прашања* – група на прашања кои припаѓаат на иста тема или кореспондираат со иста цел. Првиот блок на прашања е претставен со *воведни прашања* – неколку општи прашања кои се лесни за одговарање и кои треба да го воведат испитаникот во предметот на истражувањето.
- Последниот блок *содржи социодемографски прашања,* како возраст, пол, граѓански статус, образование и сл.

**Насоки за дизајнирање на прашалникот**

*Исполнување на целите*

- Бидете сигурни дека сите цели на истражувањето се целосно вклучени во прашањата;
- Бидете сигурни дека прашањата произлегуваат од хипотезата на истражувањето;
- Исклучете ги прашањата кои не се релевантни за остварување на целите на истражувањето;
- Сите прашања што се вклучени мора да бидат адекватни на и во согласност со општата цел на истражувањето.

*Видови на прашања*
Постојат три главни видови на прашања што се користат во прашалникот:

- прашања од отворен тип што бараат од испитаникот сам да го формулира својот одговор;
- прашања од затворен тип што бараат од испитаникот да избере одговор од понудениот број опции;
- прашања од полузатворен тип што освен дадениот број на опции ја содржат и опцијата „Друго“, која може да се пополни.

Според одговорот *на затворени и полузатворени прашања* се разликуваат следниве видови:

- прашања со можност за избор од две опции;
- прашања со можност за избор од повеќе одговори;
- прашања со скала за оценување;
- прашања со скала за согласност;
- бодовни прашања.

*Пример за двоен избор* (кога испитаникот има можност да избере помеѓу два понудени одговори):

> Дали си бил/а сведок на насилство во твоето училиште во текот на оваа учебна година? (Ве молиме одберете само еден одговор.)
> 1. Да
> 2. Не

*Повеќе одговори* – кога испитаникот може да избере помеѓу повеќе од две опции. На пример:

> Како се однесуваше ти ако си бил/а сведок на насилство во твоето училиште во текот на оваа учебна година?
> (Ве молиме одберете еден одговор.)
> 1. Ништо не направив, само гледав
> 2. Го пријавив насилството
> 3. Пробав да интервенирам
> 4. Не ме засега, не треба да се мешам
> 5. Друго (наведи): ________________

На прашањата што нудат повеќе одговори, испитаникот мора да избере:
- една опција (како во примерот погоре);
- ограничен број одговори (2–3). На пример:

> Според тебе, кои се трите најчести причини за насилство во училиштето? (Ве молиме одберете најмногу три одговори.)
> 1. Според тебе, кои се трите најчести причини за насилство во училиштето?
> 2. Освета
> 3. Докажување на сила
> 4. Самопотврдување
> 5. Проблеми во однесувањето
> 6. Групирање поради одредена идеологија
> 7. Покажување на економска моќ
> 8. Покажување на доминантност пред другите
> 9. Љубомора
> 10. Друго (наведи): ________________________

Неограничен број на одговори. На пример:

Дали некогаш си бил/а жртва на малтретирање или злоупотреба во училиштето во текот на твоето школување? (Можете да одберете повеќе одговори.)
1. Да, на физичко насилство
2. Да, на вербално насилство
3. Да, на социјално насилство (исклучување од група, игнорирање)
4. Да, на психолошко насилство
5. Да, на онлајн/интернет-насилство
6. Да, на друго насилство (наведи): ___________ ___________________
7. Не, не сум бил/а жртва

*Прашања со скала на оценување* – кога испитаникот треба да оцени некое прашање на скала што опфаќа *од слабо до добро* или друг тип на скала. На пример:

Колку си задоволен од реакцијата на надлежните во училиштето во случај на насилство? (Одберете еден одговор.)
1. Многу задоволен
2. Задоволен
3. Незадоволен
4. Многу незадоволен

*Прашања со скала на согласност* (Ликертови прашања) – утврдување колку испитаниците се согласуваат или не се согласуваат со определена изјава, односно како тие се чувствуваат во однос на некое прашање. На пример:

- Прашањата треба да имаат логичен тек едно по друго;
- Истражувачот мора да се осигура дека одговорот на едно прашање не е под влијание на претходните прашања (Ова во принцип значи дека прашањата не треба да ги насочуваат одговорите);
- Прашањата треба да бидат по редослед од поопшти кон поспецифични;
- Прашањата треба да бидат поставени од најмалку сензитивни до најмногу сензитивни;
- Прашањата треба да течат од фактички и бихејвиористички прашања кон прашања што се однесуваат на гледишта и ставови.

**Основни правила за конструирање на прашалник**

- Прашањата треба да бидат јасни е разбирливи, да не бидат двосмислени – треба да се интерпретираат само на еден начин;
- Користете позитивни изјави и избегнете негативни изјави;
- Во случај на сензитивни прашања, користете неутрални форми (ниту позитивни ниту негативни), со што ќе се осигурате дека нема да влијаете врз одговорот;
- Приспособете го прашалникот на возраста на испитаникот;
- Користете јасни и разбирливи зборови кои може да ги разбере просечен ученик на соодветна возраст;

| Подолу се наведени одредени изјави за кои треба да процените колку се согласувате или не се согласувате со нив | Целосно не се согласувам | Не се согласувам | И се согласувам и не се согласувам | Се согласувам | Целосно се согласувам | Не знам |
|---|---|---|---|---|---|---|

*Бодовни прашања* – кога испитаникот треба да одговори на бодовна скала. На пример:

Ве молиме проценете го степеност на присуство на насилство во вашето училиште на скала од 0 до 10, каде што 0 значи дека нема насилство а 10 дека има многу случаи на насилство.

- Користете граматички и графички точни реченици со интерпункциски знаци на правилно место (проверете два пати, а потоа дајте го некој друг да го провери напишаното);
- Избегнете изјави кои вклучуваат повеќе од две прашања (на пример: Дали сакате јагоди и компири?);

| 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

Нема насилство — Многу високо ниво на насилство

**Редослед на прашањата**
Општо земено, прашањата треба да имаат логичен тек. За да се постигне поголема стапка на одговорени прашалници, треба да го структурирате прашалникот на следниов начин:

- Ставете ги најважните прашања во првата половина на прашалникот – со ова ќе ги обезбедите најзначајните информации од оние што нема да го завршат прашалникот (а ќе има и такви);
- Сензитивните теми треба да се обработат преку сензитивни, па дури и индиректни прашања.

**Должина на прашалникот**
Бројот на прашања во еден прашалник зависи од целите на истражувањето и типот на истражувањето (на пример, едноставните анкети можат да бидат лимитирани на неколку прашања, додека анкетното истражување има потреба од покомплексни инструменти). И кратките и долгите прашалници

имаат свои предности и недостатоци. Како генерално правило, долгите прашалници имаат пониска стапка на потполно одговорени прашања наспроти кратките прашалници. Но, од друга страна, долгите прашалници обезбедуваат поширoки, покомплексни и подетални информации за предметот на истражување, нудат можност за проверка на корелациите или меѓузависноста помеѓу варијаблите. Исто така, валидноста/веродостојноста е поголема поради фактот што ние можеме да воведеме контролни прашања (прашања што ја имаат истата поента како и на некои претходни прашања само поинаку формулирани, па така ние можеме да провериме дали одговорите содржат или не контрадикторности).

Кратките прашалници имаат една голема предност – тие имаат висока стапка на целосно одговорени прашања.

Најчести начини на спроведување на прашалникот се:

- спроведување на прашалникот лице в лице – кога анкетарот ги чита прашањата и ги забележува одговорите;
- самостојно потполнување на прашалникот – кога испитаникот самостојно ги чита прашањата и ги забележува одговорите.

Прашалникот исто така може да се спроведе преку интернет, телефон или пошта.

**Обработка на податоците**

Процесирањето на податоците вклучува обработка, кодирање, внесување и потврдување на податоците, како и проверка на нивната доследност. Внесувањето и обработката на податоците се случува паралелно со прибирањето на податоци, со што се обезбедува контрола на квалитетот на прибраните податоци, како и потврда на прелиминарните резултати еден месец по завршувањето на процесот на прибирање на податоци. Договорете се кој статистички пакет сакате да го користите (како SPSS, Stata, EpiInfo, Ecxel, Access) и одлучете за системот на кодирање пред некој да почне да работи на сетот на податоци.

*Анализата на податоци* вклучува употреба на статистички техники за идентификување на корелацијата помеѓу дадените одговори (на пример, анализа на фреквенции, корелации, отстапување и факторијални анализи).

**Интерпретација на резултатите**

Откако завршивте со анализата на податоци, вие ќе треба креативно да размислувате како најјасно и најкратко да ги презентирате вашите наоди во извештај.

Следниов *дизајн* е предложен формат за пишување на извештај од истражување:

- Насловна страна
- Содржина
- Вовед
  - Позадина на истражувачкиот проблем
  - Општи и специфични цели
  - Хипотези
- Методологија/прибирање на податоци
  - Примерок и метод на изведување на примерок
  - Статистички и квантитативни методи користени за анализа на податоците
  - Опис на примерокот
- Наоди
  - Резултати, интерпретација, заклучоции препораки
- Листа на табели
- Листа на графикони

*Кога се подготвува финалниот извештај, ние мора да ги имаме предвид следниве правила:*

- Бидете сигурни дека сите заклучоци се јасно поткрепени со податоците.
- Финалниот извештај содржи информации базирани на факти. Направете јасна разлика помеѓу фактите и интерпретациите. Со анкета секогаш се добиваат перцепции, а не факти. Фактите се прибираат со анализа на документи, статистички податоци и други студии.
- Појаснете кои податоци ги користевте за поткрепа на вашите интерпретации.

**Презентација на податоците**

Табели и графикони што се едноставни за разбирање значително ќе го подобрат читањето на пишаниот извештај од истражувањето.

## 3.4. ДЕБАТА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

**Што е дебата?**

Дебата е организирана и аргументирана дискусија со правила што се одвива меѓу најмалку две страни кои имаат спротивставени или поинакви мислења или имаат различно разбирање за методот на достигнување до одредена цел. Дебатата претставува алатка што го потпомага процесот на донесување одлуки во различни општествени сфери.

Во зависност од сферата во која се користи дебатата, се наметнуваат различни стандарди што ги класифицираат аргументите, техниките и нормите на однесување на добри и лоши или прифатливи и неприфатливи.

Според целта за која се користи дебатата, ја групираме во три сфери: приватна, научна и јавна сфера.

**Дебатите во приватната сфера** вклучуваат дискусии меѓу сопружници, партнери, родители и деца, пријатели, соученици, колеги. Дебатата ја користиме во овие приватни сфери за да ги дискутираме несогласувањата што се јавуваат во секојдневниот живот и да преговараме за нив. Тука дебатата не е ограничена од формалните правила на дебатирање и не постојат критериуми што ги класифицираат аргументите на добри и лоши ниту нормите на одне-

сување на прифатливи и неприфатливи сè додека не отстапуваат од општествените прифатени правила на однесување од заедницата на која ѝ припаѓаат говорниците.

**Дебатите често се користат и во научната сфера** и вклучуваат учесници што делат заедничка област на експертиза. Доколку сакаат да земат учество во овие дебати, учесниците мора да поседуваат детално знаење за предметот на дискусија и прецизен речник неопходен за комуникација на научните концепти што се дискутираат. Честопати дебатите што се водат во научната заедница стануваат важни и за јавната сфера и дебатата се прелева од научната во општествената заедница. Таква е на пример темата за глобалното затоплување и причините и последиците што настануваат од оваа појава.

**Дебатите во јавната сфера** настануваат помеѓу граѓаните, институциите (олицетворени во нивните претставници или репрезенти), граѓанските организации, медиумите и други јавни општествени чинители и е суштински елемент на демократското општество. Во демократските општества дебатата не е само форма на изразување туку и форма на убедување. Дебатата не произведува непосредна едногласност, но со текот на времето може да произведе компромис, усогласување на ставовите, изнаоѓање на заеднички именител, многу поретко – консензус и промена на одредени перцепции, ставови или толкувања на нештата.

**Што е структурирана дебата?**
Структурирана дебата е онаа дебата што се одвива во контролирана атмосфера каде што постојат одредени правила што важат за сите учесници во дебатата и гарантираат фер дискусија и еднаков простор на релевантна теза и со соодветна структура. Во структурираната дебата говорниците мора да бидат внимателни, да се придржуваат до точната тема што им е зададена, до времето што го имаат на располагање за зборување и до аргументите што ги користат за време на дебатата.

Ваков вид на дебата (која се разликува од дискусија) среќаваме на дебатни емисии или организирани јавни дебати со точно утврдени правила за зборување. Дополнително, ваков вид на дебата среќаваме и во формалното образование што се користи за образовни цели и го носи името компетитивна дебата.

**Што е компетитивна дебата?**
Компетитивна дебата е училишна и академска дисциплина што се користи како алатка во образованието на учениците преку развој на аргументација и критичко мислење. Дебатата е компетитивна бидејќи за неа се организираат турнири на кои се одлучува најуспешниот на натпреварот. Како што има натпревари по математика или хорско пеење, така има и натпревари по дебата во или меѓу училиштата. Но, овој вид на дебата не се користи само за компетитивни цели. Напротив, примарната цел за користење на дебатата во формалното образование е едукативна. Преку користење на дебатата, професорот треба да цели да ги развие способностите на учениците за аргументација, лидерски и тимски способности, комуникациски вештини, јавно зборување и критичка мисла.

Разликата меѓу дебатата во општествената сфера и компетитивната дебата е разлика во формата. Компетитивната дебата се карактеризира со формалност на структурата, ограничување на конфликтот, аргументирана дискусија и исход, кој е резултат на судиска одлука.

**1. Формалност на структурата**
Компетитивната дебата е формална, организирана дискусија со правила. Во зависност од форматот, секоја дебата има свои правила кои се однесуваат на бројот на страни во дебатата, бројот на тимови, бројот на говорници, времетраењето и редоследот на говорите. Недостигот на формалната структура честопати се поврзува со несоодветна или неконкретна дефиниција на конфликтот. За да биде дебатата структурирана и организирана со конкретно дефиниран конфликт, неопходно е таа да содржи јасна, експлицитна и конкретна теза.

**2. Ограничување на конфликтот**
Суштината на дебатата не се состои во конфликтот меѓу доброто и злото, ниту пак во конфликтот меѓу вистината и лагата или конфликтот меѓу фактите и мислењата. Напротив, суштината на дебатата се состои во судирот на вредности и принципи. Земени независно, секој принцип има вредност и валидност и заслужува поддршка во форма на аргументација. Но кога два валидни принципи се во конфликт, мора да се донесе одлука за тоа кој е поважен. Во ова тврдење лежи и суштината на дебатирањето. Доколку не би постоеле конфликти, не би постоеле ни дебатите.

**3. Аргументирана дискусија**
Во компетитивната дебата, аргументацијата ѝ дава на дебатата интелектуална вредност. Ставовите на дебатерите треба да бидат образложени преку аргументирани тврдења кои мора да бидат објаснети и поткрепени со докази. Ако дебатата е процес во кој ставовите се застапени, поддржани, предизвикани и бранети за да се случат овие акции, аргументите мора да поседуваат одредени атрибути: развој (преку кој аргументите се застапени и се поддржани), судир (преку кој аргументите се соодветно предизвикани), екстензија (преку кој аргументите се бранети по побивање) и перспектива (преку која индивидуалните аргументи се поврзуваат со поголеми вредности).

**4. Судиска одлука**
Во други области на општеството, дебатата честопати е проследена со гласови: се гласа за кандидати, за политики или за закони. Сите дебатери се заинтересирани да ги убедат своите слушатели. Компетитивните дебатери, од друга страна, се заинтересирани да ги убедат своите судии. Работата на судијата е да одлучи која страна – афирмативна или негативна – е поубедлива за време на дебатата.
Но, како што беше споменато погоре, компетитивната дебата не е единствениот вид на дебата. Во јавните или презентативните дебати каде што целта не

е натпревар, дебатата се користи за да се покрене свеста или да се предизвика публиката, присутните да може да изградат став или да одлучат самостојно за себе која страна ги убедила или им отворила прашања за кои се дебатира.

Во согласност со потребите на овој Водич, подолу следува подетална разработка на првите три карактеристики:

1. **Формалност на структурата – формат на дебатирање**

Дебатата претставува организирана дискусија, што значи дека учесниците во неа (дебатерите) се подложни на следење на определен систем на правила што го карактеризираат форматот на дебатата.

Форматот на една дебата претставува систем од правила кои укажуваат на точниот број на говорници што земаат учество во дебатата, начинот на излагање, времетраење на говорите и начинот на носење на судиската одлука. Во академската дебата опстојуваат поголем број формати каде што една од клучните разлики меѓу нив е бројот на тимови и бројот на говорници во тимовите, кој може да се движи од еден говорник во тим. Форматот што наоѓа најголема примена во рамките на средношколската дебата во формална средина е форматот Ворлд скул (World Schools Style), а во некои средини се применува и форматот Карл Попер.

За потребите на овој Водич ќе биде презентиран формат кој отстапува од Карл Попер и Ворлд скулс, односно почетно ќе биде презентиран поедноставен формат со тројца говорници и петминутни говори, приспособен за дебата за ученици кои немаат претходно искуство.



**АФИРМАТИВЕН ТИМ**
**(Тим што ја поддржува тезата)**



**НЕГАЦИСКИ ТИМ**
**(Тим што ја негира тезата)**

Во текот на една деба дебатерите дебатираат во два спротивставени тима, секој составен од тројца говорници, кои ја застапуваат афирмативната или негативната страна на предложената теза. Секој говорник зборува еднаш, при што спротивставените страни зборуваат наизменично и секој говорник има специфична улога во дебатата.

Во помалку структурирани дебати, кои може да се од презентативен или пробен карактер, можно е да се промени и бројот на членови по тимовите, на помалку или на повеќе дебатери, сè додека има по ист број дебатери во секој од различните тимови.

**Редослед на говори**

**Прв афирмативен говорник**
– зборува 5 минути.

**Прв негациски говорник**
– зборува 5 минути.

**Втор афирмативен говорник**
– зборува 5 минути.

**Втор негациски говорник**
– зборува 5 минути.

**Трет афирмативен говорник**
– зборува 5 минути.

**Трет негациски говорник**
– зборува 5 минути.

**Првиот афирмативен говорник** ја започнува дебатата преку презентација на афирмативниот случај составен од дефиниции за тезата што се дебатира и аргументите што ја поддржуваат тезата и има време од пет минути.

**Првиот негативен говорник** има задача да го презентира случајот на негацискиот тим (тимот што ја негира тезата) и да го нападне случајот на афирмативниот тим преку побивање на аргументите што биле изложени од првиот афирмативен говорник и има време од пет минути.

**Вториот афирмативен и вториот негативен говорник** имаат примарна цел да ги потенцираат точките на судир во дебатата преку задржување на дискусијата на главните разлики меѓу ставовите на афирмативната и негативната страна. Вторите говорници имаат пократко време од првите и зборуваат пет минути, во кои тие мора да ги нападнат аргументите на спротивната страна и да ги одбранат аргументите приложени од првите говорници од нивниот тим.

**Третиот афирмативен и третиот негативен говорник,** кои зборуваат пет минути, се воедно и завршните говорници во дебатата, кои не се вклучуваат во класично побивање (напаѓање) и одбивање (бранење) на аргументите што биле изложени од претходните говорници. Во овие говори се настојува да се покажат точките на судир што биле најдискутирани и најрелеванти во дебатата со цел да се убеди су-

дијата дека тимот што тие го застапуваат преовладал во дискусијата.

Во средношколскиот формат Карл Попер времето за говор е 6 минути, а во Ворлд скулс е 8 минути по говор. За пробни или презентативни дебати времето по говорник може да биде различно (посебно за почетници каде што може да се скрати и на 3 или 4 минути). Кога се модифицира форматот, најважно е времето за секој говор да биде однапред утврдено и да биде исто за секој говорник во дебатата.

### 2. Ограничување на конфликтот – теза на дебатирање

Поимот теза, или резолуција, потекнува од старогрчкиот збор "thesis" што значи поставено тврдење или поставка која бара доказ или заземање страна. Денес поимот теза го толкуваме како тема што треба да се докаже, тема што треба да се дебатира, поточно тема што се разгледува од афирмативна (страна што ја поддржува тезата) и негативна (страна што ја негира тезата) страна.

Многу често на јавните дебати и трибини се случува да се дебатира лошо поставена теза, теза што не дозволува квалитетна и балансирана дебата и токму поради тоа дискусиите земаат погрешен правец. На пример, тезата „Средното образование треба да биде задолжително" претставува тврдење што може да се поддржи или да се отфрли (да се афирмира или да се негира) и со тоа се овозможува квалитетна дебата околу суштината на конкретниот проблем. Во оваа теза афирмативната страна ќе ја поддржува тезата дека средното образование треба да биде задолжително преку аргументи што ги објаснуваат придобивките од задолжителноста на средното образование на сите засегнати страни (деца, родители, економијата во државата, општеството, итн.), додека, пак, негативната страна ќе ја негира тезата и ќе аргументира дека задолжиталното образование не треба да биде задолжително, притоа целејќи да ги докаже негативните ефекти од задолжителноста на образованието.

Постојат неколку карактеристики што треба да ги содржи една добра теза:

**Тезата мора да биде податлива**
Пример за неподатлива теза е: „Оправдано е дека постои живот на Марс". Оваа теза е неподатлива, бидејќи не сме чуле за ниеден податок што ни укажува на фактот дека постои живот на црвената планета. Пример за податлива теза е: „Гласањето треба да биде задолжително". Оваа теза е многу податлива, бидејќи гласањето е основно демократко право кое како такво се изучува во формалното образование и фактите поврзани со него можат лесно да бидат истражени.

**Тезата мора да биде современа и актуелна**
Пример за неактуелна теза: „Германија не направи доволно за да ги надомести штетите од Втората светска војна".
Пример за актуелна теза: „Смртната казна е оправдана".

Во тезата „Економскиот развој треба да се ограничи за да се заштити животната средина", поими што треба да се дефинираат се: економски развој, животна средина, заштити и ограничи. Притоа термините, економски развој и животна средина се општопознати термини, кои исто така можат да бидат дефинирани користејќи лексикон и речник. Но, поимите заштити и ограничи иако се општопознати, начинот на нивното дефинирање ќе ја одреди насоката на дебатата. Имено, честопати се случува зборовите што ја сочинуваат тезата етимолошки и содржински да имаат повеќе од едно значење. Во одредени случаи тие имаат мал опфат и толкувања, а понекогаш и доста широк опфат за можно одредување на нивното значење во контекст на самата теза. Токму поради овие причини дефинициите што ќе се предложат на почетокот на дебатата треба да се јасни и разбирливи, односно треба точно да се објасни нивното толкување. На пример, во нашиот случај терминот заштити може да биде дефиниран како намалување на стапката на загаденост на водите, почвата и воздухот или како одговорно располагање со необновливите ресурси или терминот ограничи може да се дефинира како затворање на економски развојните зони или воведување санкции за оние деловни субјекти што произведуваат штетни материи што ја загадуваат животната средина. Секако, како ќе бидат дефинирани поимите останува на тимовите да одлучат (првенствено на афирмативниот тим) и од тие дефиниции ќе зависи текот и квалитетот на дебатата.

### 3. Аргументирана дискусија

Аргументацијата е темелот на секоја организирана дебата со која се соочуваме и што ја прави разликата помеѓу дебатата како организирана форма на спротивставување на мислењето и видови на разменување на мислења кај кои не е неопходно да се има аргумент. Аргументите претставуваат причини зошто еден тим поддржува (афирмира) или напаѓа (негира) одредена теза. Аргументите вклучуваат еден сеопфатен процес на креирање на тврдењата и докажување со помош на логичко размислување и докази. **Аргумент е начин на зборување при кој одредени изјави (причини или претпоставки) се нудат како поддршка на други изјави (тврдења или заклучоци).**

Секој аргумент треба да ги содржи следниве елементи:
**Тврдење**: Тврдењето е името на аргументот, насловот на аргументот, односно тврдењето што е од полза или се спротивставува на тезата што ја дебатираме. Тврдењето е претпоставка, изјава што треба да биде докажана понатаму во елаборацијата на нашиот аргумент преку објаснувањето и доказите.

**Објаснување**: Објаснувањето е логика што стои позади вашето тврдење, односно врската што ја правите помеѓу тврдењето и самите докази. Објаснувањето може да биде една или повеќе идеи што го докажуваат тврдењето. Објаснувањето е давање на одговор на прашањето „Зошто?" на вашето тврдење.

**Докази**: Доказите се користат за да се даде дополнителен кредибилитет и тежина на објаснувањето за вашето тврдење. Затоа тие се важен дел од целиот

аргумент, кој придонесува за убедливоста на тврдењето. Типот на докази може да варира од примери преку аналогии, цитати, факти, изјави, статистички докази итн.

**Врски**: Сите елементи во аргументот мора да бидат поврзани. Ова всушност значи дека објаснувањето мора да има за цел да го докаже тврдењето, а пак доказите да одат во прилог на подобрување на самото објаснување. Заедно тие мора да прават кохерентна целина за да може тврдењето да биде докажано.

*На пример: Претставено со добар пример во тезата, „САД треба да ја укинат смртната казна", аргументот би ги содржел следните делови кои се меѓусебно поврзани:*
*Тврдење: Смртната казна остава ризик да бидат погубени невини лица.*
*Објаснување: Поради својата преоптовареност, кривичниот систем на САД не овозможува дистрибуција на еднаква правда за сите обвинети. Во голем број случаи бранителите, кои државата им ги доделува на обвинетите, не се доволно подготвени и немаат доволно ресурси да ги одбранат своите клиенти и многу често го губат случајот. Дел од овие клиенти – обвинети подлежат под обвиненија за чија казна е смрт.*
*Доказ: Извештаите на Центарот за информации за смртна казна од 1973 до 2008 год. велат дека 130 индивидуалци кои биле осудено на смртна казна биле ослободени. Нивните пресуди биле поништени и сите обвиненија против нив биле отфрлени. На овие невини луѓе можела да им биде извршена смртна пресуда.*

Аргументацијата се користи и при напаѓање на аргументите на спротивниот тим. Имено, со цел тимот да победи на дебатата, освен презентација и поддршка на сопствените аргументи потребно е да ги напаѓа аргументите на спротивниот тим. Овој елемент во дебатата се вика побивање.

**Побивање е тврдење што се користи да ги нападне и поткопа аргументите на противниците и да ги посочи и објасни недоследностите во случајот на спротивниот тим.** Еден начин да го направите ова е преку процесот „чекор по чекор" составен од четири елементи:
Идентификување: Идентификувајте го тврдењето што го напаѓате. Во една дебата ќе има повеќе аргументи, докази и товари кои дебатерот мора да ги адресира. Со јасно идентификување на оној аргумент на противникот што го напаѓате, вашиот говор добива поголема структура.
Објаснување: Откако ќе го идентификувате аргументот што сакате да го нападнете, треба да објасните кои се неговите логички недостатоци или зошто тврдењето што е изнесено од страна на противникот не е точно.
Поддршка: Многу аргументи ќе бидат поддржани со докази, но тие докази не секогаш се релевантни. Ваша задача е да ги пронајдете недостатоците во доказите (без разлика дали тоа значи дека тие може да се застарени или да доаѓаат од погрешен извор) или да понудите докази што одат во прилог на вашата страна.

Споредба: Објаснете ја важноста на вашата аргументација. Судијата за да донесе пресуда, треба да ја препознае компаративната важност и квалитетот на вашите аргументи во споредба со оние на спротивниот тим.

**Како се организира компетитивна дебата со учениците?**
Пред дебатата (која е практичниот дел од часот) професорот треба да даде теоретски осврт на наставната единица. Имено, најнапред професорот треба да им ја објасни на учениците разликата помеѓу структурираната дебата и дискусијата. Потоа треба да им ги објасни елементите на една дебата. Редоследот на темите треба да биде следниот:

1. Да се објасни разликата меѓу теза и тема;
2. Да се објасни што се аргументи и како се формираат аргументи;
3. Да се објасни форматот на кој ќе дебатираат учениците;
4. Да се постават базични правила кои не смеат да се прекршат (правила на дисквалификација).

Пред самата дебата професорот треба да ја каже тезата за која ќе се дебатира. Потоа зема шест доброволци кои треба да решат во кој тим ќе учествуваат (тимот што ја поддржува или тимот што ја негира тезата). На тимовите им се дава барем еден ден да се подготват за претстојната дебата. Се препорачува учениците да ги разработат своите говори како тимови, односно сите членови на афирмацискиот тим заедно да ги креираат своите аргументи и случај. Истото важи и за негацискиот тим.

Примери за тези:

1. „Треба да се воведат униформи во училиштата".
2. „Високото образование треба да биде бесплатно".
3. „Треба да се забранат насилните видеоигри за деца".
4. „Старосната граница на гласање треба да се намали на 16 години".
5. „Треба да се укине задолжителното средно образование".

За време на дебатата учениците треба да зборуваат пред соучениците. На левата страна од просторијата (гледано од страната на учениците што ја гледаат дебатата) е афирмативниот тим, а на десната негацискиот тим. Говорникот што зборува во дадениот момент треба да стои на средината помеѓу двата тима или на говорница, клупа или на друга локација за зборување.

Еден од учениците што не учествуваат во дебатата или пак професорот може да го мери преостанатото време за секој од говорите и визуелно да им означува на говорниците уште колку време имаат за говорот.

# 4. МОДУЛИ ЗА РАБОТИЛНИЦИ И ОБУКИ СО УЧЕНИЦИ

## 4.1. Работилница: Имам право да ги знам моите права

**Потребен материјал:**
- голем лист хартија на кој пишува: Бидејќи сум дете имам право на...,
- работен лист за учениците: Цртежи со правата на децата,
- кутија,
- селотејп,
- прибор за боење,
- голем лист хартија,
- креда,
- табла.

**Главна активност**
Големиот лист со незавршената реченица „Бидејќи сум дете имам право на...“ се залепува на табла. Наставничката вели: „Сега заедно ќе размислуваме кои се правата што им припаѓаат на децата. Секој ќе може да ги каже сите идеи на кои ќе се сети.“ Наставничката ги запишува на табла сите идеи и заедно со децата ги коментира. Потоа уште еднаш ги чита запишаните идеи.

**Дискусија**
1. Што значи кога ќе се каже дека некој има право на...?
2. Дали може само јас да имам право на нешто, а другите не?
3. Дали знаете некое посебно место каде што се запишуваат правата на децата?
4. Што би се случило да ги немаме овие права?
5. Кој ни гарантира дека може да си ги оствариме правата?

**Заклучок**
Да се има право значи дека нешто имаш, може да правиш, треба да добиеш, треба другите да прават за тебе.
Има еден документ што важи за сите деца во цел свет и се вика Конвенција за правата на детето. Во овој закон се опишуваат правата на децата, таму пишува сѐ за тоа што може да прават децата и сѐ што треба да прават возрасните кои се одговорни да ги направат децата среќни, здрави и сигурни. Во сите закони има делови што се викаат членови. И во Конвенцијата има членови. Во секој член е напишано по едно право што го имаат децата. Државата гарантира дека секое дете на нејзината територија ќе ги има овие права.

## 4.2. Модул за работилница: Моја одлука, твоја одлука

**Потребен материјал:**
- табла,
- креда,
- работен лист за учениците: Закон за права.

**Воведна активност**
На таблата се црта табела со два реда и четири колони на тој начин што се формираат 8 идентични квадрати. Секој на ливче запишува колку вкупно квадрати гледа. На крај учениците кажуваат колку квадрати пронашле сѐ додека не се дојде до бројот од 11 квадрати (заедно со квадратите во кои се наоѓаат најмалите нацртани квадрати), па заеднички се лоцираат во цртежот на табла.

**Главна активност**
На секој ученик му се дава работниот лист „Закон за права“, со инструкција секој да избере 5 права од понудените 20, кои ги смета за најважни. Потоа се формираат парови и во нив учениците ќе треба да се договорат за заедничка листа од 5 најважни права. По 6–7 минути се спојуваат по два пара и на тој начин се формираат четворки, кои ќе треба да се договорат за заедничка листа од 5 најважни права.
На крај, секоја група ги претставува своите 5 избрани права и при тоа кажува на кој начин дошла до одлуката кои 5 права да ги стави на листата.

**Дискусија**
1. Кога ви беше најлесно да донесете одлука кои 5 права да ги изберете? Зошто?
2. Како се договоривте за петте најважни права?
3. А кога ви беше најтешко? Зошто?
4. Кога се чувствувавте најубаво со донесената одлука? Зошто?
5. А кога се чувствувавте најлошо или повредено со начинот на донесување на одлуката? Зошто?

**Заклучок**
Најчесто, колку повеќе луѓе учествуваат во донесувањето на одлуки, толку потешко се доаѓа до согласност околу одлуката, односно треба повеќе време за договарање. Но, понекогаш, донесувањето на одлуки во групи може да биде лесно и брзо ако повеќето учесници не се залагаат многу, односно се согласуваат со тоа што ќе каже еден од нив.

Кога придонесуваме во донесувањето на одлуките, кога другите нè прашуваат за мислење и кога нашите мислења се земаат предвид, тогаш се чувствуваме најубаво со донесувањето на одлуките.
Кога ни е важна одлуката, а сепак нашите мислења не се земаат предвид, туку некој друг одлучува како што сака, тогаш може да се чувствуваме лошо со донесената одлука дури и повредено.

**Рефлексија**
1. Што правевме денес?
2. Како се чувствувавте?
3. Што научивме?
4. Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

**Работен лист за работилницата „Моја одлука, твоја одлука“**

Детски права

1. Право на сопствено име, грижа и државјанство.
2. Право на дом и исхрана.
3. Право на слобода на изразување кое опфаќа и слобода да бара, прима и да дава информации и идеи.
4. Право на слобода на мислење, совест и вероисповед.
5. Слобода на здружување и мирно собирање.
6. Забрана за мешање во приватниот или семејниот живот на детето и неговата лична преписка.
7. Забрана за напади на неговата чест и углед.
8. Право на пристап до медицински услуги и постојана здравствена заштита.
9. Право на пристап до информации, особено до оние што служат за унапредување на неговите социјални, духовни и морални добра и физичко ментално здравје.
10. Право на образование.
11. Право на секое дете да користи социјална заштита.
12. Право на детето на одмор и слободно време, на игра и рекреација и слободно учество во културниот живот и уметноста.
13. Право на детето на заштита од економска експлоатација и работа која може да биде опасна и која го попречува образованието на детето или му штети на здравјето на детето.
14. Заштита на децата од незаконска употреба на наркотици и психотропни супстанции.
15. Заштита на децата од сите облици на сексулано искористување и сексуално малтретирање.
16. Заштита на децата од сите форми на искористување штетни за доброто на детето.
17. Почитување на правилата на меѓународното хуманитарно право кои се применуваат во вооружени судири, а кои се однесуваат на детето.
18. Воздржување од регрутирање во вооружени сили на лица кои не навршиле петнаесет години.
19. Заштита и грижа за децата погодени со вооружени судири.
20. Право на секое дете за кое се тврди или е утврдено или е обвинето дека го прекршило кривичниот закон, со него да се постапува на начин кој е во согласност со поттикнувањето на неговото чувство за достоинство и вредност и почитување на човековите права и слободи.

## 4.3. Модул за работилница: Преземање акција во училиште

**Потребен материјал:**
- работен лист за учениците: Што би сакале да биде поинаку во училиштето?,
- работен лист за учениците: Преземање акција,
- прибор за пишување.

**Главна активност**
Сите се делат во мали групи и секоја група добива примерок од работниот лист за учениците: Што би сакале да биде поинаку во училиштето? Групата заеднички го пополнува. Се нагласува дека може да зборуваат за состојби, работи што ги има/нема во училиштето, како инфраструктура и други средства, но и за појави што се случуваат во училиштето, односно фокусирање на односите помеѓу разните учесници во училишниот живот.

По продуцирање на повеќе идеи, секоја група избира еден проблем со кој ќе се занимава понатаму преку пополнување на работниот лист за учениците: Преземање акција. На работниот лист во левата колона се пишуваат работи коишто учениците може да ги преземат, а во десната колона се пишуваат работи, предуслови коишто се потребни за учениците да ги преземат понудените акции во левата колона.

Потоа по еден претставник од секоја група ја претставува работата на својата група.

**Дискусија**
1. Што беше полесно да изнајдете: проблеми кои ве мачат или да понудите нешто што вие можете да го направите во врска со проблемите?
2. Каков вид на проблеми идентификувавте? Побројни проблеми се оние што се однесуваат на со-

стојбите во училиштето или пак проблеми што се однесуваат на односите помеѓу учениците, наставниците итн.?

3. Какви мерки, акции понудивте? Дали се тоа нешта што ги преземаат индивидуалци или некоја група, тело што ги застапува учениците?
4. Како најчесто се реагира во вашето училишно секојдневие, на индивидуален или на групен план?
5. Каков вид на реакција имаат учениците во секојдневниот училиштен живот? Дали повеќе се среќава усно презентирање на проблемите или се комуницира во пишана форма?
6. Кои се предностите и недостатоците на едниот, а кои на вториот начин на комуницирање?
7. На кои луѓе или на кои структури можеме да им се обратиме кога имаме проблеми во училиштето?
8. Освен на овој начин, преку комуницирање за проблемите со релевантните структури, на кои други начини може да учествуваат учениците во секојдневниот училиштен живот со тоа што ќе го искажат својот став или мислење?

**Заклучок**
Понекогаш е полесно да се воочат проблемите, отколку тие да се решаваат, особено во услови кога тоа не се очекува од нас.

Често пати се случува учениците индивидуално да реагираат до одредени инстанци, или за свои лични или за групни интереси. При тоа, се случува таквите реагирања да не се дискутираат меѓу самите ученици или да не се резултат на некоја заедничка одлука на група ученици.

Исто така, многу почесто се реагира со усно презентирање на проблемите до одредени училишни инстанци или, уште почесто, до одредени поединци. Кога усно се презентираат проблемите кои нè мачат, предност е тоа што усната презентација претставува најбрз начин на реагирање, но од друга страна, има недостатоци во тоа што комуникацијата се сведува „во четири очи" и не останува материјален доказ ниту од реагирањето, ниту пак од одговорот на реагирањето (ако воопшто го има). Кога се реагира во пишана форма, недостиг е тоа што бара повеќе време (да се собере група, да се донесе заклучок, да се напише писмо, да се чека негов одговор...), но од друга страна, тоа е единствениот начин што остава материјални докази дека сме се занимавале со одреден проблем. Тоа, пак, овозможува континуитет во следењето на одредена проблематика (при повторно реагирање во врска со некој проблем се повикуваме на претходната комуникација), а исто така овозможува за истиот проблем да се искомуницира со повеќе структури истовремено (со праќање на писмо до повеќе структури).

При одредени проблеми, како ученици можеме да се обратиме и до индивидуални професори, класен раководител итн., но и до одредени структури во училиштето како: стручната служба, наставничкиот совет, советот на родители, директорот. Во пишана форма можеме да се обратиме дури и до општинскиот сектор за образование, како и до Министерството за образование и наука.

Во училишниот живот може да се учествува и со пишување информации на огласната табла за ученици, пишување жалби и поплаки, поставување на кутии за собирање на мислење од учениците, спроведување анкети итн.

**Рефлексија**
1. Што правевме денеска?
2. Како се чувствувавте?
3. Што научивме?
4. Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?

**Работни листови од работилницата: „Преземање акција во училиште“**

*Што би сакале да биде поинаку во училиштето?*

Состојби/работи/појави/односи/идеи/предлози/проблеми

*Преземање акција*

Избрана состојба/работа/појава/однос/идеја/предлог/проблем

| Акции што можам да ги преземам | Потребни предуслови за преземање на акциите |
| --- | --- |
| | |

## 4.4. Модул за работилница: Запознавање со Конвенцијата за правата на детето

| | |
|---|---|
| *Времетраење на работилницата:* | 45 минути |
| *Цел на работилницата:* | Ученичките правобранители да се запознаат со Конвенцијата за правата на детето (може да се вклучат и членовите на ученичкиот парламент) |
| *Потребни материјали:* | Конвенцијата за правата на детето на детски јазик |

*Чекор 1: Запознавање со работилниците (5 минути)*
Бидејќи е ова прва работилница, на самиот почеток објаснете им на децата колку работилници ќе има, кои се целите и темите на работилниците и што се очекува од нив. Дајте им можност да постават прашања во однос на работилниците.

*Чекор 2: Цел на работилницата и запознавања со Конвенцијата* (10 минути)
Објаснете ја целта на оваа работилница. Отворете дискусија со децата дали слушнале за Конвенцијата за правата на детето, колку знаат за нејзиниот историјат и слично.

Споделете ја со децата Конвенцијата на јазик соодветен за возраста на децата.

*Чекор 3: Историјат на Конвенцијата* (10 минути)
Запознајте ги децата со историјатот на Конвенцијата. Основни информации имате подолу во поднасловот Ресурси. Дополнително, може да вклучите информации и податоци за кои вие сметате дека ќе бидат соодветни за темата. Изберете како ќе им ги презентирате информациите на децата (презентација преку проектор, како дискусија). Важно е да им го задржите вниманието и да им биде интересно.

*Чекор 4: Структура на Конвенцијата* (5 минути)
Објаснете им на децата дека структурата на Конвенцијата може да се разгледува од повеќе аспекти, но за нивната функција најважни се два: еден според бројот на членови во Конвенцијата, а другиот според обврската на земјите потписнички да ги почитуваат, овозможуваат и да ги заштитат правата на децата што се однесуваат на опстанокот и развојот, заштитата и учеството. Основни информации имате подолу во поднасловот Ресурси.

*Чекор 5: Улога на Конвенцијата* (5 минути)
Објаснете ја улогата на Конвенцијата. Конвенцијата за правата на детето ги содржи детските човекови права кои веќе ги има во други меѓународни документи. Но, Конвенцијата ги кажува детските права покомплетно од другите инструменти и обезбедува насоки и принципи кои во основа го обликуваат начинот на кој ние како возрасни треба да обезбедиме практикување, заштита и промоција на овие права. Улогата на Конвенцијата е да обезбеди секое дете на светот да ги оствари основните права што му се гарантираат со оваа Конвенција и им помогне на возрасните да научат и да разберат како треба да дејствуваат во најдобар интерес на детето.

Кого го штити Конвенцијата? Сите деца имаат еднакви прави и сите права имаат подеднаква важност. Конвенцијата се однесува на секое дете подеднакво, со посебна заштита на ранливите групи, како што се децата со попреченост или децата од етничките малцински групи или децата што се изложени на различни облици на насилство. Конвенцијата ја подразбира одговорноста на децата да ги практикуваат сопствените права на начин што не ги повредува или ги ограничува правата на другите. Конвенцијата препознава дека родителите имаат најважна улога во воспитувањето на децата сè додека дејствуваат во најдобар интерес на детето.

*Чекор 6: Комитет на ОН за заштита на правата на детето* (5 минути)
Отворете дискусија со децата дали слушнале за Комитетот на ОН за заштита на правата на детето! Дали слушнале за него, дали знаат која е неговата улога и слично. Основни информации има подолу во поднасловот Ресурси.

*Чекор 7: Коментари, прашања!* (5 минути)
Затворете ја работилницата и дајте им можност на присутните да дадат свои коментари, да поставaт прашања во однос на темата на работилницата!

**Ресурси**
*Историјат на Конвенцијата*
Историјата на Конвенцијата за правата на детето започнува со самото формирање на Лигата на народите во 1919 година, но на лидерите на земјите им требаа полни 70 години за официјално да се претстави Конвенцијата.

На 10 декември 1948 година од страна на ОН е усвоена Универзалната декларација за човекови права која произлезе директно од искуството од Втората светска војна и го претставува првото глобално изразување на правата на коишто по својата природа имаат право сите човечки суштества. Декларацијата се состои од 30 члена коишто се елаборирани во подоцнежни меѓународни договори, регионални инструменти за човекови права, национални устави и закони.

Во 1959 година ОН ја усвоија Декларацијата за правата на детето. Конвенцијата за правата на детето, на која се работеше 10 години, од 1979 до 1989 година кога и беше усвоена за прв пат дефинира до кога трае детството. Откако беше ратификувана од потребниот број нации, на 2 септември 1990 година Конвенцијата стапи на сила. Од ноември 2009 го-

дина, 196 земји ја ратификуваа, вклучувајќи ги и сите членки на Обединетите нации, со исклучок на Соединетите Американски Држави (тоа не значи дека САД не ја спроведуваат во голема мера Конвенцијата. Проблем е што таа мора да се ратификува на федерално ниво, а во САД има неколку држави во кои е дозволена смртна казна над малолетници, што е недозволиво според Конвенцијата).

Конвенцијата за правата на детето на Обединетите нации (чести кратенки коишто се среќаваат се CRC, CROC или UNCRC) е договор за човековите права во којшто се утврдени граѓанските, политичките, економските, социјалните, здравствените и културните права на децата.  Основна карактеристика на Конвенцијата е нејзиниот холистички пристап (што значи дека правата се испреплетени и меѓусебно зависни). Конвенцијата генерално го дефинира детето како секое човечко суштество кое не наполнило осумнаесет години од животот, освен ако врз основа на законот на одредена земја полнолетството не се стекнува порано.

Нациите коишто ќе ја ратификуваат оваа Конвенција се обврзани кон неа со меѓународното право. Комитетот за правата на детето при Обединетите нации, којшто го сочинуваат членови од земјите во светот, надгледува дали Конвенцијата се почитува. Еднаш годишно Комитетот поднесува извештај до Третиот комитет на Генералното собрание на Обединетите нации, а исто така претседателот на Комитетот за правата на детето има свое излагање пред Третиот комитет и Собранието донесува Резолуција за правата на детето.

Владите на земјите коишто ја ратификувале Конвенцијата се должни да поднесуваат извештај и да се појават периодично пред Комитетот за правата на детето при Обединетите нации за да се разгледа нивниот напредок во однос на спроведувањето на Конвенцијата и статусот на правата на детето во нивната земја. На веб-локацијата на Комитетот можете да ги најдете нивните извештаи, како и писмените ставови и елементи на загриженост на Комитетот.

На 25 мај 2000 година беа донесени два факултативни протоколи. Со Првиот факултативен протокол се ограничува вклучувањето на децата во воени конфликти, а со Вториот факултативен протокол се забранува продажбата на деца, детската проституција и детската порнографија. Повеќе од 140 држави ги ратификуваа двата протоколи.

*Комитет на ОН за заштита на правата на децата*
**https://www.ohchr.org/EN/HRBodies/CRC/Pages/CRCIndex.aspx**

Комитетот за правата на децата на ОН е тело од независни експерти кои ја следат имплементацијата на Конвенцијата. Сите држави потписнички се должни да поднесуваат извештаи за имплементацијата на Конвенцијата во нивната земја на секои 5 години. Досега, Македонија поднела двапати извештаи – во 2000 и 2009 година.

*Структура на Конвенцијата*
Структурата на Конвенцијата може да се разгледува од повеќе аспекти. Првиот аспект е според бројот на членови во Конвенцијата. Конвенцијата се состои од 54 членови. Од нив 45 членови се однесуваат на децата и нивните права, додека 9 членови се однесуваат на мерките за имплементација.

Вториот аспект покажува дека со ратификувањето на Конвенцијата државите потписнички се обврзуваат да ги почитуваат правата на децата пред сѐ кои се однесуваат на:

1. опстанок и развој,
2. заштита,
3. учество.

| ОПСТАНОК И РАЗВОЈ | ЗАШТИТА | УЧЕСТВО |
|---|---|---|
| Право на живот | Од злоупотреба и запоставување | Активна улога во заедницата |
| Право да живее со родителите и право на одвојување од родителите | Заштита на децата без родители | Слобода на мислење, изразување на мислењето, совест и религија |
| Здравје и здравствени услуги | Од трудова експлоатација | Учество во донесување на одлуки за сопствениот живот |
| Соодветен животен стандард | Сексуална злоупотреба | Здружување |
| Образование | Занемарување | Заштита на приватноста |
| Игра и слободно време | Вооружени судири | |
| Културни активности | Злоупотреба на дрога | |
| Пристап до информации | Трговија со луѓе | |
| Идентитет | Заштита на децата кои се во судир со законот | |
| Права на децата со пречки во развојот | Заштита на децата од тортура и лишување од слобода | |
| Права на децата од малцинствата и децата со автохтоно потекло | | |

## 4.5. Модул за работилница: Принципи на Конвенцијата за правата на детето

| | |
|---|---|
| *Времетраење на работилницата:* | 135 минути (2 паузи од 15 минути) |
| *Цел на работилницата:* | Ученичките правобранители да се запознаат со Принципите на Конвенцијата за заштита на правата на детето<br>(може да се вклучат и членовите на ученичкиот парламент) |
| *Потребен материјал:* | Презентација (по избор на водителот на работилницата)<br>Табла<br>Пристап до интернет и можност со децата да се споделат клипови за одредени членови во Конвенцијата<br>Лепенки во боја (мали, да може да се залепат на чело) – зелена, жолта, портокалова |

*Чекор 1: Три основни принципи на Конвенцијата* (5 минути)
Воведот започнува со кратка рекапитулација на претходната работилница. Потоа се продолжува со воведот за основните принципи на Конвенцијата. Конвенцијата содржи три основни фундаментални принципи кои се однесуваат на речиси сите аспекти од животот на децата и овие три принципи всушност се столбот на Конвенцијата, а тоа се:

1. Најдобриот интерес на детето (член 3 од Конвенцијата),
2. Недискриминација на детето (член 2 од Конвенцијата),
3. Правото на учество (член 12 од Конвенцијата).

Овие три правила или принципи се толку меѓусебно поврзани и значајни што претставуваат еден **триаголник на правата** со статус на **генерални принципи.**

Обидете се визуелно да им го претставите триаголникот на правата, на пример нацртан на табла.

Објаснете им на децата дека за секој принцип ќе разговарате во продолжение на оваа работилница и дека ќе правите симулации/вежби за негово подобро разбирање.

*Чекор 2: Најдобриот интерес на детето*
(40 минути)
Побарајте од децата да го кажат нивното мислење за тоа како тие го разбираат најдобриот интерес на детето. Охрабрете ги секој да даде свое мислење. Сумирајте ги мислењата и врз основа на основните информации од делот Ресурси објаснете им што всушност значи најдобриот интерес на детето.

Презентирајте им го клипот на УНИЦЕФ за членот 3 од Конвенцијата (линк во Ресурси). Побарајте од децата да кажат како тие го перципирале клипчето. Развијте дискусија за тоа дали сите подеднакво го разбираат најдобриот интерес на детето. Побарајте мислење од децата за тоа во кои други случаи треба да се има предвид најдобриот интерес на детето?
*Чекор 3: Недискриминација на детето* (60 минути)
Дискусијата започнете ја со барање на мислење од децата што тие подразбираат под недискриминација на детето. Анализирајте ја можната дискриминација на детето поради него самото и поради неговите родители/старатели. Потоа објаснете што значи заштита на децата од дискриминација. Основни информации имате во делот Ресурси.

Презентирајте им го клипот на УНИЦЕФ за членот 2 од Конвенцијата (линкот е во Ресурси) и отворете дискусија како децата го разбрале клипот, што може да се извлече како заклучок од клипот.

За подобро разбирање на недискриминацијата на децата, презентирајте им вежба во која ќе треба да земат активно учество.

**Истражи ја дискриминацијата – игра „Лепенка“**

*Објаснување*
Ова е игра на поздравување. Секој од вас ќе има лепенка на челото во одредена боја, за која нема да знаете каква е по боја. Ќе се движите наоколу низ просторијата и ќе се поздравувате едни со други. Секако, поздравувањето ќе се разликува во зависност од тоа каква боја има лепенката на челото на тој што ќе го сретнете.

Ако налетате на учесник што има зелена лепенка, ќе го поздравите ентузијастички. Ќе покажете дека навистина сте среќни и дека ви е чест што ја среќавате таа личност, бидејќи таа е многу важна за вас.

Ако налетате на учесник што има жолта лепенка, ќе го поздравите нормално, на начин на којшто се поздравувате со луѓе што ги среќавате секој ден.

Ако видите некој со портокалова лепенка на челото, нема да сакате да ја поздравите таа личност. Ќе пробате да ја избегнете.

Сега наредете се во една линија и затворете ги очите. Значи, сите имате лепенки на челото. Сега имате десет минути да се движите низ просторијата и да ги следите упатствата што ви се дадени.

*Дискусија*

- Ако бевте зелени, како ве третираа луѓето? Како вие се чувствувавте?
- Ако бевте портокалови, како ве третираа луѓето? Како вие се чувствувавте?
- Ако бевте жолти, како ве третираа луѓето? Како вие се чувствувавте?
- Дали во реалниот живот има деца кои различно се третираат? Наведете некакви примери за дискриминација на девојчиња, момчиња во општеството?
- Зошто според вас некои деца се дискриминирани? Како тоа влијае врз тие деца?
- Што може да направиме за да ја спречиме дискриминацијата врз децата?

*Чекор 4: Право на учество* (30 минути)
Третиот принцип од Конвенцијата е правото на учество. На самиот почеток замолете ги децата да погледнат во Конвенцијата и да кажат дали можат да идентификуваат во кои членови се спомнува правото на учество.

Правото на учество на детето ја објаснуваат членовите 12 и 13 од Конвенцијата.

Објаснете им што пишува во Конвенцијата за ова право и што значи тоа во практиката. Основни информации за правото на учество ќе најдете подолу во делот Ресурси.

Информирајте ги дека на следната работилница ќе имаат можност да се запознаат со ова право.

*Чекор 5: Заокружување на работилницата*
Прашајте ги децата што им оставило најголем впечаток од денешната работилница?
Што им било најинтересно?
Кој дел им бил помалку интересен/досаден?
Дали имаат некакви прашања во однос на денешните теми и дискусии?
Дали имаа можност активно да бидат вклучени во активностите и дискусиите за време на работилницата?

**Ресурси**
*Најдобар интерес на детето*
https://www.youtube.com/watch?v=M4v5Lb5qPq8 – кратка презентација на УНИЦЕФ за најдобар интерес на детето.

Едно од основните права гарантирано со Конвенцијата кое го сочинува триаголникот на правата е и правото на најдобар интерес на детето.

**Што подразбира ова право?**
Според членот 3 од Конвенцијата, сите активности што се однесуваат на децата од примарно значење за сите нас е најдобриот интерес на детето. Тоа значи дека сите одлуки, мерки, активности што ги преземаме за децата треба да се раководат од потребата за детето да обезбедиме такви права и заштита кои се неопходна за нивната благосостојба.

Државата при креирањето на својата политика, при уредувањето на прашањата кои засегаат во правата и интересите на децата мора да се раководи од најдобриот интерес на децата и да предвиди такви законски решенија каде што најдобриот интерес на децата ќе има приоритет. Исто така и при донесување на конкретни одлуки за надлежните институции треба да се води сметка за најдобриот интерес на детето.

Еден од главните философски принципи на Конвенцијата е дека децата се подеднакво значајни како и возрасните и дека се рамноправни со нив. Од оваа поставка тргнува целокупната структура на децата како носители на правата. Меѓутоа, поради својата специфична ранливост (чувствителност), на децата им треба посебна поддршка за да можат во целост да ги практикуваат сите свои права. Како може на децата да им се гарантираат еднакви права и во исто време да им се даде неопходната заштита? Токму принципот за она што е најдобар интерес за детето би требало да го разреши овој навидум контрадикторен однос[4].

Во одредени случаи, кога е во најдобар интерес на детето, можат да се ограничат одредени права на родителот. На пример, може да се ограничи правото на родителот на одржување лични контакти со детето ако тој родител живее одвоено, доколку тоа негативно влијае врз детето, ако детето не сака по никој цена да се гледа со родителот, ако го малтретира физички или психички, а во одредени случаи може и да им се одземе детето на родителите и да се смести во друго семејство или установа и да му се ограничи или одземе родителското право на едниот или на двајцата родители, но секогаш при ваквите одлуки мора да се раководиме од најдобриот интерес на детето.

Исто така, кога одлучуваме за одредени права на детето кое живее со своето семејство, пред сѐ треба да водиме сметка за она што е подобро за детето, а не она што е подобро за родителите.

**Според тоа, најдобриот интерес на детето има две различни примени:**

4 Во семејното право изразот „најдобар интерес на детето“ се користи во случаите кога треба да се одлучи кому ќе му припадне старателството и грижата за детето, во случај на развод или разделба на родителите, или на кој начин ќе се обезбеди грижа за детето доколку тоа е без родители. Меѓутоа, Конвенцијата ја издигнува оваа идеја надвор и над рамките на семејното право и ја аплицира на „сите активности што се однесуваат на децата“. Ова би требало да значи дека најдобриот интерес на детето, исто така, би требало да добие соодветна тежина и во оние работи што се однесуваат на донесување одлуки во врска со националниот буџет, што врз децата се одразува преку наменување на средства за здравствена заштита и образование, или планирање за изградба на брана или автопат што би можеле да имаат одредено влијание врз децата што живеат во таа област и коишто, на пример, би требало да ги напуштат своите домови. Исто како и „најдобриот интерес“, и овој член се издигнува над традиционалната употреба во рамките на семејното право, и им го гарантира правото на децата да го искажат своето мислење за такви работи како што е буџетот, развојните политики и социјалните прашања, сѐ она што нив ги засегнува.

1. **при уредувањето на владината политика (законодавството, одредени мерки на Владата и други институции) и**
2. **во однос на одлуките што се однесуваат на децата на индивидуална основа (тука се родителите, наставниците, службениците и сите поединци и институциите).**

**Значи да резимираме што опфаќа во себе најдобриот интерес на детето.**

**НАЈДОБАР ИНТЕРЕС НА ДЕТЕТО ОПФАЌА: опстанок и развој на детето, право на живот.**

**ПРАВО НА ОПСТАНОК –** Живот со родителите, Одвојување од родителите (член 9), Здравје и здравствени услуги (член 24), Стандард на живеење (член 27), Слободно време, рекреација и културни активности (член 31).

**ЗАГРИЖУВАЧКИ СИТУАЦИИ поради кои може да дојде до повреда на ова право:** Деца кои немаат доволно средства за храна, кои немаат чиста вода за пиење, кои немаат соодветна здравствена заштита, кои се изложени на временски непогоди, деца без родителска грижа, деца на улица, деца кои го прекршиле законот, деца емигранти, деца жртви на трговија со луѓе, вооружени конфликти, традиции или обичаи.

*Недискриминација на детето*
https://www.youtube.com/watch?v=LK5a-DYzBWk
– кратка презентација на УНИЦЕФ за недискриминација.

**ШТО ЗНАЧИ ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**
Според членот 2 од Конвенцијата, секое дете треба да се почитува и треба да му се обезбедат сите права без каква било дискриминација и без оглед на расата, бојата на кожата, полот, вероисповедта, политичкото и друго убедување, националното, етничкото или социјално потекло, имотната состојба, онеспособеноста, потеклото или друг статус на детето или на неговиот родител или старател.

Според тоа државата, а тоа значи преку законската регулатива, преку активностите на државните органи, институции, преку поединци, треба да презема мерки со кои ќе обезбеди заштита на детето од сите облици на дискриминација или казни засновани врз статутот, изразеното мислење или убедување на родителите.

**Како децата можат да бидат дискриминирани? По кои основи?** Посебно внимание во Конвенцијата ќе се посветува на родовата дискриминација (специфична дискриминација на девојчињата во однос на машките поради родовите разлики)[5].
**На кој начин?** Женско дете не се праќа во училиште за да ги извршува домашните работи или за да се омажи, поради пари или поради материјални тешкотии во семејството.

***Речник на родовата дискриминација:***

- дискриминација настанува кога поради различноста детето е во постојана понеповолна положба;
- род: општествени односи меѓу половите, вклучувајќи пристап, однесување и моќ што се припишува од општеството;
- родова рамноправност: да се биде фер кон девојчињата и момчињата, жената и мажот. Принципот на родова рамноправност не значи третман на девојчињата и момчињата на идентичен начин, туку да се препознаат и да се вреднуваат нивните разлики на начин што создава еднакви можности;
- родова еднаквост: секој има еднаков статус во општеството;
- родова перспектива: да се гледа на нештата низ очила на родот, со прашањето како е родот во игра и зошто;
- родов сензибилитет: политики, практики или програмирање што ги земаат предвид разликите меѓу девојчињата и момчињата и продуцираат рамноправност.

Може да биде дискриминирано секое дете кое има одредени пречки во развојот или дете кое е од различна раса или различно национално, етничко или од социјално потекло или по други основи.

**Како?** Од институциите може да биде дискриминирано со одбивање да биде примено во градинка, во училиште, со ограничување на правото на вклучување во културни и уметнички манифестации, со ограничување детето да го каже своето мислење и да учествува во донесувањето на одлуки за неговиот живот.

5 За идентификување на овој вид дискриминација многу е важно разликувањето меѓу термините: пол и род. **Полот** се однесува на биолошките разлики меѓу машките и женските (овие разлики се однесуваат на одредени биолошки карактеристики и функции на организмот: менструација, бременост, доење кај женските, продуцирање на сперма кај машките; разлики во конструкцијата на телото, хормоналниот состав, балансот на материи). **Родот** се однесува на разликите во социјалните улоги и одговорностите што им се припишуваат на жените и на мажите (овие разлики немаат никаква врска со биолошките разлики, туку претставуваат продукт на самата човечка заедница што определува одреден збир од однесувања и карактеристики како социјално прифатливи или неприфатливи за машките и за женските. Овој збир на однесувања и карактеристики им пропишува строго дефинирана улога на мажот и на жената во семејството, во јавниот и општествениот живот).

Кога физички или психички се малтретира од страна на родителите, наставниците или воспитувачите во установите каде што е сместено.

Кога другите деца не сакаат да се дружат со него, го омаловажуваат или го навредуваат затоа што е различно од нив по која било основа.

Кога се постапува поинаку затоа што родителот го прекршил законот или затоа што родителите припаѓаат на друга вера.

Понатаму, дискриминација може да се врши и на тој начин што за припадност на една етничка група се признаваат помалку права и приоритети во однос на друга етничка група, кога не им се овозможува користење и пристап до одредени институции поради нивната етничка припадност и сл.

Дискриминацијата може да биде директна, јасно изразена и видлива, но може да биде и прикриена. На пример, кога девојчињата се стимулираат да играат балет наместо да се занимават со спорт, станува збор за прикриена дискриминација. Кога од момчињата се очекува да не плачат кога ќе се повредат, станува збор за прикриена дискриминација. Кога на девојче коешто сака да се занимава со спорт, меѓутоа не и да биде облечено во трико му се оневозможува ова, станува збор за прикриена дискриминација. Навидум еднаквото постапување може да биде дискриминаторско кога не води сметка за разликите.

*Право на учество*
Триаголникот на правата го сочинува и правото на учество на детето, кое е суштинско право и на кое сè повеќе му се дава значење, затоа што ова право сè уште не е докрај развиено и оживотворено ниту во законската регулатива ниту во практиката.

**Што значи ова право?**
За да се одреди што е најдобар интерес на детето, логично и неопходно е да се сослуша гласот на детето и неговите ставови да бидат сериозно сфатени[6].

„Државните органи мораат да му овозможат на детето коешто е способно да формира свои ставови, право да ги изрази тие ставови во врска со прашањата што се однесуваат на него, и неговите гледишта треба да бидат сериозно сфатени, во согласност со возраста и зрелоста на детето.“

На мислењето на детето треба да му се даде соодветна тежина во согласност со возраста и зрелоста на детето. Мислењето на дете на возраст од 5 и на возраст од 15 години треба да биде сослушано со еднаков респект, но на зборовите на 15-годишното дете ќе им се даде поголема тежина (кога станува збор за деца на иста возраст, некои можеби се способни одредено прашање да го разберат и за него да зборуваат покомпетентно отколку другите, поради што на нивните мислења треба да им се даде поголема тежина). Да се слушне мислењето на детето, не значи тоа и задолжително да биде одлучувачко за решението на проблемот[7].

Пред сè ова право значи дека детето не треба да се третира како објект на учество, односно објект на правата, туку треба да се третира како посебен субјект, личност која има свои права и одговорности, кое во процесот на своето созревање има право да донесува одлуки за сопствената благосостојба во границите на сопствената возраст и нивото на разбирање на последиците од своите одлуки.

Според членот 12 од Конвенцијата, на секое дете кое е способно да формира сопствено мислење треба да му се обезбеди право на сопствено мислење, право на слободно изразување на тоа мислење за сите прашања што се однесуваат на него, со тоа што на неговото мислење треба да му се посвети должно внимание во согласност со годините на животот и зрелоста на детето. Заради тоа на детето треба да му се даде прилика да биде сослушано во сите судски и административни постапки кои се однесуваат на него и тоа било непосредно или преку застапник.

Детето, според членот 13 од Конвенцијата, има право на слобода на изразување, кое опфаќа и слобода да бара и да прима информации и идеи од сите видови.

Но, дали треба да се допушти детето лесно да доаѓа до информации кои се штетни за него, кои штетно влијаат врз неговиот психички развој и дали не треба да се преземат мерки детето да се заштити од вакви информации.

Понатаму, дали треба да биде допуштено во средствата за јавно информирање да се изнесуваат податоци со име и презиме на деца кои биле изложени на насилство или го прекршиле законот, кои се злоупотребени, кои се корисници на психотропни супстанции и слично.

Иако децата имаат право и слобода да примаат и да даваат информации, сепак треба и во овој случај да се раководиме од потребата тие да се заштитат, како и од нивниот најдобар интерес. Тоа значи дека државата како потписник на Конвенцијата е должна да им признае посебно место на средствата за јавно информирање, кои треба да му овозможат пристап на детето до информациите и материјалите од различни национални и меѓународни извори, а посебно да им се обрне внимание на оние информации, чија цел е унапредување на социјалната, духовната и моралната состојба на детето, како и на физичкото и менталното здравје. За да се постигнат овие цели од Конвенцијата, државата треба да ги поттикнува средствата за јавно информирање да ги шират информациите и материјалите од социјален и културен интерес за детето, во смисла на членот 29 од Конвенцијата, што претпоставува повеќе образовни

6 Права што им овозможуваат на децата да учествуваат во прашања и проблеми што се однесуваат на нивниот живот (да формираат и да изразат мислења за работи што се однесуваат на нив, да им се овозможи да ја разберат нивната ситуација и да им се дозволи да развијат социјални вештини, одговорности за развојот на општеството и постигнување на потребното ниво на независност).

7 На пример, детето може да мисли дека одењето на училиштето е само трошење време, но најдобриот интерес за тоа дете сè уште ќе наложува тоа да го посетува училиштето. Сепак, внимателното разгледување на мислењето на детето, може да доведе до промени во училиштето, што би го направиле подобро и попривлечно за сите деца.

емисии. Понатаму, да го поттикнува и ширењето на детските книги, да ги поттикнува средствата за јавно информирање да посветат посебно внимание на развојот во насока на заштита на детето од информации и материјали кои се штетни за благосостојбата на детето.

Тоа значи дека со овие одредби од Конвенцијата всушност се охрабруваат возрасните да ги сослушаат децата, да ги вклучат во донесување на одлуки, а тоа значи дека родителите и наставниците, социјалните работници и сите други субјекти да ги земаат предвид ставовите на децата, да овозможат детето да ги донесува одлуките кои може да ги донесе на соодветна возраст, да го стимулираат да носи одлуки и да ги искористат тие информации за да се донесат одлуки кои се во најдобар интерес на детето, а не тие информации да послужат за донесување одлуки на штета на децата.

**https://www.youtube.com/watch?v=xKBu2B8xZYE – клип на You Tube – УНИЦЕФ за член 13.**

На пример, децата треба да бидат вклучени во: секојдневното одлучување во семејството, во училиштето, во средината во која живеат, децата треба да имаат можност и начини да го искажат своето мислење кога им се повредени правата, да добиваат информации врз основа на кои ќе можат да формулираат релевантно мислење и да имаат различни начини за искажување на мислењето. Детето има право да прашува, да дознава, да се спротивставува, да коментира, да анализира, да не се согласува. Должност на возрасните е да го насочат детето во развојот и соодветното искористување на ова право на начин кој не ги повредува правата на другите.
Посебно внимание мора да се посвети на злоупотребата на правото на изразување, кое може да се манифестира како навредување, вербално насилство или говор на омраза.

**Што опфаќа правото на учество: Слобода на мислење, совест и религија (член 14), Право на здружување (член 15), Заштита на приватноста (член 16), Пристап до информации (член 17), Слобода да дава и да прима информации (член 13).**

## 4.6. Модул за работилница: Други права од Конвенцијата за правата на детето и улогата на ученичките правобранители

| | |
|---|---|
| *Времетраење на работилницата:* | 180 минути (2 паузи од 15 минути – по 60 и 120 минути) |
| *Цел на работилницата:* | Ученичките правобранители да се запознаат со дополнителни важни права кои се обработени во Конвенцијата за заштита на правата на детето и со нивната улога како ученички правобранители во одбрана на тие права (може да се вклучат и членовите на ученичкиот парламент) |
| *Потребен материјал:* | Презентација (по избор на водителот на работилницата)<br>Табла |

*Чекор 1: Рекапитулација на претходната работилница* (10 минути)
Работилницата започнете ја со тоа што ќе им дадете можност на учесниците ако имаат некакви прашања и/или коментари во однос на претходната работилница, за принципите на Конвенцијата, да прашаат или да искоментираат.

*Чекор 2: Права на децата кои се однесуваат на опстанокот и развојот* (30 минути)
Сите претходно споменати принципи треба да го овозможат остварувањето на опстанокот и развојот на детето, како нешто многу повеќе од просто гарантирање на право на живот и преживување. Според Конвенцијата, опстанокот и развојот треба да бидат овозможени „...до највисок можен степен...". Во оваа смисла, зборот опстанок го означува динамичниот аспект во правото за живот (вклучувајќи ја и потребата од превентивни акции, како на пример, имунизација)[8]. Поимот *развој* се толкува во уште поширока смисла и додава нов квалитет, што го вклучува развојот на личноста на детето, неговите таленти и способности[9].

Прашајте ги децата дали можат да препознаат кои членови во Конвенцијата се однесуваат на опстанокот и развојот.
Право на живот (член 6)
Право да живее со родителите и одвојување од родителите (член 9, 10, 18, 20, 21)
Здравје и здравствени услуги (член 24)
Соодветен животен стандард (член 27)
Образование (член 28)
Игра и слободно време (член 31)
Културни активности (член 30)
Пристап до информации (член 13)
Идентитет (член 8)
Права на децата со пречки во развојот (член 23)
Права на децата од малцинствата и децата со автохтоно потекло (член 30)

Основни информации за овие права има во делот Ресурси.

*Чекор 3: Права на децата кои се однесуваат на заштитата* (20 минути)
Во Конвенцијата е содржан цел корпус заштитни права, чијашто цел е да ги штитат децата од каква било форма на негрижа и злоупотреба. Конвенцијата ја признава потребата за заштита на децата од околности што можат да ги намалат нивните шанси за опстанок и развој. Поконкретно, заштитата што им се обезбедува на децата е поврзана со грижата и насочувањето што децата ги примаат од нивните родители, другите членови на семејството, правните советници и од други, како наставниците и здравствените работници. Заштитата на децата, исто така, ја вклучува и потребата од грижа за децата што се постојано или привремено лишени од семејната средина. Конвенцијата, исто така, на децата во особено тешки околности им обезбедува специјални заштитни права[10].

Започнете дискусија со децата дали за детето е доволно само да му ги обезбедиме основните права а при тоа да не водиме сметка и за неговата заштита. Дали детето кое е постојано малтретирано, злоупотребувано или запоставувано може да се каже дека ги ужива сите права и дека има можност за нормален опстанок, раст и развој и дали тоа дете може да се каже дека е еднакво со другите деца.

**8** Основната компонента на правата на преживување на децата е пристапот до здравствената заштита и здравствените услуги. Ова треба да резултира со намалување на смртноста на бебињата и децата, обезбедување примарна здравствена заштита, намалување на неисхранетоста, обезбедување чиста вода, обезбедување здравствена заштита на мајките и децата, обезбедување пристап до информации за сите и промоција на превентивни стратегии и планови за здравствена заштита.

**9** Развојот ги подразбира сите нешта што им се потребни на децата за да го исполнат својот целосен потенцијал. Конвенцијата го дефинира развојот на детето во најшироки можни услови, вклучувајќи го физичкиот, менталниот, духовниот, моралниот и социјалниот развој. Конвенцијата ги насочува општествата да ги разберат и да ги предвидат развојните потреби на децата, како што се образованието, соодветниот животен стандард, социјалната заштита и др.

**10** Малолетничка правда – децата се третираат поинаку од возрасните кога тие се обвинети или осудени за извршени прекршувања на законот (што се базира врз претпоставката дека децата може да не бидат секогаш свесни за ефектите од нивните акции врз други лица и дека се во поголема мера подложни на рехабилитација од возрасните прекршители на законот). Деца во ситуации на експлоатација (заштита на децата од детски труд, сексуална експлоатација, продажба, трговија и користење наркотици). Деца во ситуации на опасност (заштита на децата од вооружен конфликт, опасност, без оглед дали тие се предизвикани од човечки конфликт или од природна катастрофа).

Дете кое е малтретирано, злоупотребувано, без оглед во каква форма, или запоставено, нема основни услови за нормален опстанок, раст и развој, нема можност за безбеден живот.

Со цел децата да ги уживаат сите права, да не бидат злоупотребувани, малтретирани и запоставувани, Конвенцијата за правата на детето содржи одредби кои се однесуваат на заштитата на детето.

Заштитата на децата треба да биде:
...од злоупотреба и запоставување,

...на деца без родители,

...од трудова експлоатација,

...од сексуална злоупотреба,

...од занемарување,

...од вооружени судири,

...од злоупотреба на дрога,

...од трговија со луѓе,

...на децата кои се во судир со законот,

...на деца од тортура и лишување од слобода.

Според членот 36 од Конвенцијата, детето има право да биде заштитено и од други форми на експлоатација кои досега не ги споменавме, односно кои не се опфатени со другите одредби од Конвенцијата.

Тука би навеле неколку примери на експлоатација на детето:
Експлоатација на детскиот труд, деца прислужници, експлоатација на децата за просење; експлоатација на талентирани деца, на пример за одредени спортови, игри, изведувачки уметности; експлоатација на деца како манекени; експлоатација на деца од страна на медиумите со тоа што ќе бидат идентификувани како деца жртви, како деца престапници; експлоатација на деца за снимање на разни реклами заради поголем профит, а без претходно информативно запознавање на детето за целта на рекламата. Тука би ја споменале и политичката злоупотреба на децата, употребата на децата за постигнување на политички цели.

Основни информации за овој дел има во Ресурси.

*Чекор 5: Улогата на ученичките правобранители* (45 минути)
Овој дел од работилницата може да го започнете со дискусија со учениците за тоа колку тие знаат која е нивната функција и улога како ученици правобранители.

Запознајте ги учесниците дека улогата на ученикот правобранител се состои од две компоненти:

1. промовирање на детските права;
2. поддршка за заштита на детските права.

Повеќе информации може да најдете во делот Ресурси.

Во делот на заштита на детските права секој ученички правобранител треба да знае која е процедурата за поднесување на претставка.

Подгответе пример за подготовка на една претставка и разгледајте го и дискутирајте го со учесниците за тоа какви информации е потребно да се вклучат во претставката, начинот на доставување на претставката, идентификување на подносителот или анонимна претставка и индивидуална или групна претставка.

Запознајте ги учесниците дека ученички правобранител е тој што одлучува дали претставката е соодветна и како таква ќе продолжи да ја следи процедурата или пак нема прекршување на некое детско право.
Целокупната процедура треба на наједноставен начин да биде писмено обработена и достапна за сите ученици.
Повеќе информации може да најдете во делот Ресурси.

*Чекор 6: Заокружување на работилницата* (15 минути)
Прашајте ги децата што им оставило најголем впечаток од денешната работилница?
Што им било најинтересно?
Кој дел им бил помалку интересен/досаден?
Дали имаат некакви прашања во однос на денешните теми и дискусии?
Дали имаа можност активно да бидат вклучени во активностите и дискусиите за време на работилницата?

**Ресурси**
*Права за опстанок и развој*
Покрај трите основни права што го сочинуваат триаголникот на правата, битно за секое дете е правото на опстанок и развој гарантирано со членот 6 од Конвенцијата.
Што значи ова право и како тоа да се обезбеди?
Според членот 6 од Конвенцијата, секое дете со самото раѓање има право на живот. Што значи тоа?

Дека сите деца имаат право на безбеден живот, слобода и лична сигурност, а тоа значи дека детето треба да има дом, храна, родителска љубов, соодветен животен стандард, највисоко ниво на здравствена заштита, да биде заштитено од злоупотреба, злоставување и запоставување.

Тоа значи дека сѐ треба да направиме на ниедно дете да не му биде загрозен животот, ниедно дете да не биде лишено од својот живот. На секое дете треба да му обезбедиме услови за максимум опстанок и развој и да се насочиме кон зголемување на животниот век, кон намалување на морталитетот на децата, кон борба за сузбивање на болестите, кон обезбедување на топол, сигурен и безбеден дом, кон обезбедување на здрава храна, вода и воздух, да ги заштитиме децата од вооружени конфликти, убиства, насилство, киднапирање, продажба на децата и слично.

Значи, за да може детето да го оствари правото на опстанок, мора да се преземат сите претходни мерки и мора да се стремиме да ги заштитиме децата и да се раководиме од нивните потреби и интереси.

## ДЕТЕТО ИМА ПРАВО ДА ЖИВЕЕ СО СВОИТЕ РОДИТЕЛИ

За да постојат елементарни услови за нормален опстанок на детето, тоа пред сè треба да живее со своите родители при што, согласно со членот 9 од Конвенцијата, ниедно дете не треба да биде одвоено од неговите родители против неговата волја, освен кога надлежен орган врз основа на соодветна процедура и судска одлука одлучи дека таквото одвојување е неопходно и е во најдобар интерес на детето.

**Како би можело детето да се одвои од неговите родители?**

Одвојувањето на децата од родителите, пред сè, треба да биде мерка на која ѝ претходи друга мерка со која треба да се подобрат односите во семејството, да се работи со родителите, да им се помогне материјално и стручно, ако е тоа неопходно.

Но, доколку и покрај сите преземени мерки родителите го малтретираат своето дете, го занемаруваат и го злоупотребуваат, тогаш мора да се оцени дали е подобро тоа дете да остане и понатаму воваквото семејство или да се одвои од семејството и да се изнајдат други алтернативни мерки за негово згрижување.

**Како го занемаруваат?**

Родителите не се грижат за малолетното дете, за неговото здравје, не преземаат мерки за лекување на детето ако е болно, не водат сметка за хигиената, не му обезбедуваат храна, облека, греење, го оставаат на улица, физички го малтретираат, го злоупотребуваат (сексуално, трудово), не му дозволуваат да посетува училиште, го праќаат на улица и слично. И покрај сите мерки што ги преземаат надлежните органи кон ваквото семејство ако не се подобрат работите, тогаш детето треба да се одвои од неговите родители.

## ЗДРАВЈЕ И ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ

Секако дека за нормален опстанок и развој на секое дете треба да му се обезбедат соодветни услови за зачувување на здравјето и давање на соодветна здравствена заштита.

Според членот 24 од Конвенцијата, на детето треба да му се признае највисоко ниво на здравствена и медицинска заштита и рехабилитација, при што секоја држава треба да ги преземе сите можни мерки ниедно дете да не биде лишено од правото на здравствена заштита. Во таа смисла државата треба да преземе соодветни мерки за намалување на смртноста кај бебињата и децата, треба да им обезбеди неопходна медицинска помош и здравствена заштита на сите деца, и при тоа да се даде акцент на примарната здравствена заштита. Да преземе мерки за сузбивање на болестите и отстранување на причините кои можат да доведат до развивање на болестите, да обезбеди соодветни хранливи продукти, чиста вода за пиење, здрава животна околина.
При тоа треба да се обрне внимание не само на физичкото здравје туку и на нивниот психолошки развој. Секако дека вооружените конфликти, присилното напуштање на домот и местото на живеење, условите што ги имаат раселените лица, влијае и на здравјето на децата и во таа насока се прават напори да им се обезбедат нормални услови за живеење.

## СТАНДАРД ЗА ЖИВЕЕЊЕ

За да има детето нормален опстанок битен е и животниот стандард, затоа што, како што рековме, за да има безбеден живот детето, да не биде дискриминирано, да биде здраво и без пречки да ги користи здравствените услуги, да се образова, да има право на игра и рекреација, детето треба да има и соодветен животен стандард.

Според членот 27 од Конвенцијата, на детето треба да му се признае правото на животен стандард адекватен на неговиот физички, ментален, духовен, морален и општествен развој.
За обезбедување на соодветен животен стандард, пред сè, се одговорни родителите во рамките на своите способности и финансиски можности. Но, доколку родителите не се во можност да им обезбедат соодветен животен стандард на своите деца, дали треба да ги препуштиме тие семејства сами да се снаоѓаат или да ги оставиме без основни средства за живот? Секако дека според Конвенцијата државата има обврска материјално да им помогне на овие семејства доколку имаат потреба од тоа, но секако дека државата тоа може да го прави во согласност со националните услови и со своите можности.

Животниот стандард при тоа не подразбира само покрив над глава, туку и храна, облека, грижа, а за тоа треба да се обезбедат одредени социјални права, во случај на неможност на родителите, во случај на невработеност, во случај на болест, инвалидност, во случај на смрт на родителите.

## СЛОБОДНО ВРЕМЕ, РЕКРЕАЦИЈА И КУЛТУРНИ АКТИВНОСТИ

За да се развие детето во здрава и нормална личност, покрај другото треба да му се создадат услови за користење на слободното време, да има можност за игра и да учествува во културни и уметнички активности.

Тргнувајќи од потребата на децата за игра, со членот 31 од Конвенцијата е пропишано дека детето има право на одмор, на слободно време, на игра и рекреација и во зависност од неговата возраст треба да му се даде можност да учествува во културниот живот и уметноста.

Но, дали овие права ги имаат децата на улица и дали можат да го остварат своето право на одмор, игра и рекреација? Дали децата кои се трудово експлоатирани можат да ги користат овие права? Дали децата кои не одат на училиште и кои немаат пристап до културните и уметничките активности, или пак децата на кои им е ограничено правото на учество и на искажување на своето мислење и низ културни и низ уметнички манифестации можат да го користат ова право? Но, исто така, прашање е дали постојаното гледање на телевизија и играњето на компјутер дава можност детето да се одмори и да се релаксира.

Подобро е детето да прошета во природа, да се занимава со спортски активности или други физички активни игри, отколку по цел ден да биде затворено дома, односно одвоено од другарчињата и да гледа телевизија или да игра на компјутер. Секако дека детето не треба да се ограничува и од правото да гледа телевизија и да игра на компјутер, но во рамки кога тоа позитивно ќе влијае врз неговиот развојот.

Но, за да може детето да го користи слободното време да игра, да се занимава со слободни активности, како и за остварување на овие права, во одредена мера влијае и материјалната состојба на семејството и на државата. Ако семејството е сиромашно и не може да си дозволи на детето да му создаде услови и реквизити за игра или ако државата нема објекти и простор за игра и рекреација на децата, секако дека ова право не ќе може да се реализира во практиката.

**ПРАВО НА РАЗВОЈ**

Покрај правото на опстанок, децата имаат и право на развој, што подразбира достигнување на максимумот на потенцијалот на секое дете.
Ова право во себе вклучува неколку права, права кои треба на детето да му се обезбедат за да има нормален развој во здрава физичка и психичка личност.

Според Конвенцијата, права што се битни за развојот на детето се:

- Правото на идентитет,
- Правото на образование,
- Обезбедување на посебни права на децата со пречки во развојот и на децата со автохтоно потекло.

- **Право на идентитет –** член 7 и 8

1. Име и националност (член 7)
2. Зачувување на идентитетот (член 8)

- **Деца со пречки во развојот** (член 23)
- **Образование** (член 28 и 29)
- **Деца на малцинствата**
- **Деца со автохтоно потекло** (член 30)

**ПРАВО НА ИДЕНТИТЕТ**

Според членот 7 од Конвенцијата, секое дете треба да има име, да биде пријавено за да може да остварува други права, да се стекне со државјанство, да знае кои се неговите родители и право тие да се грижат за него.

Името на детето треба да му се даде веднаш по раѓањето и за тоа треба да се согласни родителите.

Битно за идентитетот на секое дете и основа за остварување на одредени права е запишувањето во матичната евиденција на родените. Ако детето нема име, не е никаде запишано, тогаш како да не постои и не може да остварува никакви права, не може да користи здравствени услуги, да посетува училиште, да се вработува, да добива помош од државата и да остварува други права. Затоа е битно секоја држава, па и Македонија, да ги презема сите можни мерки секое дете да добие име, државјанство, да се запише во матичните книги, да си ги знае родителите и тие да се грижат а него.

**ДЕЦА СО ПРЕЧКИ ВО РАЗВОЈОТ**

Децата со пречки во развојот, пред сè, ги имаат сите права како и другите деца. Тие мора да се еднакви со другите деца, но сепак поради нивните посебни потреби треба да им се даде посебна грижа, образование и обука.

Според членот 23 од Конвенцијата, децата со пречки во развојот треба да уживаат целосен и достоен живот со поттикнување да бидат што посамостојни и да им се олесни животот со активно учество во заедницата.

Според Конвенцијата, овие деца треба, пред сè, да останат во своите семејства, а само во краен случај да бидат сместени во установи. Овие деца треба да имаат посебна нега за што државата треба да му даде помош на семејството што има такво дете, зависно од нејзините можности и потребите и состојбата на детето. На овие деца треба да им се обезбеди образование, целосна здравствена заштита, рехабилитација и целосна општествена интеграција, како и нивен личен развој.
Децата со пречки во развојот не смеат да бидат издвоени од заедницата, туку треба да се најде начин да бидат дел од редовното образование и од сите активности што ги имаат и другите деца.

**ОБРАЗОВАНИЕ**

Едно од доста важните права за развојот на детето е правото на образование гарантирано со членовите 28 и 29 од Конвенцијата.

Според овие одредби од Конвенцијата, детето има право на образование. Остварувањето на ова право треба да биде под еднакви услови и можности, посебно децата имаат право и должност за основно образование, кое е и треба да биде бесплатно за сите и се поттикнува развојот на различните форми на средно образование, кое треба под еднакви услови да му е достапно на сите деца.

При тоа државата треба да го стимулира одењето на училиште со воведување на бесплатното образование и со давање финансиска помош во случај на потреба. Конвенцијата посебно налага и обврска дисциплината во училиштата да се спроведува на начин кој е во согласност со човечкото достоинство, а тоа значи дека во училиштето не треба да се применуваат мерки на физичко и психичко казнување на детето. Треба да се почитува личноста и достоинството на детето и да му се даде можност да го изнесе своето мислење и да му се даде должно внимание на неговото мислење.

Воедно Конвенцијата предвидува обврски за државите потписнички образованието на детето да се насочи кон развојот на личноста на детето и развојот на надареноста и менталните и физичките способности до крајни граници.
Преку образованието кај детето треба да се развие надареноста и физичките и менталните способности и да се развие чувството за почитување на пра-

вата и слободите на човекот, како и почитување на родителите на детето. Воедно, преку образованието треба да се развие културниот идентитет, јазикот, вредностите, националните вредности, како и преку образованието детето да се подготви за одговорен живот во едно слободно и демократско општество во дух на разбирање, мир и толеранција, еднаквост и пријателство меѓу народите и етничките групи. Преку образованието треба да се развие и почитувањето на природната средина. Но, сѐ уште во поглед на правото на образование постојат дискриминации помеѓу децата и тоа најчесто во зависност од полот, поради пречки во развојот и поради други причини. Сѐ уште има голем број деца кои не посетуваат училиште и притоа од нив најголем број се девојчиња иако образованието за девојчињата е од витално значење.

Исто така правото на образование им е ограничено и на децата од руралните средини, децата во затвор и сиромашните деца.

## ДЕЦА ОД МАЛЦИНСТВАТА ИЛИ ДЕЦА СО АВТОХТОНО ПОТЕКЛО

Според членот 30 од Конвенцијата, во државите каде што живеат повеќе етнички, верски или јазични малцинства или лица со автохтоно потекло, детето кое му припаѓа на таквото малцинство или е од автохтоно потекло не смее да биде лишено во заедница со другите припадници на групата од правото на својата култура, исповед на својата вера и вршењето на верски обреди или употребата на својот јазик.

*Права на децата кои се однесуваат на заштитата*

Дали за детето е доволно само да му ги обезбедиме основните права а при тоа да не водиме сметка и за неговата заштита. Дали детето што постојано е малтретирано, злоупотребувано или запоставувано може да се каже дека ги ужива сите права и дека има можност за нормален опстанок, раст и развој и дали тоа дете може да се каже дека е еднакво со другите деца.

Дете кое е малтретирано, злоупотребувано, без оглед во каква форма, или запоставено, нема основни услови за нормален опстанок, раст и развој, нема можност за безбеден живот.

Со цел децата да ги уживаат сите права, да не бидат злоупотребувани, малтретирани и запоставувани, Конвенцијата за правата на детето содржи одредби кои се однесуваат на заштитата на детето.

Во оваа група со Конвенцијата се предвидени следните права:

1. **Заштита од злоупотреба и запоставување,**
2. **Заштита на дете без родители,**
3. **Заштита на децата од вооружени судири,**
4. **Заштита на децата од трудова експлоатација,**
5. **Заштита на децата од дрога,**
6. **Заштита на децата од сексуална експлоатација,**
7. **Заштита на деца кои се во судир со законот и**
8. **Заштита на деца од тортура и лишување од слобода.**

Со членот 19 од Конвенцијата се обврзува државата да ги преземе сите соодветни законодавни, административни, социјални и образовни мерки поради заштита на детето од сите облици на физичко и ментално насилство, повреди или злоупотреби, занемарувања или немарен однос, малтретирање или експлоатација, вклучувајќи ја и сексуалната експлоатација и злоупотреба.

Овие заштитни мерки се преземаат додека детето се наоѓа кај неговите родители, но и во случај кога детето е сместено во установи, кога е во училиште или кога остварува права во други институции.

За да се заштити детето од сите овие форми на злоупотреби, потребно е да се донесат такви социјални програми и закони кои ќе овозможат спречување, утврдување, пријавување, проследување и истрага на сите овие случаи, како и спроведување, ако е потребно, и на судска постапка.

Со овој член од Конвенцијата всушност се потврдуваат еднаквите права кои децата ги уживаат, а кои се во непосредна поврзаност со правото на живот и правото на максимален опстанок и развој.

За да се обезбеди ова право, треба да се земат предвид многу други права предвидени со Конвенцијата, како што се родителската одговорност за грижа за децата, потоа прашањата околу дисциплината во училиштата, физичкото казнување во институциите, а пред сѐ во казнено-поправните установи.

Постојат различни видови на насилство на децата, физичко и ментално, а запоставувањето на децата може да се врши со намера или да биде предизвикано поради неспособност на родителот да му даде адекватна грижа или пак поради презафатеност родителот не може да му ја даде соодветната грижа и да го заштити од несреќи.

Мерките за заштита треба да вклучуваат социјални мерки, едукативни мерки, како и соодветна поддршка на децата и на семејството, со едукација на родителите и на децата за детските права и за заштита на децата и со давање на помош на родителите при вршењето на родителското право.

Посебно место зазема семејното насилство кое сѐ уште се одрекува дека постои, сѐ уште луѓето се срамат тоа јавно да го кажат, но треба јавно да проговориме за него и треба да ги преземеме сите мерки за заштита на детето од семејно насилство.

Во Кривичниот законик на Македонија се предвидени повеќе кривични дела кои ги санкционираат дејствијата насочени кон децата, но сепак не можеме да кажеме дека нема семејно насилство и дека сите кои применуваат такво насилство кон децата се соодветно казнети.

Исто така и во Законот за семејството на Македонија постојат можности детето да им биде одземено на родителите, да им биде ограничено нивното родителско право доколку тие го злоупотребуваат, малтретираат или го запоставуваат своето дете. Но, сепак, овие мерки се преземаат само како крајно решение, пред сè се преземаат мерки да им се помогне и на децата и на родителите за да се спречат таквите појави и детето сепак да остане да живее кај своите родители, но секако доколку има резултати од претходно преземените мерки. Но, доколку нема резултати и непостојат никакви можности родителите да се поправат, тогаш иако за детето е најдобро да живее со неговите родители, сепак тоа треба да се одвои од таквите родители, кои не придонесуваат за неговиот нормален раст и развој.

За ваквите деца најдобро решение е да бидат сместени во друго здраво семејство, но доколку тоа не е можно, како крајна мерка детето може да биде сместено во установа, но установите сè повеќе треба да се избегнуваат затоа што децата сместени во установи не се среќни деца.

*Право на учество*
Едно од правата кои го сочинуваат триаголникот на правата е правото на учество, но ова право во себе содржи и неколку други права гарантирани со Конвенцијата, и тоа:

- Слобода на мислење, совест и религија (член 14),
- Право на здружување (член 15),
- Заштита на приватноста (член 16),
- Пристап до соодветни информации (член 17),
- Слобода да дава и да прима информации (член 13).

**СЛОБОДА НА МИСЛЕЊЕ, СОВЕСТ И РЕЛИГИЈА**
Според членот 13 од Конвенцијата, детето има право слободно да го изрази своето мислење со што се опфаќа и неговото право да дава и да прима информации од сите видови без оглед на границите, било писмено или усмено, преку печатот, телевизијата или некој друг медиум, секако по избор на детето. Видот на информации што ги добива детето и начинот на добивање на информациите треба да биде приспособен на неговата возраст. Примањето и давањето информации може да се изведува на најразлични начини (вербално, преку пишани документи, преку музика, филмови, книги, графити, преку постапките на возрасните и пораките кои тие ги испраќаат со своите активности). Децата треба да се обучат да ги препознаваат релевантните информации и да ги разликуваат од лажните вести, да имаат критички однос кон информациите што ги добиваат, да ги преиспитуваат и да ги анализираат. Посебно важно е децата да се обучат да ги наоѓаат соодветните извори на информации во кои можат да имаат доверба. Правото на изразување е суштинско право за практикување на демократијата и е непосредно поврзано со почитувањето на еднаквото право на другите да имаат сопствено мислење и да можат да го изнесат и застапуваат тоа мислење. Правото на изразување може да биде ограничено доколку е на штета на почитувањето на правата и угледот на другите, или поради заштита на националната безбедност или на јавниот ред и мир или пак ако тоа штетно влијае врз јавното здравје или моралот. Значи, сепак правата не може да се сфатат како апсолутни без никакво ограничување, затоа што правата можеме да ги користиме само ако ги почитуваме правата на другите, односно на начин што не ги повредува правата на другите.

Во рамките на правото на слободно изразување спаѓа и правото на слобода на совест и религија, што подразбира дека секое дете има право да има сопствено уверување и поради неговата вероисповед или верско или друго убедување не треба да трпи какви било ограничувања или да биде дискриминирано.

**ПРАВО НА ЗДРУЖУВАЊЕ**
Друго право кое спаѓа во групата на права за учество на детето е правото на здружување гарантирано со членот 15 од Конвенцијата.

Ова право подразбира на детето да му се даде право и слобода да се здружува и слобода на мирно собирање. Ова право подразбира можност децата да се организираат во одредени здруженија заради постигнување на некои заеднички цели и интереси, при што ова право може да биде ограничено само ако со тоа здружување или јавно собирање се загрозува безбедноста на државата, се нарушува јавниот ред и мир и е спротивно на законските норми, се загрозува јавното здравје или пак здружувањето и јавното собирање се спротивни на моралните сфаќања или со тоа се повредуваат правата на другите. Значи, во вакви услови правото на здружување или јавното собирање можат да бидат ограничени.

Според законодавството на Македонија, децата не можат да формираат здруженија на граѓани до навршени 15 години, меѓутоа можат ова право да го практикуваат преку училиштата, преку невладините организации или на друг начин преку свои клубови да се организираат околу некој заеднички интерес и заеднички да дејствуваат на разрешувањето на одреден проблем дали во училиштето, во локалната заедница или на пошироко ниво. Досега успешно функционира детскиот парламент како невладина организација, а исто така децата во училиштата се организираат како класни заедници преку кои здружено дејствуваат.

Според Законот за здруженија и фондации: „Здружение на граѓани може да основаат малолетни лица со навршена 15-годишна возраст преку изјава за согласност за основање на здружение од нивниот законски застапник, за целите за кои се основа здружението во согласност со закон“ (член 15).

Здружувањето има исклучително голема важност во споделувањето на заедничките интереси, искажувањето на заеднички став и остварувањето на заедничките цели. На тој начин ги споделуваме идеите со другите, донесуваме одлуки во интерес на сите, го планираме сопствениот живот согласно со созна-

нијата што ги добиваме од луѓето кои ги среќаваме. Без да се среќаваме со други лица и без децата да се здружат и заеднички да настапуваат, тешко дека правилно би функционирале.

**ЗАШТИТА НА ПРИВАТНОСТА**

Битно за учеството на децата во креирањето на сопствениот живот е и заштитата на нивната приватност гарантирана со членот 16 од Конвенцијата.

Според овој член од Конвенцијата, ниедно дете не би требало да биде изложено на самоволно или незаконско мешање во неговиот приватен и семеен живот, во домот или во личната преписка. Исто така детето треба да биде заштитено и од незаконските напади на неговата личност и углед, затоа што децата иако се мали, тие се личности со достоинство и углед и сите сме должни да го почитуваме тоа и да се воздржиме од активности што би ги повределе достоинството и угледот на децата.

Приватноста на детето подразбира дека личните работи си се лични работи и дека и детето има право да си живее свој живот без вознемирување или прислушкување.

Приватноста, пред сè, се однесува на физичкиот простор околу детето, кој не смее да биде нарушен без посебна потреба и без дозвола на детето.

Во остварувањето на ова начело би требало да се потенцира дека децата можат да си водат свој дневник и тој не би требало да се чита од родителите, наставниците или воспитувачите за деца кои се сместени во домови.

Посебен облик на можно загрозување на приватноста на детето е несоодветното изнесување на лични податоци од медиумите. Заштитата на личниот интегритет на детето и неговото достоинство мора да бидат издигнати на ниво на приоритет при кој било облик на медиумско известување.

Посебен облик на нарушување на приватноста на децата е неовластеното фотографирање и прикажувањето на децата без дозвола на родителите/старателите или самите деца.

**ПРИСТАП НА ДЕТЕТО ДО СООДВЕТНИ ИНФОРМАЦИИ**

Со овие коментари веќе навлеговме и во едно друго право кое се вклопува во правото на учество, а тоа е правото на пристап на децата до соодветни информации гарантирано со членот 17 од Конвенцијата.

Според овој член, државата е должна да им ја признае значајната улога на средствата за јавно информирање и да му овозможи пристап на детето до информации што се корисни за него и со кои се унапредува неговата социјална, духовна и морална благосостојба и физичкото и менталното здравје. За тоа државата треба да:

- ги поттикнува средствата за јавно информирање да ги шират информациите од социјален и културен интерес за детето,
- да ја поттикнува меѓународната соработка за размена на искуство и информации од различни културни, национални и меѓународни извори,
- да го поттикнува ширењето на детските книги,
- да ги поттикнува средствата за јавно информирање да посветат посебно внимание врз лингвистичките потреби на детето, посебно за деца од малцинствата или деца со автохтоно потекло,
- и да ја поттикнува забраната за ширење на информации кои се штетни за детето и неговата благосостојба.

## 4.7. Модул за работилница за интеркултурно образование

**Активност:** Пронаоѓање во група

**Опис на активноста**
Учесниците се делат во групи по различни теми:
група по етничка припадност,
група по верска припадност,
група по бои што ги сакаат (бела, црна, црвена, сина),
група по храна што ја сакаат.

Рефлексија
Како ви се допадна вежбата?
Што научивте од вежбата?
Целта на вежбата е да видат учесниците дека со различни деца од различна позадина припаѓаат во иста група.
**Време: 15 мин.**

**Активноста:** Вежба „Санта мраз"
**Потребен материјал**: флипчарт хартија, маркери, лист хартија со формат А4 за сите учесници и маркери за секого.

**Опис на активноста**
На флипчарт хартија ќе се запише зборот култура, а потоа сите учесници, преку бура на идеи, треба да кажат што значи за нив културата. Откако ќе се запишат идеите, на другата страна се црта сантата мраз. Тогаш ќе ги запрашаме учесниците што знаат за сантата мраз? Ги прашуваме колку сантата е над вода и колку под вода за да се нацрта линијата. Линијата се црта приближно на 20 % од сантата да остане над вода. Многу луѓе сантата мраз ја поврзале со културата на луѓето, бидејќи многу можеш да кажеш за културата на еден човек само ако го погледнеш. Тоа се тие 20 % од сантата што остануваат на површина. Но, многу особини на човекот и неговата култура остануваат скриени или се под водата.

Потоа се развива дискусија со учесниците каде, според нив, би ги сместиле идеите што претходно ги дале.

Сигурно повеќето идеи што ќе бидат дадени ќе бидат над површината и тогаш ќе се побара од учесниците да дадат повеќе идеи што би ги сместиле под сантата мраз. Повеќето од овие идеи треба да бидат за вредностите и перцепциите на ситуациите. Ќе се дадат примери за да почнат да размислуваат. На пример, знаење, религија, обичаи, правила итн. Тоа е нешто што оди долу во сантата.

На учесниците им се објаснува дека најголем дел од луѓето ги проценуваат другите луѓе врз основа на тоа што го гледат и претпоставуваат дека познаваат некого само според тоа што го виделе. А за да разбереме некого, треба да го погледнеме подлабоко за да видиме што сака тој човек, што го прави радосен, тажен, зашто му се важни некои празници или други прослави. Ние можеме да се запознаеме подобро еден со друг кога би ги поделиле овие наши вредности што не се гледаат толку и не ги знаат другите.

Вежба
Секој учесник ќе добие празен лист и фломастер и ќе треба да нацрта санта мраз и да се опише себеси, што е тоа што ќе оди над површината, а што ќе оди под површината. Може да ги користат примерите од бурата на идеите што се дадени, но не треба да се ограничат само на тоа. Потоа наставникот ќе побара кој сака да го презентира напишаното.

На крајот се заклучува дека сите треба да се потрудат да ги гледаат работите под линијата на водата, да се потрудат да ги разберат другите подлабоко и да ги разберат причините зашто ги презентираат тие работи што се над водата на сантата мраз.

**Време: 20 мин.**

# 5. ПРИЛОЗИ – ФОРМИ НА ДОКУМЕНТИ

## ПРИЛОГ 1

**Формулар за пријавување за избор на претседател на заедницата на паралелката**

Име и презиме на кандидатот: ______________________________

Одделение: ____________

Националност: ______________

Поведение од претходната учебна година: ______________

Успех од претходната учебна година:

А) Доволен
Б) Добар
В) Многу добар
Г) Одличен

Потпис на ученикот: _______________ Датум: ________

Потпис на родителот: _______________ Датум: ________

## ПРИЛОГ 2

**Листа со потписи за поддршка од учениците за предлог на претседател на заедницата на паралелката (минимум 1/5 потписи од вкупен број на ученици)**

Име и презиме на кандидатот: ______________________
Одделение: ________

Име и презиме: Потпис:

1. ____________________________________________
2. ____________________________________________
3. ____________________________________________
4. ____________________________________________
5. ____________________________________________
6. ____________________________________________
7. ____________________________________________
8. ____________________________________________
9. ____________________________________________
10. ____________________________________________

## ПРИЛОГ 3

**Мотивационо писмо за претседател на заедницата на паралелката**

На празниот простор подолу можеш да напишеш зошто би сакал да станеш претседател на заедницата на паралелката. Размисли и напиши зошто ти си најдобар кандидат за оваа позиција. Што би направил кога би бил претседател на твојата паралелка.

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________

*Име и презиме на кандидатот:* _______________

*Потпис:* ________________

*Датум:* ________________

## ПРИЛОГ 4: ПОВИК ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ И ЗАМЕНИЦИ НА УЧЕНИЧКИТЕ ПРАВОБРАНИТЕЛИ

***ООУ „________________________________“ објавува повик за избор на ученички правобранител и заменици на ученичките правобранители.***

***Ученичкиот правобранител е ученик што ќе се грижи за заштита и почитување на правата на децата во училиштето, кој ќе има обврска да ги промовира правата на детето, да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави сите случаи на повреда на детските права до надлежните органи во и надвор од училиштето*** *(училиштен кадар и Народен правобранител).*

### I. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО

Право на пријавување за функцијата ученички правобранител имаат **учениците од 7, 8 или 9 одделение.**

Право на пријавување за функцијата заменик на ученичкиот правобранител имаат **учениците од 6, 7 и 8 одделение.**

### II. НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Документи за пријавување: **пријава и мотивационо писмо.**

Заинтересираните кандидати можат да подигнат **пријава** од **педагошко-психолошката служба** во училиштето. Потребно е кандидатите да ја пополнат и да ја достават пријавата до педагошко-психолошката служба.

Мотивационо писмо се доставува во слободна форма.

**Краен рок за поднесување на документите**:_______________

III. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР
Избор за ученички правобранител и негови заменици вршат учениците од 7 до 9 одделение според следните критериуми:

- **пол,**
- **возраст,**
- **основно познавање на детските права,**
- **мотивација за пријавувањето,**
- **комуникациски и организациски способности,**
- **етничка припадност,**
- **претходно искуство, односно вклученост во воннаставните активности.**

### IV. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ на ученичкиот правобранител и неговите заменици:

- учество на воведна обука за улогата и обврските на ученичкиот правобранител, организирана од страна на педагошко-психолошката служба (тимот за поддршка на ученичко учество);
- промовирање на правата на детето во училиштето преку едукативни – врснички работилници и информативни настани;
- прибирање на претставки – поплаки од учениците (препознавање на прекршување на детските права и обезбедување заштита за почитување на детските права);
- редовна комуникација и координација со педагошко-психолошката служба.

**Мандатот на избраниот ученички правобранител и замениците на правобранителите е 2 (две) учебни години (доколку правобранителот е 9 одделение, неговиот мандат е една учебна година).**

Лице за контакт: ________________________________

Град: _______________ /Датум:____________

## ПРИЛОГ 5: ПРИЈАВА ЗА УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ

1. **Име и презиме:** ______________________________
2. **Адреса на живеење:** __________________________
3. **Телефон за контакт:** __________________________
4. **Е-адреса:** ___________________________________
5. **Датум на раѓање:** ____________________________
6. **Пол:** машко ☐ женско ☐
7. **Одделение:** VII ☐ VIII ☐ IX ☐
8. **Националност:**

а. **Македонска** ☐
б. **Албанска** ☐
в. **Ромска** ☐
г. **Турска** ☐
д. **Српска** ☐
ѓ. **Друго , наведи:** ______________________

9. **Дали претходно си учествувал/а во активности поврзани со промовирање или заштита на детските права?**

**Да** ☐ **Не** ☐

**Доколку си учествувал/а, наведи ги активностите:** ____________________________________________
______________________________________________________________________________

10. **Дали си запознат/а со Конвенцијата за правата на детето?**

**Да** ☐ **Не** ☐

11. **Дали си бил/а вклучен/а во некои активности во рамките на училишната организација/воннаставни активности?**

**Да** ☐ **Не** ☐

**Доколку да, наведи:** ____________________________________________________________
_______________________________________________________

**Пријавата заедно со мотивационото писмо доставете ја во педагошко-психолошката служба!**

**Краен рок за пријавување**

____________ **година.**

## ПРИЛОГ 6: ПРИЈАВА ЗА ЗАМЕНИК НА УЧЕНИЧКИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

1. Име и презиме: ______________________________

2. Адреса на живеење: ______________________________

3. Телефон за контакт: ______________________________

4. Е-адреса: ______________________________

5. Датум на раѓање: ______________________________

6. Пол: машко ☐ женско ☐

7. Одделение: VI ☐ VII ☐ VIII ☐

8. Националност:

а. Македонска
б. Албанска
в. Ромска
г. Турска
д. Српска
ѓ. Друго , наведи: ______________________

9. Дали претходно си учествувал/а во активности поврзани со промовирање или заштита на детските права?

Да ☐ Не ☐

Доколку си учествувал/а, наведи ги активностите:

______________________________________________________________

______________________________

10. Дали си запознат/а со Конвенцијата за правата на детето?

Да ☐ Не ☐

11. Дали си бил/а вклучен во некои активности во рамките на училишната организација/воннаставните активности?

Да ☐ Не ☐

Доколку да, наведи: ______________________________________________________________

____________________________________________

Пријавата заедно со мотивационо писмо доставете ја во педагошко-психолошката служба!

Краен рок за пријавување

---------- година.

## ПРИЛОГ 7: ИЗЈАВА ЗА СОГЛАСНОСТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Јас ________________________(име и презиме), ученик во ___ одделение, изјавувам дека ќе ја вршам функцијата ученички правобранител во моето училиште во согласност со предвидените обврски, а во постојана комуникација со замениците на ученичките правобранители, ученичкиот парламент, педагошко-психолошката служба, како и другите раководни функции во училиштето.

Во ___________
(место и датум)

________________________
(потпис)

## ПРИЛОГ 8: ИЗЈАВА ЗА СОГЛАСНОСТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА ЗАМЕНИК НА УЧЕНИЧКИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Јас _________________________(име и презиме), ученик во ___ одделение, изјавувам дека ќе ја вршам функцијата заменик на ученичкиот правобранител во моето училиште во согласност со предвидените обврски, а во постојана комуникација со ученичкиот правобранител, ученичкиот парламент, педагошко-психолошката служба, како и другите раководни функции во училиштето.

Во ________________
(место и датум)

________________________
(потпис)

ПРИЛОГ 9

**Формулар за пријавување на прекршени детски права**

**1. Податоци за подносителот**

Име и презиме: ____________
Возраст: ____
Пол: Машко ☐ Женско ☐
Националност: ____________
Телефон: ______________
Е-адреса: ______________
Училиште: ______________
Град: ________

**2. Содржина**

1. Опис на проблемот/прекршокот (опишете детално како се случил проблемот, кога и каде се случило, дали имате докази и сл.).

______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________

2. Кој го направил проблемот/прекршокот:

______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________

Место и датум: __________

Подносител (име и презиме): ________________

## ПРИЛОГ 10

**Листа за евиденција на прекршени детски права**

**Ученик правобранител:**

**Име на училиштето:**

**Град:**

**Месец:**

| Име и презиме (ако е анонимно нема да се запишува името туку само полот) | | Одделение | Образложение на пријавата |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |
| 6. | | | |
| 7. | | | |

## ПРИЛОГ 11

**Годишен план за работа за ученички парламент**
**(Акциски план на активности)**

| Реден број | Активност | Временски рок | | | | | | | | | | | | Носители на активноста | Материјални/ човечки ресурси |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | IX | X | XI | XII | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | | |
| 1. | Одржување трибина за човековите права | | | | | | | | | | | | | Мирјана Сафет | Експерт за човекови права од универзитет Училишна сала |
| 2. | Кампања за учество на децата во одлуки на локалната заедница | | | | | | | | | | | | | Членови на училишно тело | Сала за состаноци (училница) Хартија, фломастери |
| 3. | | | | | | | | | | | | | | | |
| 4. | | | | | | | | | | | | | | | |

## ПРИЛОГ 12

**Форма на писмено обраќање**

**(Меморандум/лого на ученички парламент – доколку го има)**

До:

_______________________________________

(се наведува до кое тело се упатува барањето)

Предмет: ____________________________________ (наслов на барањето)

*Почитувани,*

*Започнете со опис на проблемот (кратко и јасно, со факти)*

*Наведете што се бара да преземе тоа тело и зошто (кратко и јасно)*

*Рок до кој се очекува (писмен) одговор (пример 5 дена од денот на поднесување на барањето)*

*Со почит,*

______ _________________

(кој го поднесува барањето)

Датум и место:

_________________

## ПРИЛОГ 13

**Форма на записник**

Водењето и чувањето на записниците од дискусиите што се водат на состаноците и одлуките што се донесуваат се многу важни. Тие треба да се зачуваат во посебна датотека наречена:

Портфолио на ________________________(*се запишува формата на организирање: ученички парламент, заедница на паралелка, друго тело во училиштето*).

Во прилог, еден пример на записник:

Назив на училиштето:

Заедница на паралелка: ________

**Записник од состанокот**

[Ден, датум, месец, година]
присутни: (*запишете ги имињата и презимињата на учесниците на состанокот*)

А. Усвојување на дневниот ред
(*Запишете ги точките од дневниот ред. Би било добро последната точка да ја направите „Разно" за да се овозможи дискусија за прашање што се појавило во меѓувреме*).
Дневниот ред беше едногласно усвоен (ако немаше забелешки).

Б. Усвојување на записник
Записникот од претходниот состанок беше едногласно усвоен (доколку нема забелешки).

В. Дискусија по точките на Дневниот ред
Прва точка, известување за реализацијата на одлуките од претходниот состанок.

Резимирајте ги прашањата што се дискутираат, се утврдуваат донесените одлуки.

Д. Предлог-дневен ред за следниот состанок
Се одредуваат прашањата што треба да се разгледаат на следниот состанок.

Записничар: Име и презиме.
Одобрено од: Име и презиме (раководителот на состанокот).

## ПРИЛОГ 14

**Форма на евалуационата листа за работата на ученичкиот парламент**

Координативното тело на ученичкиот парламент, на квартална основа, ги повикува членовите на целото тело да ја пополнат листата за евалуација за работата на телото. Резултатите од оваа проценка ќе помогнат да се разгледа како се раководи и како работи телото.

1. Што мислите за работата на __________________?

2. Што ми се допаѓа во __________________?

4. Што не ми се допаѓа во __________________?

5. Моите препораки до __________________се: __________________ .

6. Ве молиме опишете една пријатна ситуација во рамките на__________________ : __________________.

7. Ве молиме опишете непријатна ситуација во рамките__________________ : __________________.

6. Дополнителен коментар: __________________.

## ПРИЛОГ 15

**Форма за АКЦИСКИ ПЛАН**

**ЗА**

**ПРИМЕНА НА ВОДИЧОТ ЗА УЧЕНИЧКО УЧЕСТВО, УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА**

**Училиште:** ___________________________

**Период на спроведување:** _________________

**Листа на членови на тимот за поддршка на ученичко учество:**

1. ______________________________
2. ______________________________
3. ______________________________
4. ______________________________
5. ______________________________
6. ______________________________

***(додадете доколку има повеќе членови на тимот)***

| Реден бр. | Активности | Очекувани резултати | Временска рамка | Планиран број на часови за активноста | Одговорност |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | |
| 2. | | | | | |
| 3. | | | | | |
| 4. | | | | | |
| 5. | | | | | |
| 6. | | | | | |
| 7. | | | | | |
| 8. | | | | | |
| 9. | | | | | |
| 10. | | | | | |
| 11. | | | | | |
| 12. | | | | | |
| 13. | | | | | |

## ПРИЛОГ 16

**Форма за ИЗВЕШТАЈ**

**ЗА**

**ПРИМЕНА НА ВОДИЧОТ ЗА УЧЕНИЧКО УЧЕСТВО, УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА**

**Период на известување:** ___________

**Наставник:** _______________________

| Реден бр. | Планирани активности | Реализирани активности (краток опис) | Временска рамка (датум и часови) | Учесници |
|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |
| 6. | | | | |
| 7. | | | | |
| 8. | | | | |
| 9. | | | | |
| 10. | | | | |
| 11. | | | | |
| 12. | | | | |
| 13. | | | | |

ISBN 978-608-4631-12-5